Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија" бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________

_______________
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 476-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 31.01.2024 година**

Седницата се одржа на ден: 31.01.2024 година со почеток во 10,00 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, претседател;
- **Ханиф Зендели**, заменик претседател;
- **Сашко Георгиев**, член;
- **Мери Радевска**, член;
- **м-р Антоанета Димовска,** член;
- **Лорета Горгиева**, член;
- **м-р Ивица Николовски**, член;
- **Мирсад Суроји**, член;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член;
- **м-р Селим Адеми**, член;
- **Павлина Црвенковска**, член;
- **м-р Тања Чачарова -Илиевска**, член.

Отсутни членови:

- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд, уредно известена (непосредно пред одржување на седницата по емаил доставила известување дека поради претходно закажани службени обврски нема да биде во можност да присуствува на денешната седница)
- **Кренар Лога**, министер за правда, уредно известен

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секретар;
- **Јулијана Георгиевска**, државен советник
- **Александра Шоптрајанова,** помлад соработник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира присуство на јавноста.

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот **Весна Дамева**.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по предложениот Дневниот ред.

За збор се јави членот на Советот **м-р Селим Адеми** кој од точката 14. Претставки и поплаки од Дневниот ред ја повлекува претставката под УПП бр.08-21/23 затоа што треба да биде претставка под УПП бр. 08-21/24, па од причини што подносителот на претставката нема да биде запознаен дека неговата претставка ќе биде предмет на разгледување на денешната седница, по истата да се расправа на наредна седница.

За збор се јави членот на Советот **Мирсад Суроји** кој предложи проширување на точка 7. од Дневниот ред покрај одлука за избор на судии поротници на Основен суд Охрид да се дополни со избор на судии поротници на Апелациониот суд Гостивар.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** која наведе дека под точката 17. Разно ќе изложи кога ќе се расправа за оваа точка од дневниот ред .

Претседателот на Советот, **Весна Дамева** откако констатира дека друг не се јави за збор, Дневниот ред со предлог измени и дополнувања на истиот го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ е усвоен следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на:
   - Записник од 465-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана на 23.11.2023 година;
   - Записник од 469-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана на 26.12.2023 година;
   - Записник од 471-та итна седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана на 03.01.2024 година;
   - Записник од 472-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана на 11.01.2024 година и
   - Записник од 474-та итна седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана на 18.01.2024 година

2. Усвојување на План за јавни набавки на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2024 година
3. Постапување по известување од Комисија на известители по поднесено барање за повторување на постапката по повод конечна пресуда на Европскиот суд за човекови права
4. Постапување по одлука на Управен суд
5. Донесување на одлука за престанок на судиска функција поради избор на друга функција
6. Донесување на одлука за престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија
7. Донесување на одлука за избор на судии поротници во Основен суд Охрид и во Апелациониот суд Гостивар
8. Донесување на одлука за престанок на функција на судија поротник на Основен суд Гевгелија
9. Одлучување за патни трошоци на член на Советот
10. Формирање на Комисија за утврдување на ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно за 2024 година
11. Разгледување и усвојување извештај со конечна ранг листа на кандидати за избор на 1 (еден ) судија на Апелационен суд Гостивар, за кривична област
12. Разгледување и одлучување по жалби на ранг листи за избор на 2 судии на Апелационен суд Штип, 1 (еден) за кривична и 1 (еден ) за граѓанска област
13. Разгледување на барање за времено упатување на судии во Апелациониот суд Штип
14. Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:
    УПП бр.08-329/23, 401/23, 2/24, 376/23,12/24
    УПП бр.08-344/23, 6/24, 31/24

УПП бр.08-301/23, 307/23, 320/23, 337/23,348/23, 357/23, 368/23, 373/23, 384/23, 397/23
УПП бр.08-375/23, 386/23, 395/23, 408/23
УПП бр.08-229/23
УПП бр.08-306/23, 396/23, 11/24
УПП бр.08-377/23, 390/23, 402/23, 410/23, 21/23
УПП бр.08- 318/23, 370/23, 381/23, 29/24
УПП бр. 08-277/23,331/23,392/23,403/23,4/24
УПП бр.08-383/23
УПП бр.08-335/23, 378/23,387/23,398/23

15. Постапување по Известување од Комисија на известители по поднесено Барање за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд
16. Формирање на Комисија по поднесени барања за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд; и
17. Разно.

**Точка 1**
**Усвојување на: Записник од 465-та седница; Записник од 469-та седница; Записник од 471-та седница; Записник од 472-та седница и Записник од 474-та седница**

Претседателот на Советот, **Весна Дамева** отвори расправа по Записникот од 465-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана на 23.11.2023 година .

За збор се јави член на Советот м**-р Тања Чачарова-Илиевска** со забелешки дека во записникот има технички грешки и изменета е целосно суштината на изнесените наводи од нејзина страна и тоа на страна 9 под точката 2. од Дневниот ред каде стои ЗУС треба да стои ЗОУП. Понатаму на страна 13 под точка 3. од Дневниот ред каде реферира за известувањето за утврдена фактичка состојба, не се дадени наводите кои се изнесени на седницата од нејзина страна , туку целосно е извештајот ставен и се губи од контекст тоа што е кажано. Наведе дека целиот извештај не бил реферирн туку таа зборувала за првиот услов навременост односно ненавременост на барањето и одлуката на Комисијата по однос на ова прашање, па од овие причини бара да се преработи записникот во овој дел.

Претседателот на Советот, **Весна Дамева** упати до генералниот секретар забелешки со укажување за навремено изготвување на записниците и во нив да се пренесе онака како е дискутирано на седница од страна на членовите на Советот . Во донос на овој записник има забелешки на страна 21 каде е наведено дека членовите на Советот Весна Дамева и Селим Адеми се изземени од постапување со решение на Советот претходно донесено , не е нотирано дека ја напуштиле салата, и на страна 23 да се евидентира дека членот на Советот Весна Дамева е повторно присутна во салата која претходно ја напуштила по однос на точката за која е изземена.

За збор се јави членот на Советот, **Павлина Црвенковска** која наведе дека во материјалите стои дека во прилог на овој записник е листинг за гласање, а тој листинг е нејасен како е гласањето . Со оглед да Советот има донесено заклучок на седница за тоа дека составен дел на записникот е листинг за секоја точка кој како гласал а овде има само еден листинг за гласање од кој неможе да се види за кој записник и за која одлука се однесува

гласањето. Од оваа причини наведе дека го задржува правото да не гласа за овој записник бидејќи во листингот не може да се види кој како гласал.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека листинзите се од сите записници извадени во посебен фолдер, но во иднина листингот за секој записник да биде прикачен кон истиот записник како доказен материјал, и да биде составен дел исто како и тонскиот запис. Дилема е околу тоа дали листинзите навремено се вадат после завршувањето на секоја седница, па го задолжи генералниот секретар да го испита случајот од технички аспект и да прибави известување од информатичарот како да се надмине овој проблем и доколку нема техничка можност за тоа , писмено да извести.

За збор се јави членот на Советот м-р **Селим Адеми** кој согласно на законските одредби укажа дека Советот усвојува записник, а не листинг кој само треба да биде составен дел на записникот , како и тонскиот запис . Тоа на што посебно треба да се внимава е член 15 од Деловникот на Судски совет каде записник од седница каде е исклучена јавноста или дел од седница каде е исклучен јавноста не е јавно достапен.

За збор се јави членот на Советот **м-р Ивица Николовски** кој смета дека листинзите треба да дадат јасна слика која одлука како е изгласана на седница и кој стои зад таа одлука со својот глас за или против. Гласањето е јавно и електронско, но од истото неможе да се види кој како гласал, па со усвојување на записникот смета дека треба да има листинг за да се увери дека како гласал така е заведен и запишан неговиот глас.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** која предложи по завршување на седниците заради усвојување на записниците да им биде даден тонскиот запис .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека по однос на тонските записи нема ограничување, и уште од страна на претходниот претседател на Советот било точка на разгледување и тонските записи се достапни во секој момент, за што е задолжен генералниот секретар и после завршување на секоја седница на усб стик може истите да бидат земени.

За збор се јави членот на Советот м-р **Миљазим Мустафа** и по однос на дискусијата наведе дека Советот има законска обврска да ги усвојува записниците а не листинзите и сега нема пречка да се гласа за овој записник од причини што постапено по заклучокот на Советот , ги има листинзите во материјалите, а во иднина може технички да истиот проблем се надмине.

За збор се јави членот на Советот Сашко Георгиев кој смета дека поцелисходно е после секој одлука да има листинг од гласањето, но дали е тоа информатички и технички изводливо останува обврска на генералниот секретар.

За збор се јави заменик претседателот **Ханиф Зендели** и за него од листингот во материјалите јасно се гледа за кој записник и за која одлука како е гласано .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** предложи овој записник да се стави на усвојување а доколку нема техника можност по однос на барањето од членот на Советот Павлина Црвенковска да се извади листинг за која точка конкретно кој како гласал, генералниот секретар писмено да го извести членот на Советот по однос на барањето кое известување ќе биде верификувано од претседателот на Советот.

Откако се констатира дека никој друг не се јави за збор претседателот на Советот **Весна Дамева** записникот го стави на гласање. По гласањето се

констатира дека едногласно со 12 гласа „За“ е усвоен записникот од 465-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана на 23.11.2023 година со забелешките кон истиот.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по Записник од 469-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана на 26.12.2023 година.

За збор се јави член на Советот **м-р Тања Чачарова -Илиевска** со забелешка дека овој записник има многу нејасностии во однос на нејзините наводи. Наведе дека во нејзиното излагање внимава на правната терминологија и истата треба да биде внесена така на записник, како за пример на страна 6 од записникот под точка 2 кога дискутира за одлука на Управен суд во ред трети каде вика да се води сметка за упатствата на Управниот суд, а Управниот суд не дава упатства туку напатствија и ова е од суштинско значење. Наведе дека во записникот има мешање на времиња и по однос на родови и многу технички грешки и дали како таков да биде ставен на веб страната. Понатаму на страна 21 каде по однос на претставката УПП бр. 08-339/23 е наведено дека за се јавила за дискусија и дека Не се согласува дека претставката е неоснована , кога веќе кажала дека не се согласува со предлогот на известителот дала образлагање зошто не се согласува а ова дадено образложение не е наведено во записникот.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека овој записник долго време се изготвувал и има пропусти, но ќе го гласа со оглед да е постар записник. Во однос на истиот има конкретни забелешки и тоа на страна 16 каде е наведено дека Весна Дамева барала изземање, но не е наведено каква одлука донел Советот дали е изземана или не е изземена и тоа да се внесе во овој записник.

За збор се јави член на Советот **м-р Антоанета Димовска** која има забелешки на записниците во однос на тоа како се пренесуваат дискусиите од седница на записник, а во однос на извештаите смета истите треба целосно да бидат внесени на записник.

За збор се јави член на Советот м-р **Селим Адеми** и наведе дека ќе гласа за овој записник затоа што е јасна суштината во делот на крајните одлуки. Според него овој проблем со записниците е отпочнат кога по распоред се менуваат советниците на седница и записници па побара Советот да го почитува членот 15 од Деловникот каде записникот го води генералниот секретар или лице кое ќе го определи Советот па ако генералниот секретар е зафатен со обврски треба Советот на наредна седница да определи едно лице кое ќе ги води записниците .

За збор се јави член на Советот **Мери Радевска** која укажа дека кога ќе се објавува записникот да се внимава на јавното објавување на имињата на судиите и членовите на комисиите.

Откако се констатира дека никој друг не се јави за збор претседателот на Советот **Весна Дамева** записникот го стави на гласање. По гласањето се констатира дека со 11 гласа „За“ записникот од 469-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана на 26.12.2023 година е усвоен со забелешките кон истиот.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по записникот од 471-та итна седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана на 03.01.2024 година.

Откако констатира дека никој не се јави за збор претседателот на Советот **Весна Дамева** записникот го стави на гласање. По гласањето се констатира дека со 10 гласа „За“ е усвоен записникот од 471-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана на 03.01.2024 година, за кој не гласаа членовите на Советот Лорета Горгиева и Миљазим Мустафа од причина што истите не биле присутни на оваа седница.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по записникот од 472-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана на 11.01.2024 година

Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека на оваа седница не бил присутен членот на Советот Мери Радевска и истата нема да гласа за негово усвојување. Во однос на записникот укажа дека на страна 21 каде наместо “но може да има влијание“ треба да стои “но неможе да има влијание,“ бидејќи ќе се смета дека потврдува дека членовите имаат влијание и ќе гласа за овој записник до моментот додека била присутна до 13,30 часот

Откако констатира дека никој друг не се јави за збор претседателот на Советот **Весна Дамева** записникот го стави на гласање. По гласањето се констатира дека со 11 гласа „За“ е усвоен записникот од 472-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана на 11.01.2024 година со забелашката кон истиот.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** премина на записникот од 474-та итна седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана на 18.01.2024 година.

Откако констатира дека на оваа седница не биле присутни членовите на Советот Лорета Горгиева и Селим Адеми и истите нема да гласаат за негово усвојување, записникот го стави на гласање. По гласањето се констатира дека со 10 гласа „За“ е усвоен записникот од 474 -та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана на 18.01.2024 година.

## Точка 2
## Усвојување на План за јавни набавки на Судскиот совет на РСМ за 2024 година

Претседателот на Советот **Весна Дамева** по однос точка 2 од Дневниот ред наведе дека согласно член 75 став 3 од Законот за јавните набавки, Годишниот план за јавни набавки се носи кон крајот на месец јануари секоја година и во истиот се предвидени набавки кои се однесуваат на редовното работење на Советот согласно обезбедените средства. Набавките се наведени според проценета вредност, вид на набавка и месец на започнување на постапката и во Годишниот план се наведени и групните јавни набавки . Договорите од набавките се склучуваат за период од 12 месеци освен за мобилна телефонија за кој договорот се склучува за период од 24 месеци . Во овој Годишен план при негово изготвување не се внесени оние средства кои се неопходно потребни за транспарентност на Судскиот совет, а тоа е за обезбедување услуги за снимање на седниците кое до денес е на

доброволна основа, бидејќи не бил склучен договор. Наведе дека по изготвување на овој годишен план изнајден е начин во дел да се покријат барем првите 3 до 6 месеци и бидејќи буџетот е скратен, не постои можност за поголема вредност од 200.000,000 денари со ддв која е наменета за снимање на седниците на Судскиот совет. Наведе дека јавноста треба да знае дека Судскиот совет нема материјални средства, човечки ресурси ниту технички услови. Од овие причини предлага проширување на Годишниот план во износ од 200.000,000 денари со ддв кои ќе се однесуваат за потреба од снимање на седниците на Судскиот совет односно продолжување на транспарентност на Судскиот совет.

За збор се јави членот на Советот **м-р Тања Чачарова -Илиевска** со прашање во однос на точка 3.Хигиенски средства за тоа дали предвидената сума се однесува само на средства или општо за одржување на хигиена. Ова затоа што Советот има потреба од одржување на хигиена на прозорите кое неможе да го прават хигиеничарките во Советот, па тоа треба да го прави фирма и преку јавна набавка, и доколку тоа не е ставено во планот како потреба нема да има јавна набавка од ваков вид, а се јавува како нужна потреба на Советот .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека ова се средства од проекција и анализи направени од службата во Судски буџетски совет и во тој дел да се провери дали може во оваа сума да влезат тие потреби или дали може да се прошири сумата , а секако да се има предвид дека во текот на годината може да се врши и пренамена на истите.

За збор се јави членот на Советот **м-р Миљазим Мустафа** со забелешка по однос на тоа дека во овој Годишен план нема ставка за преведувачки услуги . Ова во смисла на тоа дека минатата година Советот имал ангажирано надворешна компанија која нуди преведувачки услуги со сума до милион денари, а за оваа година тоа го нема, и смета дека треба да стои како ставка од Годишниот план, а како е информиран од службите досега не биле потрошени средства од оваа ставка, но добро е за потребите на Судскиот совет да има на располагање фирма која ги нуди преведувачките услуги.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** по однос на ова наведе дека по поставено прашање го добил и одговорот кога како наведе биле определени милион денари но ништо не било потрошено, што значи планот и проекцијата за наредната година кога се дава буџетот бидејќи тие пари не биле реализирани Министерство за финансии чувствувало потреба дека тие не се ни потребни . Советот има вработено преведувач смета дека е неопходна потребата и од ваква фирма, но да се види дали има можност и средства да се предвиди и оваа ставка во планот.

За збор се јави членот на Советот **м-р Селим Адеми** кој укажа на тоа дека овие средства се потребни во смисла на примената на Законот за употреба на јазиците ,за која примена имаше и инспекциски надзор и беше укажано на пропустите на Советот во оваа смисла. Во однос на тоа зашто не се потрошени средствата минатата година треба да се сноси одговорност и зашто не биле доставени актите и материјалите на превод. Наведе дека членовите на Судскиот совет од редот на другата заедница заради функционирање на Судскиот совет зборуваат на македонски јазик но тоа незначи дека нема да дојде денот кога ќе се бара да почне да функционира системот за двојазичност и превод. Ова е ситуација во период од 7 години

наназад како само се зборува дека ќе почне да функционира системот, но до денес ништо од тоа, па затоа смета дека Судскиот буџетски совет мора да изнајде начин за оваа ставка и да направи корекции на потребни средства за превод ако не милион денари барем нека биде пола милион денари . Во однос на предложениот годишен план наведе дека денес ќе го гласа но Судски буџетски совет да ја разгледа наведената можност и на некоја наредна седница да се информира Советот дали може да бидат обезбедат овие средства.

Претседателот на Советот, **Весна Дамева** изрази благодарност до колегите кои заради неблокада на Судскиот совет се обидуваат да зборуваат на македонски јазик а имаат право да зборуваат на албански јазик. Во однос на контролите за примена на јазикот наведе дека во дел се превземени активности и за ова не треба да се обвинува ниту Судски буџетски совет ниту Судскиот совет бидејќи Министерството за финансии е тој што дава согласност за вработувања, па зашто тогаш не би се размислувало да се бараат дополнителни вработувања на преведувачи , а не да шетаат документите по разни агенции и фирми за преведување бидејќи така е поскапа услугата. Бидејќи систематизацијата не предвидува друг преведувач а кој преведувач освен покани и нешто интервентно , друго не преведува, наведе дека во наредниот период со Судски буџетски совет да се разгледа можноста за промена на планот за пренамена на овие средства, а сега предложениот Годишен план е за редовното работење на Советот и тоа е согласно одобрените 0,29% од бдп. Го задолжи генералниот секретар дел од оваа дискусија да биде доставена до Судскиот буџетски совет.

Откако никој друг не се јави за збор претседателот на Советот **Весна Дамева** предложениот Годишниот план за јавни набавки за 2024година со забелешката го стави на гласање. По гласањето се констатира дека едногласно со 12 гласа „За“ е усвоен Годишниот план за јавни набавки на Судскиот совет на РСМ за 2024 година.

**Точка 3**

**Постапување по известување од Комисија на известители по поднесено барање за повторување на постапката по повод конечна пресуда на Европскиот суд за човекови права**

Претседателот на Советот **Весна Дамева** по однос на оваа точка од дневниот ред наведе дека во врска со доставено известување од Комисија на известите по поднесено барање за повторување на постапка по повод конечна пресуда на Европскиот суд за човекови права му даде збор на известителот Ханиф Зендели.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** со укажување дека погрешно е известувањето затоа што по однос на одлуката на Европскиот суд за човекови права Судскиот совет има одлучувано и веќе има претходна одлука, а конкретното известување на Комисијата е по одлуката на Вишиот управен суд. Наведе дека оваа забелешката е од суштински карактер, а не од техничка природа .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** ја прифати оваа забелешка, иако не се согласува бидејќи барањето од подносителот е за повторување на постапка по повод конечна пресуда на Евроскиот суд за човекови права ,

односно се разгледува известување на Комисијата по поднесено барање за повторување на постапка од Славчо Тасев судија на Апелационен суд Штип во пензија .

Известителот **Ханиф Зендели** наведе дека по ова прашање Судскиот совет веќе одлучил на 30.05.2021 година кога и донел одлука. Од подносителот побарано е повторување на постапка по распишан оглас на Судски совет објавен во Службен весник на РМ бр.178/18 од 24.09.2018 година за избор на член на Судски совет од редот на судиите од апелационото подрачје Штип, а врз основа на пресуда на Европскиот суд за човекови права бр. 9825 /13 од 16.05.2019 година со која пресуда е утврдено дека му е повредено правото на приватност загарантирано во член 8 од ЕКЧП.

Процедурално за збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** за тоа дека има забелешка во пресудата на Вишиот управен суд во однос на изземање на членот на Советот Лорета Горгиева и смета дека пред отпочнување на расправата по извештајот, Судскиот совет треба да одлучува дали треба да биде изземена. Наведе дека ова е една од процедуралните грешки нотирани во пресудата на Вишиот управен суд и по што отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** која наведе дека е пропуштено да се нотирано дека денес е присутен подносителот на барањето Славчо Тасев судија во пензија како заинтересирано лице. Сметала дека треба после излагање на претседателот на Комисијата да се јави и да даде свои забелешки, но не да се впушта во аргументирање на известувањето и предлогот на Комисијата бидејќи во постапувањето оваа Комисија направила битни повреди на постапката. Сите материјали за овој предмет како и останатите членови на Советот ги има примено на известување за одлучување по конкретната точка на дневниот ред. Меѓутоа тоа што смета е дека Комисијата направила повреда во работењето е дека Лорета Горгиева како избран член на Судскиот совет по конкретниот оглас кој колегата го оспорува има статус на заинтересирано лице согласно ЗОУП врз основа на кои и се донесени конкретните одлуки на Управниот суд и Вишиот управен суд . Конкретно согласно членот 19 од ЗОУП странки во постапката се тужител,тужен и заинтересирано лице. Во членот 23 став 1 од ЗОУП стои заинтересирано лице е секое физичко или правно лице на кое поништувањето, укинувањето или изменувањето на оспорениот акт или дејствие му штети на некое негово право, а во став 4 стои заинтересираното лице во управен спор има положба на странка. Од тука смета дека треба да се произнесе после излагање на претседателот на Комисијата, но бидејќи сега се бара предвреме да се произнесе во делот на барањето за изземање, во оваа фаза и сега, бидејќи како заинтересирано лице со оглед на фактот да Комисијата утврдила во известувањето дека барањето е навремено, целосно и дозволено, смета дека требало да се направи обид на начин не само што колегата пензиониран судија телефонски бил побаран и обезбеден во просториите на Советот да дојде и даде своја изјава , требало кога Комисијата утврдила дека барањето сега во оваа повторена постапка е дозволено, да прекине и да ја извести неа како заинтересирано лице да биде вклучена како странка во постапката. Понатаму на страна 11 од одлуката на Виш управен суд УПРЖ -7/23 од 27.10.2023 година по однос на која постапувала Комисијата а не по пресудата од Стразбург ,а која на 14.11.2023 година утрото е доставена во Судскиот совет и веднаш во 9,30 часот ставена во материјали за колегиум, а во текот на

денот и објавена на фејсбук статусот на министерот за правда, како единствен дел каде овој суд вели дека наводите на подносителот се основани се упатува на тоа дека не била изземена со формално изготвено решение кое не било доставено до тужителот и истиот не бил запознаен со одлуката на Советот. Имено точно е тоа дека била изземена од одлучување по поднесеното барање од Славчо Тасев од 17.12.2020 година под бр. 03-1361/1 за повторување на постапка по распишан оглас за избор на член на Судски совет од редот на судиите од апелационен суд Штип од општата листа објавен во Сл .весник на РМ бр. 178/18. На крајот на барањето на страна 3 стои барам членот на Советот Лорета Горгиева да биде изземен од одлучување затоа што како заинтересирана ќе биде пристрасна , па од тука неспорно е дека и самиот подносител зборува дека таа има својство на заинтересирано лице. Понатаму постапувајќи по ова барање , не по повод барањето на колегата туку дека Законот за Судски совет бара да се прознесат членовите за нивно изземање, па така и таа лично барала да биде изземена од постапување бидејќи сметала дека не е во ред да учествува во постапка во која се одлучува за противкандидат на кој избор таа била избрана, и за да нема забуна појаснува дека не по барање на колегата туку лично по нејзино известување, а за ова Комисијата можела да го прибави и записникот и тонската снимка за да знае што точно се случувало. Наведе дека на предметниот оглас ниту таа ниту колегата биле единствени кандидати. На општата листа за избор на член на Судски совет од редот на македонците биле пријавени 6 кандидати од кои Комисијата при Советот од причините заради кои се водат овие постапки утврдувајќи дека колегата неможе да се јави на предметната листа бидејќи е евидентиран како националност бугарин во Судскиот изборен именик и не му е дадено понатаму да учествува во изборот , но 5 колеги останале кандидати за избор. Дека овој избор е легитимен се докажува со гласање од 61 судија во тој момент активни судии од апелационо подрачје Штип кои гласале за конкретниот избор и од кои со убедливо водство е изгласана Лорета Горгиева за член на Советот . Понатаму смета дека треба да се прекине со излагањето и да и биде даден простор не да биде изземена туку како на заинтересирано лице и бидат доставени материјалите за да писмено се произнесе, не како член на Судски совет, туку како заинтересирано лице. Ова од причини што уште на колегиумот за кој побарала да и се даде и записник од дискусиите на кој јасно биле изнесени гледишта без да се впуштиме понатаму дека веднаш да постапката мора да биде повторена, да биде поништен огласот и да се објави нов оглас за избор на член на Судски совет од апелационо подрачје Штип , а тоа значи засегање во правата на член на Судски совет избран на легитимни избори и дека е се ускратува правото да и се даде својство на заинтересирано лице. Од овие причини барала да биде изземана од постапување во Комисијата сега претседател на Советот Весна Дамева бидејќи јасно и недвосмислено уште пред да се одлучува го изразила својот став дека постапката треба да се повтори иако Советот сметал дека нема основи да се бара изземање, а кое мислење го делела и членот на Советот Антоанета Димовска која по пат на ждрепка на местото на Гордана Спиреска е сега член во Комисијата . Двете колешки уште во моментот на претходна фаза изразиле мислење дека постапката треба да се повтори а дискусијата одела доттаму што на прашање од сега претседателката Дамева-Дали тоа значи дека ако и се прекине мандатот дека ќе има право врз основа на овој предмет да се јави повторно како член на Судски совет на наредниот избор врз основа на

прекинат мандат, по што дискусија завршила со заклучок повторно на Дамева дека ќе има право да се јави но дека ќе и биде отфрлена кандидатурата за член на Судски совет на овој повторен оглас. Видно од извештајот на Комисијата каде на страна 9 стои дека барањето е основано смета дека во оваа фаза треба да се прекине со понатамошно одлучување и да и се даде статус на заинтересирано лице. Видно од материјалите и извадот од регистар на судии со датум 13.12.2023година како и целта на одлуката на Стразбург која не се однесува на нејзиниот избор тука на изборот од 2012 година на колешката Мирјанка Гоцевска која исто така ќе оди во пензија како судија на Апелациониот суд Штип, стои дека Славчо Тасев роден во Босилевград по националност бугарин со состојба 13.12.2023 година и по пензионирање на судијата такво нешто не е спроведено и стои национална припадност бугарин. Понатаму наведе дека кое право освен паричен надомест за кое подоцна би се одлучувало би го имал подносителот со поништување на огласот. Од тука смета дека нема основ за повторување и дека овој извештај по одлуката на Виш управен суд затоа што и е ускратено право да се одложи излагањето и да и се даде рок како на заинтересирано лице писмено да се произнесе по сите наводи од овој предмет.

Процедурално за збор се јави заменик претседател на Советот **Ханиф Зендели** кој наведе дека одлуката на ЕСЧП се однесува на изборот од 2012 година , а не се однесува на 2018 година за да членот на Советот Лорета Горгиева бара статус на заинтересирано лице .

Процедурално за збор се јави членот на Советот **м-р Тања Чачарова-Илиевска** која во однос на оваа точка побара од членовите да се направи јасна дистинкција што е точка на дневен ред денес, а тоа е известување на Комисијата по однос на исполнетост на трите услови од формален аспект од член 73 став 6 од Законот за Судски совет, дали барањето за повторување на постапка од 2018 година е навремено, целосно и дозволено. При составување на извештајот Комисијата дава образложение раководејќи се од напатствијата во одлуката на Виш управен суд УПРЖ бр. 7/23, а не станува збор за расправање за основаност на барањето. Согласно став 8 од член 73 од законот тоа е работа на Врховниот суд а не на Судскиот совет и затоа да се направи дистинкција и да не се впуша Советот во расправање за основаност на барањето.

За реплика се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** која се согласи со известителот дека има простор да го каже мислењето по предметното известување кое е контрадикторно и од кое како Комисија која постапувала по истото направила некој микс на претходно барање, нема симбиоза на доказите и не се согласува да се направи дистинкција, дека не се одлучува за основаност, ако и самиот факт дека се постапува по барање по кое Советот претходно веќе донел одлука а денес би било таквото барање во кое главен доказ е доказ за претходниот избор од 2012 година и во кој колегата има поднесено ново барање до Стразбур за нејзининиот избор во 2018 година по кое судот сеуште се нема произнесено, значи нема одлука за изборот од 2018 година , смета дека самиот факт што сега се утврдува дозволеност на барањето и дека треба да биде доставено на Врховен суд , а во материјалите има дека до Врховен суд и било испратено од каде е вратено по претходното одлучување дека е функционално ненадлежен да постапува по овој предмет. Каква и одлука да донесе Советот и дека треба да биде иземена побара да биде ставено на гласање, но прво има предлог да добие статус на

заинтересирано лице затоа што од понудените докази и барањето не упатува на тоа дека има место да се одлучува за повторување на постапката. Според неа овој предлог за повторување на постапката по оваа одлука е беспредметен, се работи за колега кој повеќе нема статус на судија , па дури и да се донесе одлука со која се уважува барањето, се поништи одлуката за избор и се распише нов оглас за избор на член на Советот, колегата неможе да се јави на истиот оглас затоа што е пензионира и затоа што сеуште во Судскиот изборен именик стои дека е по националност бугарин. Побара да се гласа по нејзиниот предлог, да го слушне размислувањето на колегите, а постапувањето по овој предмет ќе биде на уште еден тест законитото и правилно постапување на Судскиот совет .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** во овој момент лично како член на Советот а не како претседател со наводите на членот на Советот Лорета Горгиева да се размисли како ќе гласаат, лично го смета како влијание и кои дејствија натаму ќе се превземат, дека тука се дискутира за мериторна одлука на Советот и истакнати наводи што некој кажал на колегиум се паушални наводи бидејќи Советот одлуките ги носи на седници и дека со вакавите наводи се врши индиректно влијание на членовите на комисијата во однос на изготвување на извештајот .

За реплика се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** која не се согласува дека изнела навреди , паушани наводи и дека се впуштила во мериторно одлучување во дел на процедура како понатаму , но сето ова го излага за да покаже и докаже од кои причини има својство на заинтересирано лице.

За збор се јави членот на Советот **м-р Антоанета Димовска** која наведе дека како прво треба да се гласа процедурално дали да биде изземена колешката Лорета Горгиева, како второ да се слушне извештајот на Комисијата до крај и како трето да потоа од извештајот ќе се види и од каде сега колешката треба да биде заинтересирано лице кога воопшто тие не одлучуваат за тоа, а таа лично смета дека колешката Лорета Горгиева нема својство на заинтересирано лице. Во однос на повиканиот Славчо Тасев наведе дека е повикан во Советот согласно одлуката на Вишиот управен суд каде е наведено на страна 10 од истата дека органот бил должен да го повикан тужителот за да ги образложи своите наводи од причини што истакнал такво барање односно органот бил должен да образложи од кои причини не се произнел по ваквото барање, па колегата Славчо Тасев е повикан телефонски за да се изјасни кога може да дојде во Советот. Во однос на самото повторување на постапката смета дека треба да се сослуша извештајот и по истиот Советот ќе одлучува ,па доколку смета дека оваа Комисија погрешно го толкувала законот, донела погрешни заклучоци тоа треба да се дискутира, но прво да се одлучува за тоа дали колешката Лорета Горгиева треба да биде изземена, а потоа да се сослуша извештајот .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека во одлуката на Вишиот управен суд се нотирани повреди при првото одлучување и една од тие повреди е токму тоа да се повика подносителот за да го образложи барањето и тоа е сторено, а на денешната седница тој воопшто не е поканет и затоа не е нотиран , истиот присутен е како јавност. Втората повреда констатирана од Вишиот управен суд е по однос на изземањето и третата повреда е по однос на Деловникот за работа на Советот каде со измените на истиот во меѓувреме е надмината таа состојба. Сега се враќа состојбата во

фаза на одлучување пред Советот по поднесено барање од Славчо Тасев за повторување на постапката по распишан оглас објавен во Сл. весник на РМ бр.178/18 за избор на член на Судски совет од редот на судиите на апелационото подрачје Штип . Во ова барање на последната страна е истакнато “ барам членот на Советот Лорета Горгиева при одлучување по моето барање да биде изземена бидејќи сметам ако учествува повеќе е јасно дека како заинтересирана ќе биде присутна.“ Ова е процедурално прашање за кое Советот мора да донесе одлука бидејќи во барањето на подносителот е содржано истото, а нотирано и во одлуката на Вишиот управен суд.

За збор се јави членот на Советот **м-р Тања Чачарова- Илиевска** која наведе дека по однос на наводите дека Советот одлучувал за изземање на колешката Лорета Горгиева а кое барање го дал подносителот значи повредата според пресудата на Виш Управен суд е сторена не во однос на тоа дали правилно или неправилно одлучил Советот за изземање односно повредата е сторена во тоа што Советот не донел формално решение кога ја изземал Лорета Горгиева, и во оваа фаза Советот треба да одлучува дали да биде изземена. Во однос на наводите на членот на Советот Лорета Горгиева дека е заинтересирана страна истото го мисли па дури тоа и самиот подносител го кажува како учесник во изборниот процес во 2018 година и како член на Судскиот совет избран тогаш , таа е заинтересирано лице , има право да се вклучи во постапката и не гледа причини за изземање по однос на нејзино гласање кога ќе стане збор за основаноста а за тоа треба да одлучува Врховниот суд кога ќе биде испратен предметот согласно ставот 8 од членот 73 од законот, па затоа во оваа фаза не гледа причини да се одлучува за нејзино изземањето.

Со реплика на излагањето на членот на Советот **м-р Антоанета Димовска** се јави членот на Советот Лорета Горгиева кое излагање го смета за еден вид оправдување од кои причини е телефонски повикан колегата , кој патем нема статус на судија ниту може понатаму во било каква фаза на одлучување во постапката да може да се јави во постапката и доколку барањето е уважено да може да се јави на некој нареден оглас кој ќе биде распишан по уважено негово барање. Образлагањето на тоа зашто телефонски е повикан, во кое својство е повикан и читајќи го извешатајот смета дека индиректно дадено е оправдување за незаконитоста во дејствувањето и повикувањето на пензиониран судија да се произнесе за повторување на постапката за која понатаму нема право да се одлучува, затоа што смета дека барањето е беспредметно. Смета дека нема право да биде изземена согласно на предлогот и повикувањето туку само на сопствено барање согласно на одредбите од Законот за Судскиот совет, и нема да бара да биде изземена, но бара и се даде статус на заинтересирано лице и да се произнесе по сите наводи.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** дека во оваа систуација после 3 година кога советот одлучувал и кога сега треба конечно да одлучи што со ова барање, изминат е долг период и во оваа фаза а затоа што знаела колешката Лорета Горгиева и претходно можела да бара да и се признае својство на заинтересирано лице, но за тоа ќе одлучува Советот иако како наведе според неа е мошне задоцнето.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** даде пауза во траење од 15 минути.

По завршување на паузата се продолжи со точката 3 од Дневниот ред .

Членот на Советот **Лорета Горгиева** наведе дека пред паузата се завршила расправата со барање за реплика од нејзина страна на излагањето на претседателот на Советот, па побара збор за реплика.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека по однос на дискусиите исклучително ќе се придржува на членот 12 став 8 од Деловникот за работа на Советот.

За збор се јави членот на Советот **м-р Ивица Николовски** кој по точката 3 од дневниот ред наведе дека сите се запознаени со одлуката од редовно постапување на Вишиот управен суд. Според него одлуката е јасна, и со неа тужбата на подносителот се уважува а решението на Судскиот совет се поништува и предметот се враќа на повторно постапување. По оваа одлука од страна на Судскиот совет постапено е преку Комисијата која одлучувајќи по барањето денес се произнесува со извештај дека поднесено барање е целосно, навремено и дозволено. Наведе дека ако има согласност дека одлуката и известувањето се во ред, а тој нема забелешки по однос на констатираното од Комисијата, во овој момент дали ставот и произнесувањето на Комисијата е издржан или не, дали имаат забелешки дали поднесено барање не е навремено не е целосно или не е дозволено, но не да се одлучува мериторно . Согласно одредбите од законот по истото одлучува Врховниот суд, а Советот има обврска да го достави предметот на негово понатамошно одлучување.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** му даде збор на заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели како известител и претседател на Комисијата да продолжи со изглагање на извештајот на Комисијата.

Известителот **Ханиф Зендели** наведе дека до Судски совет од Славчо Тасев судија на Апелационен суд Штип согласно член 73 став 1 од Законот за Судски совет поднел барање за повторување на постапката по повод конечна пресуда на ЕСЧП под бр.03-1961/1 од 17.12.2020 година со кое бара повторување на постапка по распишан оглас за избор на член на Судски совет од 2018 година објавен во Сл.весник на РМ бр.178/18 од 24.09.2018година, а врз основа на пресуда на Европски суд за човекови права .Исто така наведува дека со пресудата му е утврдено дека му е повредено право на приватност загарантирано во член 8 од ЕКЧП односно правото на национално изразување, така што му е ускратено правото да национално се определи како македонец и дека неосновано му е одбиено барањето во Судскиот изборен именик во рубриката- национална припадност наместо “бугарин“ да му се пише “македонец“ на кој начин идентично како во месец декември 2012 година, по втор пат и во месец декември 2018 година од страна на Судски совет неосновано му била одбиена кандидатурата за член на Советот .Смета дека со тоа му било ускратено правото како кандидат да учествува на објавениот оглас за избор на член на Советот. Понатаму предлага да се постапи по пресудата на ЕСЧП да се отстрани повредата и штетните последици од повредата, барањето да се уважи и да се дозволи повторување на постапката , да се објави оглас за избор на член на Советот од редот на судиите на апелационо подрачје Штип, а Судски изборен именик во рубриката национална приппадност да се направи бараната исправка и наместо бугарин да се пише македонец . Во прилог на барањето е доставена пресудата на ЕСЧП бр.9825/13.

Постапувајќи по барањето Судски освет формира Комисија на известители со одлука од 15.03.2021 година во состав Ханиф Зендели како

претседател,  Гордана Спиреска тогаш како член на Советот  и Весна Дамева како членови на комисијата. Комисијата по барањето констатира дека е навремено и целосно  но дека истото е недозволено. Комисијата на известители  согласно член 73 став 7 од Законот за Судскиот совет  до Советот поднела известување за констатираната состојба со предлог за отфрлање на барањето за повторување на постапката како недозволено. Советот на седница одржана на 30.03.2021година го разгледа Известувањето по барањето на подносителот и постапувајќи по известувањето во смисла на член 73 став 7 од законот донел решение бр.03-315/6 од 02.04.2021 година со кое барањето за повторување на постапка по повод конечна пресуда на ЕСЧП го отфрла како недозволено и по кое подносителот на барањето на ден 21.04.2021 година поднел жалба до Советот за одлучување по жалби при Врховниот суд на РМ. Врховниот суд со решение УССЖИ бр.3/21  од 28.02.2022 година жалбата на подносителот ја отстапил на надлежност на Управниот суд .Управниот суд списите на предметот ги примил на ден 30.03.2022 година  по што бил оформил предмет УРП бр. 79/22 и по тужбата донел пресуда на 21.09.2022 година со која тужбата на тужителот Славчо Тасев ја одбил како неоснована. По изјавена жалба од Славчо Тасев до  Вишиот управен суд донесена е пресуда УРПЖ бр.7/23 од 27.10.2023 година со која Вишиот управен суд ја уважил жалбата, а пресудата на Управниот суд УРП бр. 79/22 ја преиначил на начин што тужбата на тужителот се уважува, а решението на Судскиот совет бр.03-315/6 од 02.04.2021година се поништува и предметот е вратен на повторно разгледување и одлучување на Судскиот совет на РСМ. Во пресудата се дадени напатствија при повторно постапување да се имаат предвид укажувањата дадени од Вишиот управен суд и укажувањата дадени во образложението на пресудата на ЕСЧП во однос на правото на секое лице да се самоопредели  по однос на националната припадност   и таквиот негов избор да не може да го доведува во неповолна ситуација  во остварување на неговите права.  По прием Советот фомрира Комисија  во состав Ханиф Зендели како претседател,  м-р Антоанета Димовска  и Весна Дамева како членови на комисијата , која предвид законските одредби и тоа член 73 став 1 од Законот за Судски совет каде е предвидено  дека кога ЕСЧП ќе утврди повреда на човеково право или основни права од ЕКЧП и дополнителните протоколи на конвенцијата  кои РСМ ги ратификувала во согласност со Уставот , во постапка пред Врховниот суд и Судскиот совет, судијата може во рок од 30 дена, а најдоцна 3 година од конечноста на пресудата на ЕСЧП да поднесе барање за  повторување на постапката.  По однос на дозволеноста Комисијата наоѓа дека на ден 21.09.2012 година  бил објавен оглас за избор на членови на Судкси совет на кој Славчо Тасев судија на Апелационен суд  Штип се пријавил и поднел писмена изјава дека е од македонска етничка припадност и дека неговата пријава е за избор на член во врска  со општата листа на судии во рамки на територијалната надлежност на апелациониот суд Штип.На објавениот оглас наведената припадност не била мегу условите за избор  на член . На ден 29.08.2012 година судија поднел барање до Министерство за правда заради промена на националната припадност во судскиот изборен именик каде наместо бугарин да се запише македонец. Судскиот изборен именик бил достапен на Апелационен суд Штип на 15.10.2012 година заради проверка и со оглед да во рубриката за национална припадност немало промена истиот датум судијата поднел ново барање за исправка на податоците. Министерство за правда со одлука од 18.10.2012 година го одбил

барањето со образложение дека истото било поднесено по објавување на огласот за избор на членови на Советот и дека промената била наменета да обезбеди постигнување на изборно право во врска со избор со што другите судии би се довеле во неповолна положба. Против ваквата одлука судијата поднел жалба до Управниот суд кој на 26.10.2012 година ја потврдил одлуката на Министерство за правда, а ваквата одлука била потврдена и од страна на Вишиот управен суд на ден 05.11.2012година . Во врска со извршување на одлуката на ЕСЧП Комисијата ги имаше во предвид и известувањето од Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП бр.03-315/ од 12.02.2021 година според кое комитетот на министри донеле финална резолуција со која е затворен надзорот врз извршување на пресудата Тасев против РСМ бр. 9825/13. Имајќи предвид дека од аспект на констатирната повреда од страна на ЕСЧП во случачјот најсоодветна мерка бо била повторување на постапката, Бирото ги известило Комитетот на министри во делот на индивидуалните мерки . Мегуресорската Комисија з а извршување на одлуките на ЕСЧП во рамки на законските надлежности одржала седница на 26.09.20219година на која согласно записникот произлегува дека е истакнат предлог да од аспект на правна извесност и доследно извршување на пресудата на ЕСЧП решението да се побара во евентуален подзаконски акт кој би го доуредил прашањето на линија на ставовите на ЕСЧП. Во рамки на извршување на одлуката на ЕСЧП, Судксиот совет на седница на 09.07.2020година извршил измена и дополнување на Деловникот за работа на Судскиот совет на начин што е додаден нов член 7 –а со кој с е уредува начинот на исправки и измени во евиденцијата на судии во регистарот на судии и Судскиот изборен именик , кој е во сила од 09.07.20202година и објавен во Сл.весник на РСМ бр.186/20 од 16.07.2020 година. И покрај измената до денес судијата Славчо Тасев нема поднесено барање за измена по однос на рубриката национална припадност . Имено видно од евиднецијата на Судскиот совет судијата Славчо Тасев своите права поврзани со избор на судија и член на Судски совет ги остварувал како припадник на бугарска националност. По однос на барањето на судијата до Министерството за правда за промена на националната припадност истото било одбиено со решение по кое судијата поднел тужба до управниот суд кој со пресуда УРП 821/12 од 26.10.2012година со која тужбата е одбиена како неоснована. Комисијата од увид во евиденција односно електронскиот систем на Судскиот совет во регистарот на судии за судијата Славчо Тасев во рубриката национална припадност констатира дека и во моментот стои бугарин. Согласно член 2 од Законот з а извршување на одлуките на ЕСЧП е предвидено дека извршувањето на одлуките на судот се обезбедува со исплата на досудени средства на жалителите како правична отштета и усвојување и превземање на поедничени и општи мерки заради отстарнаување на повредата и последиците кои настанале од истата како и на причините што довеле до поднесување на жалби пред судот и сосодветно спречување исти или слични повреди. Во конкретниот случај Комисијата смета дека барањето е дозволено од причини што при оцена на дозволеност на барањето не се земени предвид насоките на ЕСЧП во делот на утврдена повреда на правото на приватен живот по член 8 од ЕКЧП дадено во конретната пресуда бр.9825 /13 од 16.05.2019 година односно не е земена превид индивидулната мерка за извршување на пресудата на ЕСЧП во која е констатирана повреда на ЕКЧП. Како резултат на одбивање на министертвото за правда и домашните судови да дозволат исправка на податоците во судскиот изборен именик на

националната припадност од бугарин во македонец на подносителот на барањето со повторување на постапка . При првото постапување Судскиот совет постапил со измени на Деловникот за работа на начин што се донесени измени на Деловникот за работа на Судскиот совет со додавање нов член 7-а со кој се уредува начинот на исправка и измени на судскиот изборен именик , но не ги земал предвид индивидуалните права на подносителот да се самоопредели по национална припадност и не ја земал во предвид околноста неговиот избор за национална припадност да го доведува во неповолна ситуација во остварување на неговите права односно не ги имал предвид индивидуалните мерки утврдени со пресудата на ЕСЧП. Во таа насока на 03.01.2023 година подносителот на барањето е повикан во просториите на Судскиот совет , кој пред Комисијата на известители изјавил дека останува на барањето за повторување на постапка со дополнување со оглед на околноста дека е пензиониран судија и неможе да учествува во постапка за избор на член на Судски совет , барањето за повторување на постапка ќе го надополни на следниот начин: Заради отстранување на штетните последици од постапката по распишан оглас за избор на член на Судски освет објавен во Сл.весник на РМ бр.178/18 од 24.09.2018година која за него е историска неправда и истиот се чувствува како жртва на истата , бара да му се определи правичен надомест со кој смета дека иако не целосно , но ќе биде задоволена правдата, а како основ за определување на истиот да послужи пресудата на ЕСЧП . Предвид вака утврденото Комисијата согласно член 73 став 8 од Законот за Судскиот совет предлогот го доставува до Судскиот совет на натамошно постапување.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека сега Советот треба да констатира дали се прифаќа или не ова известување од Комисијата , а согласно член 73 став 8 од законот Советот не одлучува мериторно по извештајот на комисијата кој пак се доставува на натамошно постапување на Советот кој во рок три дена го доставува до Врховниот суд, но предвид да има предлог барањето на членот на Советот Лорета да и се признае својство на заинтересирано лице во оваа фаза, како и барањето на подносителот да истата биде изземена од одлучувањето, смета дека треба прво да се гласа по барањето на подносителот за изземање на член на Советот кое е недозволено и да се донесе формална одлука, затоа што барањето за изземање останува само како обврска на членот на Советот.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** која наведе дека во првата постапка членот на Советот Лорета Горгиева сама барала изземање , и ако членот на Советот треба да бара сам изземање што ќе се прави ако истиот е заинтересирана страна согласно член 25 од ЗОУП. Согласно Законот за Судскиот совет кој е lex specialis нема ситуација на заинтересирано лице, но ако се земе ЗОУП кој има одредби за изземањето тогаш треба тие да се применат. Смета дека Советот неможе само така да одлучи дека барањето на подносителот е неосновано кога сега дознаваат дека член на Советот има интерес на странка во постапката и што со претходната одлука кога еднаш била изземена а сега се вели дека нема основ за изземање, па затоа предлага да се расправа за овие прашања, а во однос на извештајот наведе дека Советот не одлучува туку само да се препрати до Советот за жалби при Врховниот суд .

Членот на Советот **Лорета Горгиева** изјави дека тоа што е неспорно дека истата како член на Судскиот совет од почеток на постапувањето по ова барање за повторување не учествувала затоа што лично барала да не

учествува и биде изземена согласно Законот за Судскиот совет kако lex specialis. Во однос на тоа зошто во оваа фаза на постапката како реплика на излагањето на претседателот на Советот зашто после три години има интерес и бара формална одлука за статус на заинтересирано лице наведе дека затоа што во првата фаза на постапката не учествува, а сега прв момент кога смета дека треба да се јави како заинтересирано лице е моментот кога го примила како член на Судски совет известувањето на Комисијата кога барањето на колегата кој нема статус на судија , нема национална припадноста во именикот, кој нема барање за одлучување по одлуката на ЕСЧП за изборот од 2018 година, но барањето за повторување на постапка се однесува за изборот извршен во 2012 година по кое е од страна на Судскиот совет целосно постапено , по што е донесена измена на Деловникот со додавање на нов член 7-а која измена е објавена во Службен весник и од тие причини, а посебно имајќи го предвид иницијалниот акт кој е барање за повторување врз основа на одлуката на ЕСЧП за изборот од 2012 година а не се однесува на нејзиниот избор, меѓутоа во барањето се повикува на постапката за изборот од 2018 година . Што значи оваа одлука која се однесува на изборот на член на Советот во 2012 година сега повторно ќе ја употребува во делот на ова барање за повторување на постапка по распишан оглас и избор на член на Советот во 2018 година. Смета дека доколку несе стави на гласање нејзиниот предлог Судскиот совет ќе направи кршење на правата и тоа еднаквост на оружјата на постапката како едно од елементарните права на кои посебно внимава и ЕСЧП., и тоа на правото на одбрана и правото на еднаквост на оружјата се внимава како на повреди од апсолутен карактер . Читајќи го извештајот во кој Комисијата го повикува колегата пензиониран судија да се произнесе на кој оглас се однесува барањето , дали тоа е за огласот од 2018 година, каде тој потврдува ,а во однос на интенцијата да се распише нов оглас со оглед да нејзиниот мандат завршува за 10 месеци, се поставува прашањето што со сите дејствија кои ги превземала како член на Судски совет за времетраење на мандатот од 5 години и 2 месеци, ако изборот бил незаконит. Оттука предлага да прекине со расправата и Советот да се произнесе по барањето да се направи прекин, овој извештај да се врати назад на дообработка и да и се дозволи како на заинтересирано лице да се произнесе по сите наводи. За ова бара Советот да донесе формално решение за да може согласно ЗОУП да го побива ако не е задоволна од одлуката . Во однос на одлуката на Виш управен суд како постапувањето на Советот по претставки, може да биде предмет на разгледување и основаноста на пресудата на Вишиот управен суд .

Членот на Советот **м-р Антоанета Димовска** во однос на барањето да се здобие со својство на заинтересирано лице наведе дека може да се добие пред Управниот суд во управна постапка согласно на член 23 од ЗУС, а не во оваа постапка. Од тука некому да му се даде својство на заинтересирано лице може само во постапка по управен спор. Членот на Советот Лорета Горгиева доколку сметала дека има својство на заинтересирано лице можела да го бара во постапката пред Управниот суд. Овој извештај не го решава барањето на судијата , ниту Советот одлучува, но зошто е барањето дозволено наведе дека од причини што оваа постапка не почнала сега туку е отпочната уште во 2012 година, а извештајот да биде доставен до Врховниот суд.

Членот на Советот **Лорета Горгиева** наведе дека не се впуштила во расправа по известување туку дека била повикана во однос на изземањето, па образложила од кои причини бара својство на заинтересирано лице и

тогаш барањето за изземање е беспредметно, и штом е заинтересирано лице се подразбира дека нема да учествува како член на Советот. Повторно наведе дека бара да се донесе формално решение по однос на нејзиното барање да добие статус на заинтерсирано лице а ова согласност еднаквоста на оружјата и слобода за изразување. Согласно одлуката на судот дека Судксиот совет направил пропуст кога не изготвил формално решение по првото изземање, бара да се стави на гласање прво барањето за статус на заинтересирано лице и се изготви формално решение.

За збор се јави членот на Советот **м-р Тања Чачарова-Илиевска** која во однос на барањето на членот на Советот Лорета Горгиева да и се утврди статус на заинтересирано лице во постапката по барањето за повторување на постапка од 2018година смета дека во Законот за Судски совет има недостаок во тоа дека не не обврзува по кој процесен закон ќе се одлучува. Од тие причини смета дека кога нема такви законски одредби а во случајот има конкретно барање Советот прво треба да одлучи по тоа барање за стекнување статус на заинтересирано лице за да се знае понатаму дали ќе има право да учествува во расправање и одлучување на Советот . Наведе дека во оваа фаза Советот не одлучува, за основаноста на барањето, туку само се произнесува за констатирано од страна на Комисијата во однос на навременост, целосност и дозволеност на барањето и ако Советот го констатира истото, предметното барање треба да се достави до Врховниот суд на натамошно постапување.

Членот на Советот **м-р Ивица Николовски** изјави дека е беспредметно да се одлучува сега по било какво барање, кога Законот за Судски совет нема одредби кои упатуваат на примена на друг процесен закон и овој Закон за Судски совет не третира статус на заинтересирано лице кој статус се добива во постапка, а Советот сега тука не води постапка, па таа можност ја има во текот на постапка пред органот кој ја води таа постапка.

Членот на Советот **м-р Антоанета Димовска** предложи барањето на членот на Советот Лорета Горгиева за стекнување статус на заинтересирано лице да се стави на гласање.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** смета дека предлогот на членот на Советот Лорета Горгиева во оваа фаза нема законски основ и е преурането но да не се створи сомнеж за пристрасност од било кој член , го стави на гласање предлогот на членот на Советот Лорета Горгиева да и се признае својство на заинтересирано лице согласно член 23 од ЗОУП и да се донесе одлука со која ќе се прекине постапката .

По гласањето се констатира дека согласно член 38 став 8 од Законот за Судскиот совет со 4 гласа “За“ и 8 гласа “Против“ не е донесена одлука со која на членот на Советот Лорета Горгиева во оваа фаза на постапката и се признава својство на заинтересирано лице и не е донесена одлука за прекин на постапката.

Членот на Советот **Лорета Горгиева** наведе дека со оглед на фактот да не и е прифатено барање , сега во овој момент бара изземање, ќе ја напушти седница и нема учествува се до завршување на постапката .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** го стави на гласање предлогот на членот на Советот Лорета Горгиева за нејзино изземање во оваа фаза на постапката.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека членот на Советот Лорета Горгиева ја напушти салата за седници.

По гласањето се констатира дека со 11 гласа “За“ е усвоен предлогот со кој барањето на членот на Советот Лорета Горгиева да биде изземена од постапување по барањето е усвоен.

Понатаму претседателот на Советот **Весна Дамева** по однос на изложениот Извештај од Комисијата на известители предложи да се донесе заклучок со кој се задолжува Советот најдоцна во рок од 3 дена да го достави на натамошно постапување предметот до Советот за одлучување по жалби при Врховниот суд согласно член 73 став 8 од Законот за Судскиот совет.

По гласање се констатира дека со 9 гласа “За“ и 2 гласа “Против“ се донесе заклучок со кој се задолжува Советот предметот најдоцна во рок од 3 дена да го достави на надлежно постапување до Советот за одлучување по жалби при Врховниот суд.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** даде пауза во траење од 15 минути, со продолжување во 14,30 часот.

По завршување на паузата се премина на точка 4 од Дневниот ред

**Точка 4**
**Постапување по одлука на Управен суд**

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека постапувајќи по тужбата на тужителот Зоран Теофиловски, Управниот суд донел пресуда со која тужбата на тужителот е усвоена, а решението на Судскиот совет со кое е ставено вон сила решението со кое му е продолжен мандатот на судијата и му е утврден престанок на судиската функција поради исполнување услови за старосна пензија, се поништува.Од страна на Судскиот совет се донесени решенија со кои се ставаат вон сила решенија со кои им е продолжен мандатот на судиите и тоа сметано од 01.07.2022 година и на судиите заклучно со 30.06.2022 година им престанува судската функција поради исполнување на услови за старосна пензија согласно член 2 од Законот з а изменување и дополнување на ЗРО . Ставот на Управниот суд е дека е повреден законот на штета на тужителот и дека оспореното решение е незаконито.

За збор се јави членот на Советот **м-р Антоанета Димовска** која наведе дека останува на ставот дека се работи за стекнато право и дека мандатот на судијата требал да му престане на 26.04.2023година до кога му бил продолжен мандатот, а на да се прекине на 30.06.2022година.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** која останува на ставот дека уште при првото одлучување не требал Советот да носи одлука со која им се прекинува мандатот на судиската функција на 30.06.2022 година затоа што пред да стапи во сила законот, била донесена одлуката на Советот за продолжување на мандатот на судија согласно важечкиот закон во тоа време, а уште повеќе што овој судија бил и член на Судскиот совет и во тоа време му мирувала судиската функција.

За збор се јави членот на Советот **м-р Тања Чачарова- Илиевска** која наведе дека за ова прашање е дискутирано и на 472 -та седница на Советот каде го искажала нејзиниот став дека овде не станува збор за стекнати права во кои Советот задира со констатирање на престанок на судиската функција согласно измените на Законот за работни односи, бидејќи стекнати права неможе да се добијат врз основа на незаконско решение. Во случајов решението бр.02-690/ од 15.06.2021 година е незаконско затоа што со истото му се дозволува продолжен мандат за повеќе од 1 година согласно важечките

закони и од тие причини смета дека треба да му престане мандатот на судија во моментот кога ги исполнил условите за старосна пензија, а по ова решение како и укажува Управниот суд да се постапи согласно одредбите од глава 14 од ЗОУП, бидејќи ова решение е ништовно.

За збор се јави членот на Советот **м-р Ивица Николовски** кој наведе дека судијата Теофиловски поднел барање во тековната 2021година до 31 август за продолжување на мандатот во наредната година и неговото право е легално стекнато право а неговиот мандат истекувал на 26.04.2023година. Неговиот мандат на судија завршува со 64 години старост на 26.04.2022 година и имал право, а таквото право го искористил до 31 август во тековната 2021година кога поднел барање за продолжување на мандатот која претходи на годината во која ги исполнува условите, а тоа е на 26.04.2022 година. Советот постапувајќи по неговото барање и тогашниот закон со право му го продолжил до 26.04.2023 година , на тој начин стекнатото право е согласно закон стекнато право пред да стапат во сила измените на Законот за работни односи . Според него единствено да е направи направи исправка во решението на Советот не до периодот до 30.06.2022 година туку до периодот на стекнато право до 26.04.2023 година .

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** кој е на ставот на членот на Советот Тања Чачарова -Илиевска и тука не се навлегува во стекнати права туку согласно напатствијата на Управниот суд наместо решението да се стави вон сила , решението да се поништи.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека предвид да претходно со мнозинство Советот има донесено одлуки со кои се констатира престанок на судиска функција заклучно со 30.06.2022 година и решението да се огласи за ништовно го стави на гласање предлогот со кој решението на Судскиот совет бр. 02-690/2 од 15.06.2022 година се огласува за ништовно, на Зоран Теофиловски судија на Апелационен суд Гостивар му престанува судиската функција заклучно со 30.06.2022 година поради исполнување на услови за старосна пензија.

По гласањето се констатира дека со 6 гласа “За“ и 6 гласа “Против“ не се донесе решение со кое решението на Судскиот совет на РСМ бр. 02-690/2 од 15.06.2022 година се огласува за ништовно, и на Зоран Теофиловски судија на Апелационен суд Гостивар не му престанува судиската функција заклучно со 30 .06.2022 година.

Со оглед да предлогот не го доби потребното мнозинство гласови се отвори расправа по однос на тоа каква одлука треба Советот да донесе .По расправата се одлучи оваа точка од Дневниот ред да се одложи за наредна седница.

По исцрпување на оваа точка од дневниот ред се премина кон точката 5. од дневниот ред

**Точка 5**

**Донесување на одлука за престанок на судиска функција поради избор на друга функција**

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека по поднесено барање за мирување на судиска функција од судија Софија Спасова Медарска сметано од 08.02.2024 година поради донесена одлука на Собранието на РСМ за избор на член на ДКСК, Советот на седница одржана на 11.01.2024 година

расправаше и донесе одлука со која ова барање го одби како неосновано . Од страна на судијата дополнително е доставено барање во кое практично дава свое видување за дискусијата на членовите и донесената одлука како и свое толкување на законски одредби, иако во таа фаза немала право оваа точка од дневен ред на претходната седница е одложена и ставена на дневен ред на денешната седница, за да се одлучи за престанок на судиската функција поради избор на друга функција.

Претседателот на Советот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** кој со оглед на тоа дека Советот донел одлука за одбивање на барањето за мирување ,а сега на дневен ред е да се донесе одлука за престанок, а во врска со доставеното известување од судијата постави прашање дали Советот ја изготвил одлуката за одбивање на барањето за мирување, дали е доставена до судија и дали има доказ дека ја примила одлуката.Ова го прашува од причина што од нејзиниот навод стои дека доколку е донесена одлука со која и е одбиено барањето дека има право на правен лек и се додека таа одлука не стане правосилна нема да и се прекине судиската функција. Од тука му се јавува дилемата дали да се чека на исходот од постапка пред суд доколку судија го искористи правото на тужба пред Управен суд по одлуката на Советот со која се одбива барањето за мирување.

За збор се јави членот на Советот **Павлина Црвенковска** во смисла на тоа дека барањето од судијата е од 16.01.2024 година со кое барање се оспорува одлуката која е донесена на седницата одржана на 11.01.2024 година за тоа дали и кога одлуката е доставена до судијата и дали има правна поука .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека одлуката е донесена на 11.01.2024година, на ден 17.01.2024 година одлуката е изготвена со правна поука дека против истата не е дозволена жалба, но може да се поведе управен спор.

За збор се јави член на Советот м-р **Селим Адеми** која наведе дека при одлучување по барањето за мирување гласал за усвојување на барањето за мирување но со оглед да одлуката со која не се усвојува барањето Советот ја донесе со мнозинство , сега после таа одлука може само да се констатира престанок на судиската функција.

За збор се јави членот на Советот **м-рТања Чачарова -Илиевска** која наведе дека барањето Советот не го прифати согласно член 53 од Законот за судови каде е наведено во кој случај на судијата му мирува судиската функција. Понатаму согласно одредбите од Законот за Судиски освет и тоа во член 54 каде стои Советот со решение ке утврди престанок на судиска функција кога е исполнет некој од условите утврдени со уставот на начин определени со овој закон и тоа во точката 5 ако е избран или именуван на друга јавна функција освен во случаи на мирување утврдени со закон со денот на изборот или именувањето на друга јавна функција , како и согласно членот 59 од истиот закон каде стои дека со денот на изборот, односно именувањето. Судијата Софија Спасова Медарска е избрана за член на ДКСК во декември 2023 година, но започнува да ја извршува оваа функција на 08.02.2024 година и смета дека не е во ред со денот на изборот да и се утврди престанок со што би се направил вакум од месец и повеќе, па затоа смета дека престанокот

треба биде на 07.02.2024 година за да на 08.02.2024 година отпочне со новата функција.

За збор се јави членот на Советот **м-р Антоанета Димовска** и по однос на тоа како треба да се толкува член 52 став 2 од Законот за судовите а како е наведено во дописот од судијата Софија Спасова Медарска каде судијата објаснува зошто нејзиното членување во ДКСК е точно во согласност со судиската функција , смета дека Советот донел правилна одлука кога го одбил барањето согласно член 52 став 2 а во врска со член 53 од Законот за судовите и сега по донесената одлука треба само да се утврди престанок на судиската функција.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** по однос на престанокот имајжи го предвид член 59 од Законот за Судскиот совет каде органот кој го избрал односно именувал судијата на јавна функција е должен на Советот веднаш да му го достави актот за именување односно избор ,и член 54 став 1 алинеја 5 од законот каде се утврдува престанок на судиска функција со денот на изборот или именување и со оглед на тоа дека до сега нема такво известување од органот до Советот, смета дека на на ден 07.02.2024 година поради избор на член на ДКСК со одлука на Собранието на РСМ бр. 08-6670/1 од 22.12 2023 година треба да и престане судиската функција и овој предлог го стави на гласање.

По гласањето со констатира дека со 7 гласа “За“ и 5 гласа “Против“ се донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на Софија Спасова Медарска, судија на Основен граѓански суд Скопје на 07.02.2024 година, поради избор за член на Државната Комисија за спречување на корупцијата со Одлука на Собрание на Република Северна Македонија бр.08-6670/1 од 22.12.2023 година.

## Точка 6
## Донесување на Одлука за престанок на судиска функција поради исполнување услови за старосна пензија

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека согласно евиденцијата на Судскиот совет на РСМ, Мери Радевска судија на Основен суд Битола избрана за член на Судскиот совет на која судиската функција и е во мирување, на ден 19.01.2024 година наполнила 64 година. Со оглед да судијата е член на Судскиот совет отвори расправа по оваа точка од дневниот ред во однос на тоа каква одлука Советот да донесе.

Процедурално збор побара членот на Советот **Мери Радевска** која наведе дека нема да учествува во дискусијата и одлучување по оваа точка , но смета дека оваа точка не требала да биде на дневен ред од причиниа што како судија е избрана за член на Судскиот совет со непосредно гласање од страна на судиите од апелационото подрачје Битола. Бидејќи судиската функција и мирува согласно член 53 од Законот за судови и согласно одлуката на Советот смета дека таа функција и мирува за време додека ја врши должноста за која е избрана, смета дека таа судиска функција која мирува неможе да биде прекината со одлука на Судскиот совет во овој момент, уште

повеќе што тоа мирување значи непрекинато вршење на функцијата член на Советот.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека поради навршени 64 години старост има законска обврска да се стави како точка на дневен ред за дискусија.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека салата ја напуштија членовите на Советот Лорета Горгиева и Мирсад Суроји.

За збор се јави членот на Советот м-р **Антоанета Димовска** која има дилема по однос на ова прашање. Од една страна да се биде член на Судскиот совет треба да се биде судија, чија судиската функција престанува со навршени 64 години старост , но кога е избран за член на Советот му мирува судиската функција и правата од работен однос ги црпи од функцијата член на Судскиот совет.Од друга страна е прашањето за рамноправност на членовите на Советот кои се избрани од Собранието и кои ќе ја извршуваат оваа функцијата до истек на мандатот . Она што согласно членот 31 од Законот за Судскиот совет во однос на престанок на мандат на членот на Советот е дека нема одредба за престанок доколку се исполнети услови за старосна пензија. Отсуството на таква законска одредба, прекршување на начело на рамноправност и мирување на судиската функција од кои се црпат сите права остава простор за дилема, како и прашањето дека на судијата му престанува судиската функција со навршени 64 години што е за размислување дали да се констатира дека судијата наполнил 64 години старост и остварил право на пензија но до завршување на мандатот.

Се констатира дека во салата се повторно присутни членовите на Советот Лорета Горгиева и Мирсад Суроји.

За збор се јави членот на Советот **м-р Селим Адеми** кој кажа дека Судски совет има изграден став по ова прашање и со мнозинство донесе одлуки по истиот основ за престанок на мандатот на тројца членови на Советот.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** која наведе дека праксата на Советот и ставот е дека мандатот на член на Советот се црпи од судиската функција .

За збор се јави членот на Советот **Павлина Црвенковска** која наведе дека без оглед што мирува судиската функција треба да се констатира престанок на судиската функција и на членот на Судскиот совет, затоа што мандатот на членовите на Советот од редот на судиите го црпат од судиската функција и Судскиот совет веќе донесе одлука за тројца колеги членови на Советот кои се пензионирани по овој основ.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** која наведе дека прашањето било ставено на разгледување пред три месеци и повлечено за да се отвори ова прашање кога судијата ќе наполни 64 години, а сега смета дека не треба да се гласа туку само да се констатира дека исполнила услови за старосна пензија, а судиите мандатот како член на Советот го црпат од судиската функција .

За збор се јави членот на Советот **м-р Тања Чачарова-Илиевска** и наведе дека нејзиниот став по ова прашање е веќе познат, дека не само што Законот упатува на тоа дека на суидјата му престанува судиската функција со исполнување на услови за старосна пензија, туку и Уставот на РСМ во член 104 став 4 би го нарушиле тогаш бидејќи зборува за составот на Судскиот совет и дека 8 членови на Судскиот совет ги избираат судиите од своите

редови. Дали со тоа што ќе му престане судиската функција на судијата поради исполнување на услови за старосна пензија судијата веќе е од редот на судиите, значи не е не само за избор туку и за продолжување на судиската функција. Во однос на членовите на Советот кои се избрани од Собрание немисли дека има нерамноправност со носење на такви одлуки бидејќи за членовите на Советот од редот на судиите одлучува Советот за престанок на судиската функција, но нема мандат да одлучува за престанок на функцијата на членовите на Советот избрани од Собранието . Смета дека со престанок на судиската функција престанува и мандатот на член на Советот затоа што со тоа би се нарушил составот на Судскиот совет согласно Уставот и Законот за Судскиот совет.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** се произнесе за тоа дека ставот по ова прашање не и е променет уште од првата 407-та седница на Советот од 01.07.2022година а ниту на последната 460-та седница од 18.10. 2023 година и нема дилеми за тоа дали кога мирува судиската функција дали може да с е констатира престанок, но ставот з а престанок на мандат на член на Советот останува непроменет затоа што согласно член 36 од Законот за Судксиот совет нема надлежност за постапување по ова прашање, а во член 31 од истиот закон се такстативно наброени причините за престанок на мандат, па доколку гласа за престанок на мандатот на член на судијата Мери Радевска смета дека ќе го прекрши законот.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** која смета дека со тоа што ќе се дозволи пензиониран судија да остане да ја врши функцијата член на Советот ќе се стори повреда на законот, затоа што мандатот на член на Советот неможе да се раздвои од судискиот мандат.

Откако никој друг не се јави за збор претседателот на Советот **Весна Дамева** го стави на гласање предлогот да се донесе одлука за престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија со 31.01.2024година.По гласањето се констатира дека едногласно со 11 гласа “За“ се донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на Мери Радевска, судија на Основен суд Битола на 31.01.2024 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** предложи да се донесе одлука со која на Мери Радевска и престанува мандатот на член на Советот поради престанок на судиската функција.

По гласањето се констатира дека со 10 гласа “За“ и 1 глас “Против“ се донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

На Мери Радевска**,** член на Судскиот совет на Република Северна Македонија и престанува мандатот на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија, поради престанок на судиската функција, заклучно со 31.01.2024 година.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** на барање на членовите на Советот констатира дека 476 -та седница се прекинува во 16,30 часот и истата ќе продолжи наредниот ден во 9,30 часот.

**Продолжението на 476-та седница се одржа на ден 01.02.2024 година, петок во 09,30 часот во салата за седници.**

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, претседател;
- **Ханиф Зендели**, заменик претседател;
- **м-р Антоанета Димовска**, член;
- **Лорета Горгиева, член;**
- **м-р Ивица Николовски**, член;
- **Мирсад Суроји**, член;
- **Сашко Георгиев**, член;
- **м-р Селим Адеми**, член;
- **Павлина Црвенковска,** член и
- **м-р Тања Чачарова-Илиевска**, член.

Отсутни членови:

- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд на Република Северна Македонија, уредно поканета (има доставено известување дека поради службени обврски не е во можност да присуствува)
- **Кренар Лога**, министер за правда, уредно поканет
- **м-р Миљазим Мустафа**, член на Судски совет на РСМ – отсутен поради користење на годишен одмор;

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева-**ВД генерален секретар
- **Емилија Николиќ**, државен советник
- **Александра Шоптрајанова-**технички секретар

Седницата е отворена за јавноста и се констатира присуство на јавност-преставници на невладиниот сектор.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека продолжението на 476-та седница на Судскиот совет на РСМ ќе започне со разгледување и одлучување по 7-та точка од Дневниот ред – „Донесување на одлука за избор на судии поротници на Основен суд Охрид и на Апелационен суд Гостивар“

**Точка 7**
**Донесување на одлука за избор на судии поротници во Основен сду Охрид и Апелационен суд Гостивар**

По однос на 7-та точка од Дневниот ред **Претседателот на Советот Весна Дамева** наведе дека во оваа точка ќе се расправа за избор на судии поторници во Основен суд Охрид и Апелационен суд Гостивар за кој суд **членот на Советот Мирсад Суроји** барал проширување на дневниот ред.

Вопродолжение **претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека согласно чл. 36 ст.1 алинеа 4 Советот е надлежен да избира и разрешува судии поротници. Согласно чл. 44 од Законот за судовите судиите поротници ги избира и разрешува Судскиот совет на Република Северна Македониј под услови и во постапка предвидена со закон. Во чл. 53 од истиот закон е предвидено дека Советот избира и разрешува судии поротници по предлог на претседателот на надлежниот основен или апелационен суд.

Збор даде на **заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** во својство на координатор за следење на работата на Основен сду Охрид да го презентира извештајот за избор на судии поротници во Основен суд Охрид

**Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** истакна дека од страна на претседателот на Основен суд Охрид е доставен предлог за избор на судии поротници на Основен суд Охрид. Дополни дека согласно чл --- ст.2 од Законот за Судски совет на Република Северна Македониј членот на Советот кој е надлежен за следење на работата на тој суд врши проверка на законитоста, дополнувајќи дека согласно чл.7 ст.2 од Законот за измени и дополнување на законот за судови предлог листата за избор на судии поротници во Основен суд Охрид е следната: Марија Димитриевска Михаил Котоски, Ангела Крлевска, Маја Латковска, Јован Михајловски, Марија Мошова, Александра Серафимовска, Надица Спировска, Милена Стојановска, Билјана Трпоска, Горан Угриноски, Асиме Шемо и Ружди Шемо. **Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели** истакна предлог предложената предлог листа за избор на судии поротници на Основен суд Охрид доставена од претседателот на Основен суд Охрид да биде усвоена од страна на Советот и овие лица да бидат избрани за судии поротници во Основен суд Охрид.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа по предлогот за избор на судии поротници на Основен суд Охрид

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор предлогот за избор на судии поротници во Основен суд Охрид го стави на гласање

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ и ниту еден глас “Против“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

За судии поротници на Основен суд Охрид се избрани:

1.Марија Димитриевска
2.Михаил Котоски,
3.Ангела Крлевска,
4. Маја Латковска,
5. Јован Михајловски,
6.Марија Мошова,
7. Александра Серафимовска,
8. Надица Спировска,
9. Милена Стојановска,
10. Билјана Трпоска
10. Горан Угриноски,
11. Шемо Асиме и
12. Шемо Ружди

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека во продолжение ќе се презентира предлогот за избор на судии поротници на Апелационен суд Гостивар.

**Збор даде на членот на Советот Мирсад Суроји** во својство на координатор за следење на работата на Апелационен суд Гостивар да го презентира извештајот за избор на судии поротници во Апелационен суд Гостивар

**Членот на Советот Мирсад Суроји**истакна дека од страна на Апелационен суд Гостивар бил објавен оглас бр.2/23 од декември 2023 година за избор на 20 судии поротници. Со допис СУ.бр.74/23 од 16.01.2023 година доставена е предлог листа од 10 кандидати за избор на судии поротници кои ги исполнуваат законските предвидени услови. Дополни дека како координатор за Апелационен суд Гостивар по разгледување на предлог листата на предложените кандидати констатирал дека пријавените кандидати ги исполнувсаат условите за избор на судии поротници во Апелационен суд Гостивар согласно чл.7 ст.2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за сусдовите со што е составена следната предлог листа на кандидати: Берна Емрулаи, Драган Матески, Мерита Ќерими, Весна Јаневска, Јадранка Симаноска, Дорис Матевска, Жаклина Игњатовска, Адријан Рамадани , Генц Садими и Билјана Филиповска.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа по предлогот за избор на судии поротници на Апелационен суд Гостивар.

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор предлогот за избор на судии поротници во Апелационен суд Гостивар го стави на гласање

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ и ниту еден глас “Против“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

За судии поротници на Апелационен суд Гостивар се избрани:

1. Берна Емрули,
2. Драган Матески,
3. Мерита Ќерими,
4. Весна Јаневска,
5. Јадранка Симјанока,
6. Дорис Матевска,
7. Жаклина Игњатовска,
8. Адријан Рамадани ,
9. Генц Садими и

10 Билјана Филиповска.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека е исцрпена 7-та точка од Дневниот ред и дека ќе сепремине на разгледување и одлучување по 8-та точка од Дневниот ред – „Донесување на одлука за прстанок на функцијата судија поротник на Основен суд Гевгелија“

**Точка 8**

**Донесување на одлука за прстанок на функцијата судија поротник на Основен суд Гевгелија**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека од страна на Основен суд Гевгелија е доставена предлог листа за разрешување на двајца судии поротници.

Збор даде на **членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** во својство на координатор за следење на работата на Основен судГевгелија да го презентира извештајот за престанок на функцијата судии поротници во Основен суд Гевгелија

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска**истакна декасогласно чл.24 ст.2 од Деловникот за работа на Судскиот совет на

Република Северна Македониј по увид во предлог листата за разрешување на судии поротници на Основен сду Гевгелија како координатор на овој суд извршила извиди по однос на наведените судии поротници и тоа: Гордана Поп Кочева и Драги Костадинов од Гевгелија. Од извршените извиди и тоа: увид во регистарот на судии поротници иодлуката за избор на судии поротници во Основен суд Гевгелија бр.02-8/3 од 04.02.2020 година констатирала дека мандатотот за кој се избрани овие судии врз основа на наведената одлука истекува на 30.01.2024 година од кои причини до Советот доставува извештај за престанок на функцијата на судиите поротници Гордана Поп Кочева и Драги Костадинов и двајцата од Основен суд Гевгелија.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека согласно со законските одредби за престанок на функцијата судија поротник поради истек на мандат не е предвидено одлучување и престанокот ќе оди со констатација

Во таа насока **Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека е донесена следната

**О Д Л У К А**

На Гордана Поп Кочева и Драги Костадинов судии поротници на Основен суд Гевгелија избрани со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-8/3 од 04.02.2020 година им престанува функцијата судија поротник поради истек на мандатот на 30.01.2024 година.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека е исцрпена 8-та точка од Дневниот ред и дека ќе сепремине на разгледување и одлучување по 9-та точка од Дневниот ред – „Одлучување за патни трошоци на член на Советот“

**Точка 9**
**Одлучување за патни трошоци на член на Советот**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека од страна на ч**ленот на Советот Лорета Горгиева** е доставено известување во кое енаведено дека заради променети околности, се додека истите постојат, сметано од 01.01.2024 година нема да користи патни трошоци за превоз за релација Струмица-Скопје и обратно. Дополни дека со решение на претседателот на Советот бр. 05-57/2 од 23.01.2019 година сметано од 10.01.2019 година како член на Советот на Лорета Горгиева и е признато правото на надоместок на трошоци за член кој живее во една а работи во друга општина во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно

средство од јавен сообраќај кое овозможува навремено пристигнувањена работа на релација Струмица –Скопје и обратно се додека ја извршува функцијата член на Советот. **Претседателот на Советот Весна Дамева бо** продолжение истакна дека со оглед дека постојат променети околности кои не се наведени, имајќи при тоа предвид дека патните трошоци за месец декември кога можеби не постоеле овие променети околности, а кои како претседател треба да ги потпише смета дека колешката Лорета Горгиева треба да каже од кога постојат овие променети околности. Дали тие постојат од 01.01.2024 годинас или наназад?

Збор даде на **членот на Советот Лорета Горгиева**

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека смета дека претседателот на Советот треба да постапи по известувањето кое го доставила, дополнувајќи дека кои се променетите околности е нејзина лична околност, а во оваа прилика само известила дека од 01.01. нема да патува секој ден. ....„ Ваше е како ќе одлучите, со оглед што денес е 01.02 “ ........

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека во овој момент сака да извести дека не и е познато кои се тие променети околности и дека неможе да ги потпише патните трошоци за месец декември од причини што кај неа постои сомнеж дека кога таа треба да потврди и да верификува со својот потпис исплаќање на патни трошоци не е убедена дека не постоеле тие променети околности. Дополни дека доколку колешката има живеалиште и престојувалиште тука за тоа се надлежни други институции.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева**отвори расправа по однос на ставање вон сила на решението за патни трошоци

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека се работи за известување со кое член на Судски совет бара од 01.01.2024 година да нема исплата на патни трошоци . Смета дека по ова барање Судскиот совет нема што да расправа бидејќи кога имаоткажување Советот само донесува одлука...... „Постои барање и Вие како претседател по автоматизам од 01.01. нема да исплаќате трошоци, а доколку има ново барање на пример за користење на стан или слично тогаш Советот ќе ги гледа документите од кога, како“....., Во овој случај кога има барање да не се исплаќаат патни трошоци истакна дека Судскиот совет неможе да расправа, а доколку има ново барање тогаш ќе одлучува. Истакна дека смета дека ова не е за Судски совет

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека барањето е за Судски совет од причини што Советот има донесено решение со кое

се признати патни трошоци кое решение мора да се стави вон сила, инаку како да не се исплааќаат трошоци. Смета дека донесеното решение неможе да остане во правна сила бидејќи веќе е овозможена исплата на трошоци и треба да се исплаќаат.  Во таа насока предложи да серазговара.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** истакна дека колешката Лорета Горгиева со решение има добиено патни трошоци, а сега бара да не ги добива. Во таа насока истакна дека не гледа пречка врз основа на барањето, решението за исплата на патни трошоци да се стави вон сила дополнувајќи дека се работи за лична одговорност.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека тоа е и нејзиниот предлог

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека предлага решението на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр 05-57/2 од 23.01.2019година со кое на Лорета Горгиева како член на Советот и е признато правото на надоместок на патни трошоци за превоз на член кој живее во една а работи во друга општина во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај кое овозможува навремено пристигнувањена работа на релација Струмица –Скопје и обратно сметано од 10.01.2019 година, па во иднина се додека ја извршува функцијата  член на Судскиот совет на Република Северна Македонијада се стави вон сила.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека решението неможе да се стави вон сила од причини што врз основа на тоа решение **членот на Советот Лорета Горгиева** досега земала патни трошоци

**Членот на Советот Лорета Горгиева**истакна дека смета дека барањето е многу чисто, во една реченица и со него известува дека од 01.01.2024 година во иднина додека постојат променетите околности нема да користи патни трошоци за секојдневно патување на релација Струмица-Скопје. Дополни дека нејзините лични причини не е должна да ги образложи и дека не бара права, туку само известува дека во иднина нема да користи права, а можеби ќе достави наредно барање за некое друго право.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека смета дека Судскиот совет треба да донесе решение согласно кое на **членот на Советот Лорета Горгиева** од 01.01.2024 година нема да  му се исплаќаат патни трошоци.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека со решението е признато право, кое право со барање на членот на Советот престанува, а во иднина можеби пак да се .....

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека само треба да се констатира дека од денешен ден и престанува правото по нејзино барање ,

Откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева** го изнесе следниот предлог:

Да се донесе решение со кое правото на патни трошоци на член на Советот кој живее во една а работи во друга општина во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај кое овозможува навремено пристигнувањена работа на релација Струмица –Скопје и обратно сметано од 10.01.2019 година па натаму се додека ја извршува функцијата член на Судскиот совет на РСМкое е утврдено со решението на Судскиот совет на РСМ, бр 05-57/2 од 23.01.2019година и е признато правото на членот на Судскиот совет на Република Северна Македонија Лорета Горгиева престанува заклучно со 31.12.2023 година

**Претседателот на Советот Весна Дамева**предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ и ниту еден глас “Против“ е донесена следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Правото на надомест на трошоци за превоз на членот на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Лорета Горгиева кој живее во една, а работи во друга општина, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување од работа, на релација Струмица-Скопје и обратно кое и е признато со решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.05-57/2 од 23.01.2019 година, ПРЕСТАНУВА заклучно со 31.12.2023 година.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека е исцрпена 9-та точка од Дневниот ред и дека ќе сепремине на разгледување и одлучување по 10-та точка од Дневниот ред – „Формирање на комисија за утврдување на ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно за 2024 година“

**Точка 10**

**Формирање на комисија за утврдување на ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно за 2024 година**

По однос на оваа точка од Дневниот ред **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека во чл. 36 ст.1 алинеа 19 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонијае предвидено дека Советот го утврдува ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно во судовите во Република Северна Македонија, а во врска со чл.85 ст.2 од истиот закон. Дополни дека Советот донесува одлука со која го утврдува ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно во судовите. Во таа насока **Претседателот на Советот Весна Дамева** предложи да се формира комисијата. Наведе дека за оваа точка не се доставени материјали, дополнувајќи дека формирањето на оваа комисија некогаш одело со ждребување, некогсш не, но дека смета дека најдобар начин е комисијата да сеформира со ждребување.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека комисијата не треба да се формира со ждребување, тукупредност треба да им се даде на членовите на Советот избрани од редот на судиите бидејќи се работи за норма и судиите се подобро упатени. Во таа насока истакна предлог еден од членовите на комисијата да биде од редот на судиите кои доаѓаат од основните судови и еден член на комисијата да биде од редот на членовите на Советот кои доаѓаат од апелационите судови од причини што смета дека тие подобро знаат колку треба да биде месечната норма на еден судија отколку тој што не е судија.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека сака да го изнесе совојот став по однос на ова прашање. Во таа насока истакна дека добро е позната структурата на членовите на Советот и дека неможе да помисли дека членовите кои доаѓаат од редот на истакнатите правници неможат да ја извршат оваа работа. Дополни дека во Советот тие членови кои не се судии решаваат за судбината на судии, гледаат судски предмети од кои причини смета дека сите членови се еднакви во обврските и одговорностите.Истакна дека **предлогот на членот на Советот м-р Селим Адеми** може да го прифати од практични причини, дополнувајќи дека доколку постои согласност ждребувањето ќе се изврши само од членовите на Советот судии, но сепак предложи да се ждребува од причини што смета дека е нависитина непријатно некои членови на Советот континуирано да бидат членови на оваа комисија.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека смета дека комисијата треба да се формира со ждребување при што двајца

членови  да бидат од членовите на Советот избрани од редот на судиите.

**Претседателот на Советот Весна Дамева п**обара да се пристапи кон ждребување

По спроведеното ждребување **Претседателот на СоветотВесна Дамева** констатира дека за членови на Комисијата се избрани Мирсад Суроји, Павлина Црвенковска и Ханиф Зендели .

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека по изборот на членовите на Комисијата по пат на ждрепка, ќе се пристапи кон избор на претседател на комисијата при што кон извлекување на ливчиња ќе пристапат само членовите на Советот кои се членови на комисијата.

По спроведеното извлекување ливчиња од страна на секој од членовите на комисијата, **Претседателот на Советот Весна Дамева,** констатира дека претседател на комисијата е **членот на Советот Мирсад Суроји** и дека е донесена следната

**О Д Л У К А**

Се формираКомисија за утврдување на ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно за 2024 година во основните судови, во апелационите судови во Врховниот суд на Република Северна Македонија, во Управниот суд и Вишиот управен суд во состав од:

- Мирсад Суроји – претседател на Комисијата;
- Павлина Црвенковска – член на Комисијата и
- Ханиф Зендели – член на Комисијата.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека е исцрпена 10-та точка од Дневниот ред и дека ќе сепремине на разгледување и одлучување по 11-та точка од Дневниот ред – „Разгледување и усвојување на Извештај со конечна ранг листа  на кандидати за избор на 1 (еден) судија на Апелационен суд Гостивар, за кривична област“.

**Точка 11**

**Разгледување и усвојување на Извештај со конечна ранг листа на кандидати за избор на 1 (еден) судија на Апелационен суд Гостивар, за кривична област**

По однос на оваа точка од Дневниот ред **Претседателот на Советот Весна Дамева** збор даде на **членот на Советот Лорета Горгиева** во својство на претсседател на комисијата која ја спровела постапката за избор на еден судија на Апелационен суд Гостивар.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека со оглед да предмет на одлучување е ранг листа за избор на еден судија на Апелационен суд Гостивар како и одлучување по жалби за избор на 1 судија во Апелационен суд Штип како претседател на комисијата најнапред сака да даде едно уводно излагање пред да пристапи кон излагање на ранг листата за избор на судија на Апелационен суд Гостивар и за приговорите за судии на Апелационен суд Штип. Во таа насока **членот на Советот Лорета Горгиева**истакна дека Судскиот совет согласно со Законот за судовите и Законот за Судскиот совет на РСМ на 24.04.2023 година објавил оглас во Службен весник бр.86/23 со кој се барало да се пријават кандидати за избор на еден судија на Апелационен суд Гостивар за кривична област, еден судија на Апелационен суд Штип за кривична област и еден судија на Апелационен суд Штип за граѓанска област. Согласно чл.10 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судии во повисок суд комисијата за рангирање на кандидатите избрана по пат на ждрепка во состав Лорета Горгиева претседател и Селим Адеми и Мирсад Суроји членови на комисијат одржала состаноци најнапредво делот на проверка на технички податоци, исправност на податоци и документи за понатамошно постапување по истата постапка при што го констатира следното: По однос на законскиот услов од чл.46 ст.1 т.3 од Законот за судовите кандидатот треба да ...... истакна дека во оваа прилика нема да ги излага претходните услови исполнети од страна на сите кандидати со оглед на фактот дека се поминати на претходната седница. Во продолжение **членот на Советот Лорета Горгиева**истакна дека по однос на чл.46 ст.1 т.3 од Законот за судовите кандидатот треба да биде оценет со позитивна оцена при што комисијата како крајни оцени ги зела оцените од редовното оценување на кандидатите за периодот 2019-2022 година кои се усвоени на 457-та седница на Судскиот совет одржана на ден 09.10.2023 година. Истакна дека ова го кажува иако во добар дел комисијата се потрудила се што може да сработи во делот на забрзување на постапката, но сепак до денес комисијата била условена да не може да ги изложи кандидатските листи и приговорите од причини што дури пред некој ден, на 25.01.2024 година од страна на комисијата за одлучување по приговорите биле известени дека сите кандидати пријавени по овој оглас, како за избор на судија на Апелационен суд Гостивар така и за избор на двајцата кандидати за судии на Апелационен суд Штип немаат поднесено приговори на редовните оцени за нивната работа што значело дека оценките се конечни врз основа на што може да се пристапи кон одлучување за наредната фаза за избор.**Членот на Советот Лорета Горгиева дополни дека к**омисијата согласно со

евиденцијата на Судскиот совет во делот на кандидатите кои имаат положено психолошки тест и тест на интегритет спровела и компјутерски тестови за конкретните кандидати, спровела психолошки тест конкретно за кандидатите за избор на судија на Апелационен суд Гостивар. По однос на кандидатот Ваиде Арслани судија на Основен суд Гостивар истакна дека  согласно со направените извиди и документите доставени во прилог од страна на кандидатот комисијата констатирала дека кандидатот добива 52,15 поени и тоа: за сертификат за познавање на јазик издаден со датум 29.09.2023 година кој сертификат е доставен дополнително по дополнителното барање од комисијата за достава на потребните податоци од 29.09.2023 година, компјутерски тест, работа во специјализиран судски оддел, учество во обука, редовно оценување за период 2019-2022 година, усно и писмено оценување врз основа на присуство на комисијата на расправа, увид во одлуки, мислење на претседателот на судот, дополнителна работа, решени предмети над 100, работа како ментор согласно потврдата на АСЈО и судиски стаж од пријавата по огласот.

По однос на кандидатот Емине Мурати претседателот на Комисијата **Лорета Горгиева** истакна дека обрасците на кои е видно секој поединечен бод кој го има добиено судијата од страна на комисијата дека се скенирани во материјали за седница .

По однос на кандидатот Емине Мурати судија на Основен суд Гостивар **членот на Советот Лорета Горгиева**истакна дека кандидатот добива 66,09 поени и тоа: за сертификат за познавање на јазик –англиски јазик Ц 2 ниво, компјутерски тест, работа во специјализиран судски оддел, учество во континуирана обука, редовно оценување за период 2019-2022 година, усно и писмено оценување врз основа на присуство на комисијата на расправа, увид во две одлуки по случаен избор, мислење на претседателот на судот, дополнителна работа, решени предмети над 100, работа како ментор согласно потврдата на АСЈО и судиски стаж од пријавата по огласот.Во продолжение **членот на Советот Лорета Горгиева**истакна дека третиот кандидат пријавен по огласот заизбор на судија на Апелационен суд Гостивар за кривична област е судијата Јетмир Хамзаи кој согласно бодувањето добива 53,02 поении тоа: за сертификат за познавање на англиски, германски и француски јазик ниво А 1, компјутерски тест, работа во специјализиран судски оддел, учество во континуирана обука, редовно оценување за период 2019-2022 година, усно и писмено оценување утврдено и бодувано врз основа на непосредно присуство на комисијата на судење и расправа, увид во одлуки по случаен избор, мислење на претседателот на судот, дополнителна работа, решени предмети над 100, работа како ментор согласно потврдата на АСЈО и судиски стаж од пријавата по огласот.

Во продолжение **членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека по однос на кандидатите за избор на еден судии на Апелационен суд Гостивар за кривична област треба да се пристапи кон утврдување на конечната ранг листа на кандидатитедополнувајќи дека прва на ранг листата е  Емине Мурати со 66,2 бода, па следуваат Јетмир Хамзаи со 53,2 бода и Ваиде Арслани со 52,15 бода. По однос на овие кандидати истакна дека во скенираните материјали ги има сите податоци како обрасците, ранг листата, податоците кога е извршено тестирање и оценување со што со оглед на фактот да никој од овие кандидати нема поднесено приговор смета дека може да сепристапи кон утврдување на конечната ранг листа.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска**се јави за збор ипостави прашање: Дали по однос на кандидатот Емине Мурати за кој истакнавте дека има сертификат за познавање на странски јазик ниво Ц 1 се дадени 15 бода, дали сертификатот е од 09-ти месец, а огласот е од април месец или лошо сум разбрала“?

**Членот на Советот Лорета Горгиева**во одговор истакна дека за кандидатот Емине Мурати има сертификат за познавање на англиски јазик ниво Ц 1 и не е кажан датум. Дополни дека по однос на овој кандидат комисијата констатирала записнички дека сертификат за познавање на англиски јазик е издаден со датумот кога од кандидатите е побарано достава на дополнителни докази во врска со материјалите кои носат бодови согласно со законот и правилникот. Со оглед на фактот да сертификакот носи исти датум со датумот кога комисијата барала достава на дополнително докази, а со цел да не бидат селективни и да постапуваат на ист начин како и претходно кога постапувале за кандидатите за избор на судии во Апелационен суд Скопје комисијата не дала бод, туку оставила на Советот да се произнесе доколку смета дека .......

**Членот на Советот м-р Селим Адеми**се јави за збор ипојасни дека за сите кандидати е исто од причини што на претходната седница Судски совет заземал став дека сите документи во приговорите доколку се доставени во периодот додека трае огласот ќе се прифатат, додека се што е доставено по истекот на огласот нема да се прифати. Од тие причини појасни дека во овој случај е даден 1 бод кој нема да игра улога, дополнувајќи дека комисијата одлучила да сеприфатат само тие што се доставени во рокот додека траел огласот

**Членот на Советот Лорета Горгиева**истакна дека од тие причини е нагласено со цел на Советот да му биде јасно од кои причини за Ваиде

Арслани за англиски јазик комисијата не дала бод, а за Емине Мурати сертификатот е Ц1.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека сака во овој дел да се дефинираат работите, дополнувајќи декаод страна на **членот на Советот м-р Селим Адеми** е убаво објаснето како Советот одлучува. Од тие причини истакна дека сака уште еднаш јавно да сепотврди дека кандидатот мора да ги исполнува условите во моментот на објавување на огласот....„таков е ставот“.... Истакна дека може да ги достави до дополнението, но не и во жалбата. Воедно, упати прашање до членовите на Советот: „Дали се согласуваат дека таков е последниот став“?

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** постави прашање „Од кој датум е сертификатот за Емине Мурати, дали е до истекот на огласот“?

**Членот на Советот Лорета Горгиева**во одговор истакна дека сертификатот е од претходно. За сите наредни кандидати кои со жалбите имаа доставено и по барање на комисијата за доставување на дополнителни докази дека доставиле докази во дел на сертификати, обуки и сите околности по кои добиваат бодови согласно со правилникот, а се со датум на стекнување пред огласот и тие комисијата ги прифатила

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека по однос на листите кои се изготвени и бодовите кои се дадени воопшто нема д спори бидејќи апсолутно поклонува верба на членовите на комисијата. Во продолжение истакна дека бара појаснување по однос на бодот даден за судијата Јетмир Хамзаи бидејќи не извршила увид во сите доставени документи, па за овој кандидат во делот на познавање на јазик постави прашање : „ Зошто кандидатот добил 3 бода, кога има 1, 5, 15, појаснете ми“?

**Членот на Советот Лорета Горгиева**даде појаснување. Во таа насока истакна дека Јетмир Хамзаи, доставилсертификат за познавање на англиски, германски и француски јазик, сите со А 1 ниво, затоа добива 3 бода.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека имала исто мислење, но сакала да слушне од комисијата.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор извештајот со конечна ранг листа за избор на еден судија на Апелационен суд Гостивар за кривична област го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 10 граса „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен извештајот со конечна ранг листа за избор на еден судија на Апелационен суд Гостивар за кривична област.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека е исцрпена 11-та точка од Дневниот ред и дека ќе сепремине на разгледување и одлучување по 12-та точка од Дневниот ред – „Разгледување и усвојување на жалби на двајца судии за избор на судии на Апелационен суд Штип и тоа 1(еден) судија за кривична област и 1 (еден) судија за граѓанска област “.

**Точка 12**

**Разгледување и усвојување на жалби на двајца судии за избор на судии на Апелационен суд Штип и тоа 1(еден) судија за кривична област и 1 (еден) судија за граѓанска област**

По однос на оваа точка од Дневниот ред **Претседателот на Советот Весна Дамева** информираше дека по објавен оглас за избор на судии на Апелационен суд Штип и тоа 1 (еден) судија за кривична област и 1 (еден) судија за граѓанска област, формирана е комисија која согласно Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд изготвила предлог ранг листи по кои од страна на кандидатите се изјавени жалби за рангирањето, а за чија оправданост согласно чл.12 од Правилникот, одлучува Советот .

**Претседателот на Советот Весна Дамева** по однос на оваа точка од дневниот редзбор даде на известителот-**претседателот на комисијата-Лорета Горгиева.**

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека пред да пристапи кон презентирање на жалбите изјавени против рангирањето смета дека како претседател на комисијата треба да го изложи работењето на комисијата и утврденото и по однос на останатите кандидати кои немаат поднесено жалби. Во таа насока во продолжение истакна дека за кандидатите заизбор на судии на Апелационен суд Штип од кривична област по направените извиди и врз основа на сите доставени материјали, податоци и документи со кои се вреднуваат секој со посебен бод, за секој кандидат комисијата го утврдила следното: Јулијана Недкова, судија на Основен суд Штип добива 58,9 поени, работа во специјализиран судски оддел, учество во континуирана обука, редовно оценување за период 2019-2022 година, усно и писмено изразување врз основа на непосредно присуство на комисијата на расправа, увид во писмени одлуки по случаен избор, мислење на претседателот на судот, дополнителна работа, решени предмети над 100, работа како ментор согласно потврдата на АСЈО и судиски стаж во овој суд.

По однос на вториот кандидат  Невена Перица, судија на Основен суд Штип. **членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека согласно доставените материјали и увидот на комисијата .констатирано било дека судијата добила  56.3 поени и тоа: за сертификат за познавање англиски јазик издаден од Американска абасада во Скопје, компјутерски тест, работа во специјализиран судски оддел, учество во континуирана обука, редовно оценување согласно извештајот на судиите за оценување, усно и писмено изразување врз основа на непосредно присуство на комисијата на расправа, увид во писмени одлуки по случаен избор, мислење на претседателот на судот, дополнителна работа, решени предмети над 100, работа како ментор согласно потврдата на АСЈО и судиски стаж

За Цона Каламерникова судија на Основен суд Струмица **членот на Советот Лорета Горгиева** во својство на претседател на комисијата за рангирање истакна декадобила 64,7 поени и тоа:за сертификат за познавање англиски јазик од Романија, работа во специјализиран судски оддел, учество во континуирана обука, редовно оценување за период 2019-2022 година, усно и писмено изразување врз основа на непосредно присуство на комисијата на расправа, увид во писмени одлуки по случаен избор, мислење на претседателот на судот, дополнителна работа, решени предмети над 100, работа како ментор согласно потврдата на АСЈО и судиски стаж.

За Ѓорѓи Андонов, судија на Основен суд Штип истакна дека има добиено вкупно 58,6 поени и тоа за: сертификат за Healt  програмата за англиски јазик, објавен еден стручен труд, работа во специјализиран судски оддел, учество во континуирана обука, редовно оценување за конкретниот период, усно и писмено изразување врз основа на непосредно присуство на комисијата на расправа, увид во писмени одлуки по случаен избор, мислење на претседателот на судот, дополнителна работа, решени предмети над 100, одржани обуки согласно потврдата на АСЈО и судиски стаж

За Сузана Милевска, судија на Основен суд Кочани **членот на Советот Лорета Горгиева** истакна декаовој кандидат се има пријавено и за граѓанска област. Во продолжение истакна дека во делот на пријавата за судија на Апелационен суд Штип за кривична област кандидатот има добиено вкупно 66,9 поени и тоа за: два образовни материјали изработени за академијата, уверенија за познавање англиски јазик 3 степен, работа во специјализиран судски оддел, учество во континуирана обука, редовно оценување за работата, , усно и писмено изразување врз основа на непосредно присуство на комисија на расправа, увид во писмени одлуки по случаен избор, мислење на заменик претседателот на судот, дополнителна работа, решени предмети над 100, одржани обуки согласно потврдата на АСЈО и судиски стаж

Во делот на кандидатите кои се пријавиле за избор за судии на Апелациониот суд Штип за граѓанска област **членот на Советот Лорета Горгиева** во својство на претседател на комисијата за рангирање наведе дека кандидатите ги добиле следните поени:

Сузана Милевска, судија на Основен суд Кочани, сега како кандидат за судија од граѓанска област имала добиено вкупно 66,4 поени со истите материјали, претходно наброени, со разлика во делот на судиски стаж и за работа во специјализиран оддел –граѓанско.

Александар Цацков, судија на Основен суд Штип истакна дека има добиено вкупно53,37 поени и тоа за: компјутерски тест, работа во специјализиран судски оддел, учество во континуирана обука, редовно оценување за период 2019-2022 година, усно и писмено изразување, мислење на претседателот на судот, дополнителна работа, решени предмети над 100, одржани обуки согласно потврдата на АСЈО и судиски стаж .

За Тодор Поп Панев, судија на Основен суд Штип **членот на Советот Лорета Горгиева** истакна декаима добиено вкупно 62,87 поени и тоа за: објавен еден стручен труд, образовни материјали за академијата, работа во специјализиран судски оддел, учество во континуирана обука, редовно оценување за работатаво годината, усно и писмено изразување врз основа на непосредно присуство на комисијата на расправа, увид во писмени одлуки по случаен избор, мислење на претседателот на судот, дополнителна работа, решени предмети над 100, одржани обуки согласно потврдата на АСЈО и судиски стаж во пријавата по огласот.

По однос на кандидатот Ацо Тасев, судија на Основен суд Штип кој се имало пријавено за кандидат за избор за судија на Апелационен суд Штип за кривична област **членот на Советот Лорета Горгиева** истакна декапостапката за кандидатот била запрена и не се продолжило со оценување бидејќи истиот со писмен допис заведен во Советот под бр.03-332/1 од 14.11.2023 година известил дека согласно неговиот избор за претседател на Основен судШтип ја повлекува кандидатурата за избор на судија на Апелационен суд Штип.

Во продолжение **членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека за секој од кандидатите во материјалите ги има обрасците ставено со цел да се види по кој критериум кој кандидат колку поени добил. Дополни дека од тројца од кандидатите кои се пријавиле за избор на судија во повисок суд се доставени жалби кои се доставени во материјалите со се што било можно да се скенира. Со оглед на фактот да на денешната седница ќе се одлучува по изјавените жалби на кандидатите истакна дека нема да се образлагаат констатациите и бодовите на комисијата бидејќи тие се наведени во доставените

материјали, како и дека навремени жалби се поднесени од канддатите од кривична област Јулијана Недкова и Ѓорги Андонов и од кандидатот од граѓанска област Тодор Поп Панев.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** се јави за збор во својство на член на комисијата за рангирање. Истакна дека претседателот на комисијата опширно ги презентирал материјалите и утврдените поени. Дополнувајќи дека пред Советот на денешната седница се наоѓаат приговорите по кои Советот треба да одлучува. Во таа насока истакна дека смета дека одлучувањето треба да почне со граѓанската област, односно да се започне со презентирање на жалбата поднесена од кандидатите за граѓанска област, Тодор Поп Панев. По однос на презентирањето на жалбата истакна дека тоа може да го направи претседателот на комисијата, а може и тој како член на комисијата да ги презентира наводите од жалбата.

Во продолжение **Членот на Советот м-р Селим Адеми** во својство на член на комисијата за рангирањепристапи кон изложување на жалбата поднесена од Тодор Поп Панев кандидат за избор на судија на Апелационен суд Штип за граѓанска област. Истакна дека овој кандидат се жали по 6 основи почнувајќи од учество во научни коментари за кои смета дека треба да му се дадат 2 поени. По овој основ **членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека треба дасекаже дека во текот на времетраењето на огласот кандидатот ги немал доставено документи, дека има научни коментариа истите ги доставил со жалбата. Истакна дека став е дека кандидатите треба сами да ги доставуваат научните трудови и другите звања што ги имаат до завршување на огласот, а не со жалба од кои причини смета дека по овој критериум на кандидатот не треба да му се доделат поени. По однос на познавање јазик **членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека кандидатот во жалбата навел дека имал доставено сертификат за познавање на англиски јазик ниво Б1, дополнувајќи дека од тие причини комисијата уште еднаш ги разгледала документите. По повторното разгледување на документите комисијата констатирала дека сертификат за познавање англиски јазик – Bulats навистина бил доставен од кандидатот со другите документи. Од наведените причини истакна дека смета дека по овој критериум жалбата е основана и накандидатот треба да му се доделат 5 бода.

**Членот на Советот Тања Чачарова Илиевска**истакна дека треба да се доделат 4 поени бидејќи има 1.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** појасни дека кандидатот најнапред по овој критериум имал 0 поени, но по добивање на жалбата комисијата извршила проверка во големиот број доставени материјали од овој кандидат по што го пронашла сертификатот за англиски захевтан со друг документ. Од тие причини смета дека по овој основ кандидатот

треба да добие 5 поени, бидејќи претходно имал 0, а не 1, па сегада му се доделат 4 поени.

Во овој дел жалбата е основана бидејќи документот е доставен навремено пред истекот на огласот со останатите документи.

По однос на познавање компјутерски вештини ч**ленот на Советот м-р Селим Адеми** во својство на член на комисијата за рангирањеистакна дека овој документ кандидатот го доставил по завршување на огласот и од тие причини по овој критериум кандидатот не треба да добие поен, а согласно и ставот кој го има прифатено Советот. Во делот на оценката истакна дека иако кандидатот кажувал дека имал и дополнителна работа, оцената е веќе дадена и изгласана од Советот, а комисијата само го зема поенот за изгласаната оцена. Во графата за дополнителна работа кандидатот има 4,87 поени, а тој бара за има 5 поени. Во овој дел дополни дека на сите им е познато дека согласно правилникот за рангирање на кандидатите оценката која ја им кандидатот се дели со ¼ и се добива поенот, дополнувајќи дека за да има судијата 5 бода по овој критериум треба и да биде делегиран. Во конкретниот случај судијата не бил делегиран поради што неможе да сесврсти во категоријата дека има направено дополнителни работи.

Во делот на менторство и едукација **членот на Советот м-р Селим Адеми**наведе дека кандидатот има добиено 4 поени, а со жалбата бара 5, како што впрочем бараат и сите останати кандидати наведувајќи дека биле ментори. Во овој дел истакна дека смета дека кандидатот не е оштетен.

На крајот на излагањето на жалбените наводи за кандидатот Тодор Поп Панев**, членот на Советот м-р Селим Адеми** во својство на член на комисијата за рангирањеистакнадека на кандидатот Тодор Поп Панев треба да му се доделат и дополнителни 5 поени за познавање на англиски јазик од причини што за овој критериум кандидатот имал доставено сертификат**.**

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека ќе го дополни колегата. Во таа насока истакна дека се создавала забуна во Правилникот кај кандидатите бидејќи секој нареден бодуван основ го исклучувал претходниот, дополнувајќи дека максимумот кој може по овој основ да го добие кандидатот е 5 поени, со тоа што е потребно над 10 обуки и објавени трудови .

**Претседателот на Советот Весна Дамева** по реферирањето на комисијата отвори расправа.

Во продолжение од Комисијата **Претседателот на Советот Весна Дамева** побара појаснување дали судијата за кој се реферираше доаѓа

од редот на академците, на што од претседателот на комисијата, **членот на Советот Лорета Горгиева** доби потврден одговор со дополнување дека е од 1-та генерација.

По добивањето на појаснувањето **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека веднаш ќе го изнесе своето мислење по однос на жалбените наводи на овој кандидат. Во таа насока истакна дека занеа е прифатливо кандидатот да добие 6 поени по однос на познавање на англиски јазик  и дека се прифатливи останатите наводи изнесени од комисијата. Во делот на  поените за работа со компјутери кои не му се доделени на кандидатот потсети дека кога станува збор за кандидат академец, на кандидатите им се давал бод како и тоа дека тоа е став на Советот. Согласно наведеното **Претседателот на Советот Весна Дамева** предложи на кандидатот Тодор Поп Панев да му се додели 1 поен за познавање на работа со компјутери.

**Членот на Советот Сашко Георгиев**постави прашање: „ Дали комисијата прифаќа на кандидатот да му се додели плус 1 поен за компјутери бидејќи е академец“ ?, на што доби одговор дека Советот одлучува и ќе одлучи. Во продолжение ч**ленот на Советот Сашко Георгиев** побара потврда по однос на објавени трудови и книги: „Дали доколку не се доставени до истекот на огласот не се прифаќаат “ ?

**Членот на Советот м-р Селим Адеми**во својство на член на комиисијата за рангирањепојасни дека комисијата се раководела од ставо кој бил прифатен и сепрактикувал и при преходните постапувања на комисиите, кој став го прифатила и оваа комисија, дека доколку објавите, трудовите и книгите на кандидатот не се доставени, да не му се дава поен.Дополни дека доколку Советотприфати да се даваат поени за објавени трудови кои се доставени со жалба, тогаш комисијата тоа ќе го прифати и ќе им додели на кандидатите поени и по тој основ**.**

**Претседателот на Советот Весна Дамева**со цел да се има јасна слика и ситуација постави прашање: „ Дали доколку сенаведени во пријавата а поради обемноста неможат да се достават, се прифаќаат “ ? Побара уште еднаш да сеповтори кој е ставот на Советот со цел меѓусебно појаснување.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека кај конкретниот кандидат расправајќи заосновите по кои се дадени поени заовој кандидат смета дека ќе се расчистува и за следните кандидати. Наведе дека ќе се почитува ставот на Советот од претходниот избор на судии за Апелациониот суд Скопје. Во таа насока истакна дека исто како што било и претходно постапено доколку е доставена само првата страна или ако има само наведено дека има трудови тогаш не се прифаќало, но доколку со жалбата биле доставени цели трудови истакна дека смета дека е основ сега на оваа седница да им се прифати и на кандидатите да им се

дадат поени. Конкретно за судијата Тодор Поп Панев истакна дека тоа што комисијата му има признаено и што е доставено уредно како целосен документ и за што има добиено 0,1 бод е за Стратегијата за подобрување и јакнење на судската транспарентност на судско медиумскиот совет. Дополни дека во меѓувреме во прилог со жалбата судијата доставил и други документи по однос на кои документи истакна дека комисијата сметала дека истите неможат да се подведат под она што го бара правилникот и за нив да се доделат поени, освен што утврдиле дека е направен превид во делот на јазикот.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** постави прашање: „А овој 0,1 бод му е претходно признат"? на што доби потврден одговор.

**Членот на Советот Тања Чачарова Илиевска**истакна декаима прашање околу научните коментари кои кандидатот ги имал наведено во жалбата. Дополни дека станува збор за научните коментари кои се објавени на WEBстраната на Здружението на судии. .... Во продолжение постави прашање:„Дали овие научни трудови, освен што кандидатот ги има наведено во жалбата, дали ги има и доставено"/

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна декакандидатот ги има доставено само темите.

**Членот на Советот Тања Чачарова Илиевска**истакна дека кандидатот имал наведено каде ги има објавено научните коментари и на која ВЕБ страница дополнувајќи дека само ќе потсети дека минатиот пат при изборот на судии на Апелациониот суд Скопје, ова прашање како проблематично се јавило за судијата Наталија Донева, бидејќи ги имало на ВЕБ страната и имале назив, курсевите, научните коментари......нејзиниот став бил дека треба да бидат прифатени, но мнозинството одлучило поинаку и во сите наредни гласања за сите судии по однос на ова прашање истакна дека нагласувала и покрај тоа што нејзиниот личен став е поинаков ќе гласа да не им се прифатат, за да не се направи дискриминација помеѓу кандидатите, кога за еден не сеприфатени да оди така за сите кандидати.Дополни дека својот став сака повторно да го изложи сега и дека смета дека се прави голема неправда доколку ваквите научни трудови, теми коишто ги објавувале кандидатите со наведени наслови и во која програма биле вклучени и на која ВЕБ страна им се објавени да не им се прифатат смета дека тоа не е во ред.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми**истакна декасо жалење ќе констатира како кандидатите кои се пријавуваат за избор за судија во повисок суд не наоѓаат простор и време да го прочитаат Правилникот за избор насудии во повисок суд. Дополни дека од страна на комисијата на секој кандидат додека трае огласот му е пратено барање што имаат како документи да достават до Судскиот совет. Истакна дека во тој период

кога се барало и додека се барало никој од овие кандидати не доставил и не кажал дека има објавено трудови. Откако увиделе на која позиција се наоѓаат на ранг листите и колку поени имаат добиено, сега бараат дополнителни поени. Истакна дека смета дека Советот треба да има став кандидатите да доставуваат документи додека им се бара, во рокот во кој им се бара и дека кандидатите треба да приговараат за она што го доставиле на време а комисијата не го зела предвид и не доделила поен. Комисијата за такви приговори треба да расправа, дали е оштетен или не е оштетен кандидатот, а за она што е доставено по истекот на времето нетреба да расправа. Дополни дека има кандидати кои англискиот јазик го знаат перфектно, но немаат доставено документи. Според него разликата е во тоа што документите не се доставени кога се барани и дека комисијата и претходно имала ваков став по однос на ова прашање.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека за да го даде гласот како член на Советот уште еднаш сака да и се потврди дали кандидатот ги навел тие документи, а поради обемноста не ги доставил? Дали во моментот навел дека ги има или сега прв пат ги наведува и прв пат ги доставува?

**Членот на Советот Мирсад Суроји**истакна декаво врска со овие наводи и за други кандидати отсекогаш имал забелешки и тие забелешки ги истакнал и на денот кога се состанала комисијата. По однос на овој начин на ограничување смета дека колегите се ставени и во заблуда по однос на некои работи од правилникотзошто самата комисија понекогаш е е јасна. Дополни дека смета дека правилникот треба под итно да се смени од страна на Советот, дека од 05 октомври имало кандидати многу добро е наведено и напишано,дека доколку има потреба во секое време можат да дополнат. Како пример го посочи член 3 наведувајќи дека таму многу добро пишувало дека кандидатот можел да го докаже познавањето на англискиот јазик за ниво А и Бистотака и пред комисија или доколку други фактиза студии или работа во странство или изработка на трудови на релевантниот јазик, може да го потврдат знаењето на јазикот. По однос на изјавените жалби истакна дека ќе се произнесе дека имаат доставено голем обем на материјали и дека некои колеги навистина се активни бидејќи ги познава со години. Како пример го посочи Ѓорѓи Андонов, затоа смета дека под итно треба да сепревземе нешто и да се разјаснат овие детали со цел да не се доведуваат во заблуда ниту колегите, ниту комисијата.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека можеби подзаконските акти треба да претрпат мали измени, меѓутоа тоа е зборувано и на претходните седници кога се избирале судии, дека тие правилници важат подеднакво за сите и нема селективност. Од друга страна наведе дека и колегите треба да прочитаат и ако имат дилеми да се консултираат, но во време на законката рамка дадена од страна на

Советот. Како трето истакна дека седниците на Советот се отворени и дека Советот е постојано транспрарентен, дека и претходно се дискутирало на седница за ранг листи и дека судиите ги знааат тие претходни решенија. Од овие причини побара да се остане доследно на она што е почнато бидејќи Судскиот совет неможе да ги менува ставовите од случај до случај. Во таа насока од колегите побара доследност,доколку се согласуват од почеток, од оние избори кои се започнати пред 2 години и повеќе падо сега, дополнувајќи дека сега во оваа фаза за апелација Штип и апелација Гостивар доколкусеменува смета дека нема да има доследност во одлучувањето на Советот и тоа од јавноста и од судиите ќе биде една од најголемите забелешки......„Ако сме грешеле во секој момент ќе бидам прва да исправам, но во конкретниот случај многу важно е дали ако не ги доставил докумнетите до моментот на барањето наматеријали од Советот сега може да му се прифатат во жалба, е тука ако го смениме ствот, значи селективно се однесуваме“.....

**Членот на Советот Тања Чачарова Илиевска**истакна дека се прифаќани за апелација Скопје и дека треба да се работи по закон. Се прифаќа се она што било доставено за времетраењето на огласот .

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека од тие причини побарала да се повтори како Советот одлучува, за да нема различни ставови.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми**истакна деказа конкретниот случај за него е неприфатливо судија да кажува ....„да ги прибавите документите од другите соодветни институции“..... Смета дека тоа е недозволиво комисијата да бара сама, уште еднаш нагласувајќи дека од сите кандидати со писмо е барано да ги достават сите документи за да ги оцени комисијата. Во конкретниот случај судијата не доставил документи, па по рангирањето побарал комисијата или Советот даги прибават од другите институции. Смета дека комисијата не треба да го прави тоа, а кандидатите треба сами да ги достават документите. .... „ За да ги цени комисијата документите кандидатот мора да ги достави, ане самода наведе дека ги има, дури комисијата треба да ги види и страниците колку се“ ....

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски**истакна декапредмет на разгледување на жалба можат да бидат наводи кои не се анализирани или погрешно се анализирани од страна на комисијата. Во конкретниот случај видно од приложеното се бара Судскиот совет да разправа занешто што не било приложено, значи се враќаме назад. Дополни дека членот на Советот м-р Селим Адеми убаво кажал дека секој согласно правилникот има обврска да достави докази. По тие докази, тие прилози, комисијата се произнела. Во случај кога дала

погрешно толкување, па кандидатот е незадоволен од оцената, пример за тој труд смета дека толку ми следи, а комисијата ми дала помалку, но неможе да каже за нешто за кое комисијата воопшто не расправала. Смета дека тука треба Советот да биде јасен и дециден, тоа да не се прифаќа.....„сте имале рок, сте имале можност да тоа го доставите“....

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска**истакна дека сака да изнесе конкретен предлог како да се разгледа жалбата. Во таа насока истакна дека се тргнало од тоа дека станува збор закандидат кој е од академија и дека треба да му се додели еден бод за познавање компјутери, тоа е едниот жалбен навод. И за сертификатот за познавање јазикистакна дека смета дека треба да се доделат поени, тоа е вториот жалбен навод Дополни декакандидатот приговара за тоа зошто му се доделени само 4 бода за менторство и едукација, нагласувајќи при тоа дека тој е и ментор и едукатор и нема направено до 10 обуки, збирно па согласно тоа и неможе... „ правилно е 4 бода“.....**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска во продолжение истакна дека с**мета дека сите други што ги доставува како научни трудови неможе да бидат научни трудови бидејќи тој доставува договори за изведување на практична настава – менторирање кое е сето опфатено и бодирано. Во контекст на наведеното истакна дека според нејзиното мислење со овој кандидат треба тука да се заврши. Во продолжение истакна примери - „Обука на тема, доставува само програма дека ја држел обуката а тоа е вреднувано...ја одржал обуката и за тоа добил бодови, а0,1 бод добил и за трудот што го доставил. Согласно изложеното ч**ленот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека смета дека оваа жалба треба делумно да се уважи со тоа што да се додаде 1 бод за компјутерски вештини и 5 бода за нивото на познавање на англиски јазик, односно вкупно 6 бода. Предложи да се гласа за делумно уважување на жалбата на кандидатот Тодор Поп Панев.

**Членот на Советот Тања Чачарова Илиевска**истакна дека по однос на научните коментари чита тоа што го пишува во жалбата и сака да се расчисти прашањето бидејќи овој судија е кандидат и по огласот за избор на судија на Апелационен суд Штип каде таа е претседател на комисијата.Во продолжение го цитираше напишаното во жалбата од кандидатот истакнувајќи дека таму навел ....„имам давано свои научни коментари при донесување на мислењата кои се објавени на ВЕБ страната на Здружението на судии, имам давано свои научни коментари при донесување на мислењата од страна на судско медиумскиот совет, објавени на ВЕБ страната на ова тело и предлози за измена на закони кои се поврзани со транспарентмоста и судскиот деловник. Исто така како преставник на АСЈО имам учествувано и на натпреварот за обука на судии и ЈО од цела Европа одржан во Букурешт, Романија и во мојата група Етика и деонтологија го имам освоено второто место и темата ја презентирав на англиски јазик пред голем аудиториум “..........**Членот на**

**Советот Тања Чачарова Илиевска во продолжение истакна дека смета дека кандидатот** зборува за научни коментари кои биле објавени .... „ затоа да расчистиме по однос на ова.“ .....Постави прашање: „Дали ги има доставено“?

**Членот на Советот м-р Селим Адеми**истакна дека кандидатот има освоено награда, дополнувајќи дека како член на комисијата нема намера да гледа и истражува колку награди има на Google, WEB страница на Здружение на судии или било која друга WEB страница и закандидатот да бара податоци. Во продолжение истакна дека комисијата доставила барање до кандидатот да ги достави сите потребни документи, се што има, за да може комисијата да го вреднува,а истите не биле доставени. Од овие причини истакна дека смета дека Советот сега треба да расправа за она што е доставено и дали е направена грешка.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска**истакна дека за да биде нешто научен коментар треба да се знае што е, да биде негде објавен, да биде рецензиран од некого. По однос на средбите кои кандидатот ги наведува истакна дека такви средби имал секој, но дека се не е научен коментар, ..... „ се знае што е научен коментар“ .... дополнувајќи дека се друго што кандидатот навел се договори за изведување на практична настава и тоа е веќе бодирано, па од тие причини повторно истакна дека жалбата треба делумно да сеусвои и да се додадат бодови за компјутерски вештини, 1 бод и за ниво на познавање на англиски јазик 5 бода, односно вкупно 6 бода. Во другиот дел жалбата да сеодбие со образложение дека не се работи за научни трудови согласно деловникот, а во делот на менторирање и едукаторска работа веќе се доделени бодови.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна.....„со дополнение, врз основа на доказите кои биле доставени.....“

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна декасака да дополни уште нешто во жалбените наводи, дека тоа што го кажал **членот на Советот м-р Селим Адеми** стои, дека по однос на научните коментари кандидатот упатувал комисијата сама да ги прибави од институциите за што сепроизнеле дека не се согласуваат. По однос на англискиот јазик појасни зошто комисјата смета дека енаправен превид и жалбениот навод е во ред, бидејќи се работи за сертификат Б1 од 2017 година што значи дека може да му се доделат 5-те бода кои се пропуштени. Во делот на оцената дека постапувал и како претседател и како судија истакна дека како комисија сметаат дека жалбениот навод е неоснован од причини што и за другите колеги кои постапувале и како претседатели и како судии е дадена збирна оцена, а конкретниот

кандадат нема истакнато приговор на оцената која му е збирна што значи декаи овој жалбен навод е неоснован.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор и дека дискусијата е исцрпенаистакна дека ќе го изложи предлогот врз основа на дискусиите кои биле отворени и аргументирани. Во таа насока **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакнадека предлага да седонесе решение со кое жалбатана Тодор Поп Панев,судија на Основен суд Штип, изјавена против предлог ранг листата на кандидати за избор на еден судија на Апелационен суд Штип, за граѓанска областбр.09-982/35-1 од 07.12.2023 година делумно да се усвои и тоа во делот за познавање на англиски јазик каде да се доделат 5 бода и за познавање на компјутерски вештини да се додели 1 бод или вкупно 6 поени што значи бодовите од 62,87 ќе станат 68,87. Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека поради наведеното ранг листата за кандидати за избор на еден судија на Апелационен суд Штип, за граѓанска област ќе се смени и ќе бидесо следниот редослед: под реден број 1: судијата Тодор Поп Панев,судија на Основен суд Штип со 68,87 поени, под реден број 2 : Сузана Милевска, судија на Основен суд Кочани со 66,4 поени и под реден број 3 :Александар Цацков, судија на Основен суд Штип со 53,37 поени.

Предлогот го стави на гласање.

Процедурално за збор се јави **членот на Советот м-р Селим Адеми**. Побара прво да се гласа по жалбата на кандидатот Тодор Поп Панев, дека делумно се усвојува, а потоа да се гласа за ранг листата.

Предлогот е прифатен од **Претседателот на Советот Весна Дамева**

**Членот на Советот Мирсад Суроји** побара збор. Истакна дека во комисијата има проблем во делот на вреднувањето на англискиот јазик. Дополни дека во Правилникот во член 4 јазикот е изразен по нивоа, ниво А, Б и Ц, а она што го има доставено од страна на кандидатите е степен..... „ има завршено 1-ви,2-ри, 3-ти ......8-ми степен. Врз основа на наведеното постави прашање: „До кој степен треба да се смета познавањето на англискиот јазик, до кој степен е ниво А, од кој до кој степен е ниво Б и од кој до кој степен е ниво Ц“ ?. Појасни дека прашањето го поставува во случај доколку кандидатите доставуваат докази за познавање на јазик со степен, а не со ниво.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми п**роцедурално истакна дека е завршено со расправата по конкретната жалба, а ова прашање ќе се расправа кога ќе се одлучува за конечната ранг листа, прво да се одлучи и гласа по приговорот.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека има степенување и има нивоа. Дополни дека доколку сеотвори на страната на Британскиот совет таму има табела за степенување од кои причини тие степени и нивоа се утврдени на светско ниво и се важат секаде подеднакво.

**Членот на Советот Мирсад Суроји** истакна дека треба да се каже на седница за да има став.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека кога ќе се расправа за конечната ранг листа за граѓанска област ќе се отвори оваа тема. Треба да има две гласања, прво за приговорот, а потоа за конечната ранг листа. Ова од причини што истите кандидати конкурираат и за други огласи. По однос на кандидатот Сузана Милевска истакна дека кај неа е наведено дека има завршено трет степен на англиски јазик, па се поставува прашањето кое ниво треба да го има. По проверките кои ги извршиле со **членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** утврдиле дека познавањето на англиски јазик од 3 и 4-ти степен преставува ниво А 2, што значи треба да се додели 1 бод. Во конкретниот случај комисијата кога ги разгледувала документите по овој критериум на кандидатот Сузана Милевска и доделила 6 поени поради што смета дека е направен превид. Во продолжение **Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека приговорот нема врска со конечната ранг листа. Во таа насока истакна дека доколку сега Советот одлучи дека 3 степен познавање на англиски јазик е ниво А, во тој случај на кандидатот Сузана Милевска ќе треба да и се намалат поените за 5 поени и наместо 66,4 да има 61,4 поени. Затоа Судскиот совет ќе треба итно да достави нов образец со нова предлог ранг листа до кандидатот Сузана Милевска, па кандидатот во рок да приговара, бидејќи по тој основ не приговарала. А дали ќе приговара или не тоа е друга работа.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека со оглед на околноста што ова се факти со кои Советот сега се запознава, дека некој нема приговор, а треба да му се намалат поените, а овие факти ги знаела само комисијата ќе се оди со раздвојување.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека комисијата работела и врз основа на искуството на колегата од работата во претходна комисија оваа комисија прифатила дека тој степен на познавање на јазик треба да се бодува како Б ниво.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека има точно нивоа и нема грешка, па не треба да се дозволи некој да се награди непотребно, а некој да се оштети.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека предлага да се донесе решение со кое жалбата на Тодор

Поп Панев,судија на Основен суд Штип, изјавена против предлог ранг листата на кандидати за избор на еден судија на Апелационен суд Штип, за граѓанска област бр.09-982/35-1 од 07.12.2023 година делумно се усвојува и тоа во делот за познавање на англиски јазиккаде се доделуваат 5 бода и за познавање на компјутерски вештини каде се доделува 1 бод или вкупно 6 поени од претходно доделените поени.

Предлогот го стави на гласање.

По гласањето **Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека со 10 граса „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Тодор Поп Панев судија на Основен суд Штип, изјавена против предлог ранг листата на кандидати за избор на еден судија на Апелационен суд Штип, за граѓанска област бр.09-982/35-1 од 07.12.2023 година делумно се усвојува и тоа во делот за познавање на англиски јазик се доделуваат 5 бода и за познавање на компјутерски вештини се доделува 1 бод или вкупно 6 поени од претходно доделените поени.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека поради специфичната ситуација со ранг листите која се појавила предлага да се разговара за предлог ранг листата на кандидати.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека доколку за ново А1 познавање странски јазик се доделува 1 поен тогаш по автоматизам судијата Сузана Милевска ќе има минус 4 бода. Во таа насока истакна дека на кандидатот треба да му се достави проментет образец со одземените бодови и да му се објаснат причините зошто е постапено на наведениот начин, односно која е причинита поради која е дојдено до намалување на бодовите по овој критериум, со цел доколку сака кандидатот да поднесе приговор. Доколку не се поднесе приговор од кандидатот предлог ранг листата со изменетите бодови заовој кандидат ќе стане конечна, по што Советот по истекот на 8 дена ќе донесе и конечна ранг листа. Сополни дека смета дека сега неможе да се донесе конечна ранг листа од причини што судијата во овој момент не е запознаена со овој факт и можеби ќе приговара или можеби има други потврди .....

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека овој кандидат сега има 66,4 поени кои треба да се намалат за 4 поени со што кандидатот би имал 62,4 поени. Во продолжение постави прашање до членовите на Советот: Дали имаат дилема по однос на изнесеното од страна на **членот на Советот м-р Селим Адеми**во својство на член на комисијата за рангирање,за намалување на бодовите заовој кандидат,

дополнувајќи дека кај неа нема дилеми, бодирањето е официјално и нема што ни да сепроверува .

Откако констатира дека и кај останатите членови нема несогласување дека поените на кандидатот Сузана Милевска, судија на Основен суд Кочани треба да се намалат за 4 бода и да изнесуваат 62,4 поени **Претседателот на Советот Весна Дамева** предложи врз основа на оваа констатирана состојба да се донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судија во повисок суд, формирана со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија во состав од: Лорета Горгиева-претседател на Комисијата, м-р Селим Адеми и Мирсад Суроји-членови на Комисијата, по оглас за избор на 1 (еден) судија на Апелационен суд Штип, за граѓанска област и 1 (еден) судија на Апелационен суд Штип, за кривична област, објавен во Сл.весник на РСМ бр.86/23 од 24.04.2023 година, ДА ПРОДОЛЖИ СО ПОСТАПКАТА по однос на кандидатот Сузана Милевска, судија на Основен суд Кочани, заради доставување на нов образец на кандидатот.

По завршување на расправата за предлог ранг листатаод граѓанска област **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека како што и вчета најавила поради итни и неодложни активности треба да ја напушти седницата. Од тие причини постави прашање до членовите на Советот: „Дали имаат согласност седницата да се одложи за 1 час или час и половина додека се врати или имаат согласност со раководењето на седницата да продолжи **заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели.**

Откако членовите на Советот изразија согласност со раководењето на седницата да продолжи**заменик претседателоѕ на Советот Ханиф Зендели, Претседателот на Советот Весна Дамева** даде пауза од 15 минути.

По завршување на паузата седницата продолжи во 12 часот.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека состанокот поради кој најавила отсуство од продолжението на седницата е одложен од кои причини ќе продолжи со раководењето на седницата.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека во продолжение на седницата ќе се премине на разгледување на жалбите поднесени од кандидатите кои аплицирале за избор на судија на Апелационен суд Штип за кривична област.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека од седницата е отсутен **членот на Советот Лорета Горгиева.**

Дополни дека известител по оваа точка од дневниот ред е **членот на Советот Лорета Горгиева,** но со оглед на околноста да истата во моментот е отсутна од седницата истакна дека материјалите ќе ги изложи **членот на Советот м-р Селим Адем**и во својство на член на комисијата ќе ги изложи вложените жалби.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека приговорите не се работа на комисијата, туку на Судскиот совет, но дека комисијата треба да помага. Истакна дека во продолжение ќе ја изложи жалбата поднесена од кандидатот Јулијана Недкова, судија на Основен суд Штип, дополнувајќи дека овој кандидат се жали по два основа, дека при бодирањето не и е земен предвид сертификатот за завршен курс по англиски јазик и сертификатот за завршен курс по компјутери. По однос на наводите на овој кандидат ч**ленот на Советот м-р Селим Адеми**истакна дека треба да се каже дека сертификатите се доставени со жалбата, но дека истите се со датум по завршување на огласот. Датумот на сертификатите е 10.11.2023 година, односно по завршување на сите постапки додека траел огласот и дека за ваков случај ставот на Советот е чист.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа по жалбата изјавена од кандидатот Јулијана Недкова, судија на Основен суд Штип.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** предложи жалбата да сеодбие како неоснована,Дополни дека судијата во жалбата наведува дека учествувала и на обуки, меѓутоа го има добиено и максимумот на поени по тој основ.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор предложи да се донесе решение со кое жалбата на Јулијана Недкова, судија на Основен суд Штип изјавена против предлог ранг листата на кандидати за избор на еден судија на Апелационен суд Штип, за кривична област бр.09-982/35-3 од 07.12.2023 година се става на гласање.

По гласањето **Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека со 8 граса „За“ и 1 еден глас „Против“ е донесено следното

Членот на Советот Мирсад Суроји се јави за збор и истакна дека по грешка гласал „Против“

**Претседателот на СоветотВесна Дамева**истакна дека со оглед на околноста дека **членот на Советот Мирсад Суроји** се изјаснил дека по грешка гласал против предлогот жалбата да се одбие како неоснована,  констатира дека со 9 гласа „За“, односно едногласно од присутните членови на Советот е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Јулијана Недкова судија на Основен суд Штип, изјавена против предлог ранг листата на кандидати за избор на еден судија на Апелационен суд Штип, за кривична област бр.09-982/35-1 од 07.12.2023 година се одбива .

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека во продолжение ќе се изложи жалбата поднесена од кандидатот Ѓорѓи Андонов, судија на Основен суд Штип.

Воедно констатира дека во салата повторно е присутен **членот на Советот Лорета Горгиева.**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** го информираше **членот на Советот Лорета Горгиева** дека е отпочнато со реферирање на останатите жалби од страна на **членот на Советот м-р Селим Адеми** како член на комисијата. Во таанасока постави прашање: „Дали со реферирање на жалбата ќе продолжи **членот на Советот м-р Селим Адеми** или тоа ќе го стори **членот на Советот Лорета Горгиева** како претседател на комисијата.

**Откако членот на Советот Лорета Горгиева** како претседател на комисијата се согласи со изложување на жалбата да продолжи **членот на Советот м-р Селим Адеми** како член на комисијата за рангирање **Претседателот на Советот Весна Дамева** му даде збор.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека кандидатот Ѓорѓи Андонов се жали по 6 основи. Првиот жалбен навод е во делот на објавени стручни трудови каде наведува дека е коавтор на два стручни трудови кои ги доставува во оригинал. Дополни дека во чл.4 ст.2 алинеа 2 од Правилникот е наведено дека комисијата доделува бодови за објавување на стручни трудови со научна содржина по 1/3 на секоја пибликација од 10 страни. Во продолжение **членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека по овој основ комисијата на кандидатот му доделила само 0,1 поен од причини што во моментот на доставување на документите имал доставено само еден стручен труд. Дополни дека е точен фактот дека со жалбата кандидатот ги има доставено трудовите, но претходно не биле доставени од кои причини комисијата ценела и бодувала само тоа што го имала пред себе.

За вториот жалбен навод-научни коментари и книга **членот на Советот м-р Селим Адеми**истакна дека кандидатот смета дека треба да добие – поени за документи доставени во прилог на жалбата – коментари, забелешки, прилози кои ги изготвил по однос на закони, учество во анализа, извештаи, книги.....итн. **Членот на Советот м-р Селим Адеми** во продолжение истакна дека кандидатот доставил книги, но дека самиот кажал дека истите се доставени во прилог со жалбата, додека во моментот кога комисијата расправала истите ги немало.

За жалбениот основ за образовни материјали за Академија**членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека кандидатот доставил презентациикористени при одржани обуки, материјали на обуки и 5 студии на случај дека е  обучувач на Академијата, дека бил предавач на Правниот факултет во Штип и имал учествувано на повеќе обуки како предавач/обуцувач. Дополни дека по овој основ на кандидатот не се доделени поени од причини што во чл.4 став 2 алинеа 4 од Правилникот е наведено дека за образовни материјали запотребите на академијата, за други обуки за потребите на студенти од правни науки и за други правни дела се дава по 1 бод за секој материјал. Дополни дека комисијата по овој основ не му доделила поени на кандидатот од причини што истите не ги доставил ниту со пријавата, ниту по барањето на комисијата од 29.09.2023 година. Дополни дека за да кандидатот добие поени по овој основ треба да го достави образовниот материјал и да наведе каде е објавен и што е објавено . Од тие причини не му се доделени поени.

Во делот на познавање на англиски јазик **членот на Советот м-р Селим Адеми**истакна дека кандидатот немал доставено сертификат за ниво на јазик, туку е доставена потврда од институт во Прага и кандидатот барал да го полага испитот пред комисијата. Во продолжение **членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека кандидатот има доставено и диплома за германски јазик, А и Б ниво, но за жал овие дипломи се со постар датум, односно од 2007 година, а правилникот предвидува дека не треба да бидат постари од 10 години. Дополни дека комисијата тоа го утврдила дека има дипломи, но согласно правилникот тие не треба да бидат постари од 10 години за Б ниво, а од 2007 година до сега се поминати повеќе од 10 години. Во таа насока истакна дека од причини што кандидатот има доставено потврда од институтот во Прага, а правилникот предвидува освен поени за  А Б и Ц ниво дека комисијата на кандидатот може да му додели поени и за книги, дипломи и сл наведе дека по овој основ на кандидатот врз основа на доставената диплома му е доделен 1 бод.

За компјутерски тест истакна дека кандидатот нема доставено сертификат. По наведување на останатите членови на Советот дека

станува збор за академец**, членот на Советот м-р Селим Адеми**истакна дека Судски совет по автоматизам по овој основ ќе му додели 1 бод.

Во продолжение**членот на Советот м-р Селим Адеми**истакна дека кандидатот Ѓорѓи Андонов во жалбата навел дека за менторство и едукација треба да добие 5 бода од причини што имал работено како обучувач и повеќе од 2 години бил член на комисијата за завршен испит при АСЈО. Дополни дека од она што го доставил кандидатот во моментот на огласот и врз основа на она што комисијата го побарала да се достави, овој кандидат доставил докази дека има до 5 обуки. По дополнувањето доставил докази дека има повеќе, уште еднаш нагласувајќи дека комисијата рангирањето го правела во моментот кога го одржала состанокот, врзоснова на документите кои ги имала кога расправала. Во продолжение**членот на Советот м-р Селим Адеми истакна** дека врз основа на таа состојба му е доделен 1 бод на кандидатот и дека смета дека не е оштетен. По однос на дополнувањата дека има повеќе предавања кои ги доставил дополнително,**членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека тоа е работа на Судски совет кој треба да одлучи дали ќе ги прифати. Ова од причини што во дописо кој бил доставен од Академијата за сите кандидати го немало овој кандидат, а во вториот допис имало доказдека има повеќе предавања, но тоа е доставено подоцна. **Членот на Советот м-р Селим Адеми истакна дека смета дека и**ма разлика од првото до второто, односно има 3 дописи, првиот кој е доставен по барање на комисијата и два кои ги доставил самиот кандидат, сите со печат, но дека комисијата го зела во предвид она што го имала кога расправала. Дали било пропуст или грешка на Академија истакна дека ќе цени Советот

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека ќе даде коментар само по однос на академијата .Во таа насока истакна дека е познато дека Академијата за одредени состојби, барем така е известена дека била во дилема што треба да наведува во тие потврди. Дополни дека од тие причини ова прашање било разгледувано на минатиот работен состанок по што веднаш е пуштено писмо подеднакви да бидат сите тие потврди од академијата. Во таанасока истакна дека и овој проблем е надминат и се надева дека во иднина нема даима потреба од тоа. Побара секогаш вината да не се префрла на академијата бидејќи и Советот има вина од причина што од различни комисии до академијата се доставувани различни писма. Дополни дека тоа е надминато и дека писмото епратено. Во продолжение п**ретседателот на Советот Весна Дамева** постави прашање: „Кога изминал рокот за писмото кое е пратено по меил, дали тој рок е до 29.09.2023 година “ ? Појасни дека ова го прашува од причини што има некои наводи кои биле поткрепени со некоја потврда од 12.месец..... „ тоа сакав да знам до кога е рокот во кој што судијата согласно со барањето на комисјата требало да ги достави документите“ .....

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** појасни дека комисијата барала да достават документи сите што имаат, но од причини што писмото до академијата било доставено до комисијата, комисијата имала за сите кандидати, па кога одлучувала и ги разгледувала документите од кандидатите го имала првото писмо од академијата, но го немала второто. Второто било доставено отпосле откако комисијата имала одлучено.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека тоа значи дека академијата нема рок. Постави прашање: „Кога се состанала комисијата" ?

**Членот на Советот м-р Селим Адеми**истакна декаод искуство кажува дека е добро што конечно е решено прашањето со академијата од причини што кандидатите оделе и интервенирале и во академијата, па затоа Советот го решавал тоа прашање бидејќи никој од Советот неможел да утврдува дали е тој образовен материјал за академијата или не е. Дополни дека тоа може да го докаже само академијата, при што нагласи дека тоа неможе да го доказе со истакнување дека кандидатот само има материјал, без да каже кој е и што е тој материјал. Од тие причини наведе деке сега Советот го расчисти ова прашање со заклучокот кој го донесе.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека ја интересира бидејќи не добила потврден одговор до кога .... ‚дали додека комисијата се состанала ја немало втората потврда„? .... „тоа ме интересира"…. Ова од причини што во точка 5 е наведено дека овие факти се поткрепени со потврда доставена од 11.12.2023 година. Поради наведеното истакна дека смета дека комисијата треба да го каже датумот за да сезнае дали можеби е направен превид, .... „ двете потврди биле, а само едната сте ја гледале"…..

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека воопшто не се работи запревид и дека не е точна констатацијата дека од страна на комисиите кои постапуваат во Судски совет се барани различни податоци од академијата. Во таа насока дополни дека писмата и барањата до академијата се идентични, а одговорите кои се добивани од академијата се добивани со различна содржина…..

**Претседателот на Советот Весна Дамева** се обрати до **членот на Советот Лорета Горгиева** укажувајќи дека минатата недела тој проблем е надминат со донесување на заклучок кој е пратен во академијата. Од тие причини побара поконкретно излагање.

**Членот на Советот Лорета Горгиева**истакна дека само сакала да укаже дека нема пропуст кај комисијата. По однос на овој кандидат истакна и дека во моментот кога комисијата одлучувала и се состанала

имала на увид едната потврда со една содржина, а тоа што дополнително било доставенои што кај членовите на комисијата создало забуна, е дека наредните потврди носат исти архивски број 02-22/100, носат различни податоци, а се врзани со истиот број. Истакна дека доколку на архивскиот број имало 1/2/3 ќе разберела дека се работи за дополнително доставен материјал. Единствено од изјавата на судијата која не е кросирана и е ставена со овие нови потврди комисијата заклучила дека се работи за потврди со корегирани податоци доставени од академијата. **Членот на Советот Лорета Горгиева**во продолжение истакна дека **с**мета дека тоа не во ред, дека потврдите треба да се кросираат со цел да не се создава забуна дека се работи за фалсификат или нешто што не е во ред. Повторно нагласи дека во моментот на одлучување тоа што комисијата го имала е првата потврда и врз основа на податоците од првата потврда комиисјата ги има правилно дадено бодовите.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека замолува комисијата да каже кога се состанала, кој датум од причини што за неа како член тој датум е многу важен податок. Ова од причини што наводите што биле изнесени дали е фалсификат или не е. Во продолжение истакна дека е изненадена и разочарана ако имало 3 потврди дасе 3... „ нас не не интересира деловодното бројче, има потпис таму, печат има “....

**Членот на Советот Лорета Горгиева**истакна ....„не реков фалсификат“.....

**Претседателот на Советот Весна Дамева** побара комисијата само да каже дали потврдата која судијата ја наведува под точка 5 комиисјата ја имала кога сесостанала, на што од **членот на Советот Лорета Горгиева** доби негативен одговор дека не била доставена.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми**во дополнениеистакна дека ја имало само првата потврда, а доколку ја имало и втората тогаш ќе дале поени.

**Членот на Советот Мирсад Суроји**како член на комисијата за рангирање истакна дека како што и претходно навел овие забелешки ги имал и на денот кога комисијата се состанала, допонувајќи дека тоа го знаеле и колешката Лорета и колегата Селим. Дополни дека знаел дека повеќе од кандидатите таквите забелешки ќе ги истакнат во жалбени наводи. По однос на конкретниот случај наведе дека тие забелепки сеистакнати, па за да не се доведуваат во заблуда ќе каже дека од 05 октомври 2023 година сите сенаведени, а и како координатор за тој суд ги знае многу добро работите. Во таа наока ч**ленот на Советот Мирсад Суроји** постави прашање до **членот на Советот Лорета Горгиева**: „Како претседател на комисијата зошто не побаравте....еве прилози и

сертификати сите години се наведени, примено во Судски совет на 05 октомври што значи било најавено. Во продолжение **Членот на Советот Мирсад Суроји** истакна дека кандидатот потоа на 18,19 12 најавил по електронски пат заради обемност на материјалите.... „па сега јас како член на комисија ги имам следните забелешки---- „ќе одам по основи“.... По однос на научни коментари, книги и објавени стручни трудови истакна дека смета дека тие наводи се основани. Објвени стручни трудови согласно чл.4 ст.2 од Правилникот од страна на комисијата иако јас се потпишав и најавив дека на седница ќе ги изнесам сите овие забелшки за да не издвојувам мислење.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** резимираше...Вие сте најавиле и овие факти сте ги знаеле и во време на одлучувањето, за што доби потврден одговор

**Членот на Советот Мирсад Суроји** во продолжение истакна дека во таа графа е земено 0,10 поени. Истакна дека кандидатот ги имал најавено и доставено, а дали ги има претседателот на комисијата нека каже. Прирачник за новинари од 2020 година на Судско медиумски совет над 140 страници, како и прирачник за судење од Источна и Централна европа од 2021 година на ЦЕЕДИ Институт во Прага од 63 страници има најавено ВЕБ страница. Во продолжение **членот на Советот Мирсад Суроји** истакна дека ако се оди по страници, согласно Правилникот тогаш треба 0,6 бодирање и 1,4 и 0,6 што значи вкупно наместо 0,10 треба да се доделат 2 бода. Во делот на тестот за компјутери истакна дека Советот веќе има  став, а не  е напишан ниту тој бод што му следува на кандидатот. По однос на овој кандидат кој бил и кандидат запретседател укажа дека има и извештај кој е усвоен од Советот каде на страна 8 од извештајот многу јасно пишувало дека за 2021,2022 и 2019 година комисијата за проверка на знаењето на практичната работа со компјутери ја известила комисијата запроверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите дека сите кандидати го положиле тестот за проверка на знаењето на практична работа со компјутери, каде истиот судија бил кандидат за претседател. Поради наведеното ч**ленот на Советот Мирсад Суроји** истакна дека и во оваа графа предлага наместо 0 кандидатот да добие 1 поен

**Членот на Советот м-р Селим Адеми**истакна дека по овој критериум сега на седницата на кандидатот веќе му е даден 1 поен.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека му едаден еден поен на оваа седница ама затоа што бил академец, а **членот на Советот Мирсад Суроји** какжува дека полагал што е сосема различно.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** се јави за збор процедурално. Истакна дека се согласува со сите наводи истакнати од

колегата Мирсад Суроји дополнувајќи дека само треба да каже дека кандидатот овие документи ги има сега а не кога комисијата одлучувала.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека затоа прашала дали некој ги имал овие информации во Судскиот совет.

**Членот на Советот Мирсад Суроји** истакна дека документите и списите не биле кај него како член на Советот и дека затоа прашање треба да одговори претседателот на комисијата.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека ако комисијата ги имала документите во моментот на одлучување веќе тоа е друга ситуација. Побара **членот на Советот Мирсад Суроји** да се докаже

**Членот на Советот Мирсад Суроји**во продолжение истакна дека од 06 октомври документите биле најавени и дека некои работи ги гледа низ призмата на судија.По однос на познавањето на англиски јазик истакна дека за него е неспорно дека во чл.4 ст,2 од Правилникот во последната реченица било многу добро наведено дека кандидатот може да го докаже познавањето на јазикот за ниво А или Б и со тест пред комисијата или други факти. Тоа според него значи дека и студии или работа во странство или изработка на трудови може да го потврдат знаењето на јазикот. Според наведениот член ч**ленот на Советот Мирсад Суроји** истакна дека смета дека во овој дел судијата има доставено прирачник кој е изготвен од неговата страна во Прага на 63 страници, на англиски јазик и има потврда од истиот Институт доставен до Судски совет како доказ. Во таанасока постави прашање: „Дали тоа не е факт“?? Во овој дел предложи наместо 1 кандидатот да добие 5 бода

**Претседателот на Советот Весна Дамева** во делот на академијата истакна дека мора да појасни за членовите дека Академијата најверојатно имала проблем од кандидатите или од Судски совет по однос на ставовите од кои причини по сопствена иницијатива како претседател сеобратила со писмо до академијата, по што проблемот е решен. .... „ Имало некој проблем, да не ја обвинуваме академијата“......

**Членот на Советот м-р Селим Адеми**истакна деказа некои работи одлучувал Советот, а тоа што го кажал е негов личен став . Повтори дека Судскиот совет ја носи одлуката а не комисијата, а комисијата треба само да образложи во моментов кои податоци ги има. Во продолжение истакна дека е точно дека колегата Мирсад Суроји реагирал кога ги гледале документите за јазик и дека укажал дека судијата многу добро го познава англискиот јазик, дека е професионалец и дека како кординатор за тој суд знае дека станува збор за перфектен судија. Дополни дека никој тие факти не ги оспорува и дека овој судија

може да биде најдобар судија во државата, но во моментот на разгледување на документите немало доставено ниту еден документ запознавање на јазик, а по тој основ правилникот кажува дека ако јазикот не седокажува со сертификатна кандидатот му се дава еден бод. Од тие причини **Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна декапри одлучувањето комисијата одлучила на овој кандидат да му даде 1 бод. Истакна и тоа дека судијата имал сертификат и за познавање на германски јазик Б ниво, но никој не е виновен дека сертификатот е од 2007 година, а Правилникот кажува дека сертификатот за Б ниво неможе да биде постар од 10 години. ..... „ Така е наведено во правилникот, не велам дали тој е добар или лош, но по истиот мора да сепостапува затоа има нула бодови“ ..... Дополни дека колегата Мирсад Суроји се чудел дека кандидатот само ги најавил и точно е дека ги најавил, но најава и достава за него се две различни работи зошто и тој гледа дека има книги кои сега ги доставил и се чуди зошто колегата кога ги имал книгите не ги доставил на време, туку напишал се што е потребно....„замислете на нас ни е потребно...., да му побараме“. Од наведените причини истакна дека смета дека нема потреба комисијата да му се обрати на кандидатот кога комисијата до сите кандидати доставила допис по електронски пат во кој укажала дека согласно правилникот треба да ги достават сите документи, .... „ од каде да знаеме дека има книги“ ...... Од тие причини ч**ленот на Советот м-р Селим Адеми** изјави дека како тоа судиски го чени **членот на комисијата Мирсад Суроји** незнае, но во моментот на одлучување на комисијата тие документи ги немало. Сепак истакна дека Судскиот совет ќе одлучи дали тие документи кои ги најавил кандидатот и сега ги има ќе ги признае или нема да ги признае. Во делот на англиски јазик каде **членот на советот Мирсад Суроји** предложил на кандидатот да му се дадат 5 бода ч**ленот на Советот м-р Селим Адеми** побара да се каже кој член од Правилникот или Законот предвидува дека доколку имаш книга на англиски јазик треба да седадат 5 бода. Дополнувајќи дека постои и можност за што е расправано на претходната седница дека кандидатот има право да го докаже познавањето на јазџикот и пред комисијата. Дополни дека комисијата го разгледала и тоа барање, но за да му се даде на судијата таква можност смета дека треба Судскиот совет да донесе акт врз основа на кој ќе го проверува знаењето. .... „ Јас неможам и најверојатно никој од нас неможе да цени дали кандидатот има ниво на познавање на англиски јазик Ц1 зошто за да цениме ние дека некој има познавање на јазик ниво Ц1 треба даимаме ниво Ц2 или да сме лиценцирани.“.....Дополни дека доколку се кажува дека треба проверката да ја прави лиценцирана компанија треба да се каже иврз основа на кои акти, затоа треба објавување на тендер, па дали има пари ...итн што според него значи одолговлекување на постапката. Од тие причини **Членот на Советот м-р Селим Адеми истакна дека к**ако комисија кажалена кандидатите да ми се признае се што се доставува и за книга да има 1 бод. Во продолжение истакна дека на претходната кандидатка која доставила сертификат за ниво А и е даден 1 поен,

дополнувајќи дека можеби таа знае јазик и за повисоко ниво, но тоа и било доставено во документите. Во продолжение ч**ленот на Советот м-р Селим Адеми истакна дека и**ма и други колеги кои знаат одлично англиски јазик и што биле во Англија, но во моментот никого несакале да оштетатДополни дека според него спорно е само, за што одлука требало да донесе Судскиот совет зошто од академијата има повеќе обуки кандидатот. .... „ Можеби академијата направила грешка....можеби, се случува, за мене само тоа е спорно дали може да му се даде бод бидејќи има повеќе обуки. За компјутери истотака расчистивме дека треба да му се даде 1 бод и тоа не е спорно“......

**Членот на Советот Мирсад Суроји**истакна дека најавата од судија е доволен факт, тој ги знаел тие факти па неможел да најавува за нешто што го нема. По однос на англискиот јазик истакна дека во правилникот било наведено дека може да се доказе познавањето за нивото А или Б, но не и за Ц, за студии или работа во странство или изработка на трудови на релевантен јазик,. Од тие причини истакна дека затоа и укажа, поради книгата од Прага од 63 страници и потврдата која ја имал кандидатот и дека тоа дава за право по овој критериум да има 5 бода..... „ затоа и го дадов предлогот“......

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека е оправдана дилемата на комисијата бидејќи кандидатот трудовите ги доставил надвор од рокот, па Советот сега треба да одлучи за прирачник за судии и новинари и практичен прирачник за судење во Централна и Источна Европа. Дополни дека датите на овие прирачници се пред да биде објавен конкурсот и дека Советот имал таква ситуација кога одлучувал по жалбите за Апелационен суд Скопје. Од тие причини смета дека со право комиисјата оставила одлука да донесе Советот, бидејќи тоа е нешто што е надвор од рокот Дополни дека кандидатот во жалбата зборува и занаучни коментари и учество во донесување на закони за кои смета дека тоа неможе да се земе како научен коментар бидејќи многу судии и членови на Судски совет учествуваат и тоа треба да сепоткрепи со доказ. Поради наведенито ч**ленот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека смета дека по овој критериум на кандидатот неможе да му се даде поен. По однос на образовни материјали наведе дека кандидатот учествувал на повеќе обуки, но нема доставено доказ и за ваков случај Советот имал став пришто нр бил прифатен бидејќи требало да се достават докази. По однос на познавање на англиски јазик **Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека кандидатот изготвил прирачник, но не доставил доказ за познавање на нивото. Од тие причини истакна дека Советот треба да биде доследен како и за судиите од Апелационен суд Скопје каде доделил еден бод. Во продолжемие **членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека смета дека Советот треба да биде конзистентен од кои причини по овој критериум предложи да се додели еден бод. По однос на

познавањето на јазик бидејќи за колешката Мирјана Смиљкова која имала доставено материјал од студиска посета во Америка кој материјал го признал Советот и и дал еден бод, тоа се случило на седница и затоа има доказ. Што се однесува до компјутерскиот тест ч**ленот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека по овој основ немала дилеми ниту комисијата и бидејќи е академец кандидатот треба да добие 1 бод. Во продолеение истакна дека ова што го кажува впрочем кажува како таа би одлучувала по овој приговор. За менторство и едукација наведе дека смета дека кандидатот е добро вреднуван и му се доделени 3 бода без оглед што во едната потврда стоело дека тој како едукатор одржал две обуки, а во другата потврда дека одржал три обуки, кое нешто и самиот го кажувал декаи неможел да одржи повеќе обуки бидејќи сега бил член на Комисијата за завршен испит што е факт. Во таа насока ч**ленот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека Советот неможе да му даде повеќе бодови од тоа што го има, па и ако се земе последната дополнителна обука, односно ако се земе дека има 3 обуки, една што ја посетувал и оние кои ги одржал поради што неможе да му се даде три бодови.**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека сумирано кандидатот треба да има: 1 бод за компјутерски вештини, за објавени научни трудови истакна дека би гласала дека треба да му се додаде поен согласно број на страници како што следи бидејќи се со датуми кои се од претходно, за научни коментари и образовни материјали истакна дека не би му дала поени, и за познавање на англиски јазик би дала уште 1 бод. Истакна дека тоа е нејзиниот предлог.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека има разлика помеѓу број на објавени научни содржини на правни теми максимум 5 поени, а 2 поени заучество во научни коментари или за книга.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** побара да се види за научни коментари што може да се направи, поточно за прирачник за далечинско судење за централна и источна Европа и прирачникот- кој не биле доставен, но го доставил после. ..... „Ги немало најавени биле, сега ги има и затоа сега Советот треба да одлучи, комисијата ги немала и неможела да одлучува“.... Во продолжение ч**ленот на Советот м-р Антоанета Димовска и**стакна дека дава свој предлог, по овој основ да се пресметаат бодовите бидејќи оди по страница и да се даде за компјутерски вештини и за познавање странски јазик по 1 бод. Смета дека заменторство и едукаторство правилно му се дадени три бода на кандидатот.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека сака да постави прашање: „Дали со трудот издаден од ЦЕЕЛИ нститутот од Прага е доставен и сертификат“? Дали од тој институт на судијата Ѓорѓи Андонов му е даден сертификат за јазик ? Дополни дека ова го прашува

од причини што во материјалите ја нема жалбата, поради што неможе да се произнесе.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** во одговор појасни дека не му е даден сертификат за јазик, туку сертификат дека учествувал во изготвување на прирачникот.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** дополни дека сертификатот е на англиски јазик, па како судијата учествувал во изготвувањето, како не знае јазик.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека го корегира својот предлог на начин што на кандидатот да му се доделат 1 бод закомпјутери и 2 занаучен труд,наведувајќи дека сака да образложи. Во таа насока наведе дека вака предлага бидејќи Советот имал докази на англиски јазик кога одлучувал по жалбата на колешката Мирјана Смиљкова точно раководејќи се по методологијата по што било кажано дека во тој случај ќе се земе како Аниво познавање и ќе се додели1 бод за да биде Советот конзинстентен во одлучувањето. Дополни дека несака никого ниту да награди, ниту да оштети бидејќи така е одлучено и од овие причини и нејзиниот предлог го дава како таков.

**Членот на Советот Мирсад Сурoји**истакна дека и тој имал предлог кој го изложил бидејќи по однос на јазикот во Правилникот било многу јасно наведено дека за ниво А и Б може со работа во странство или со изработка на релевантен јазик, па како тогаш даму се даде на кандидатот 1 бод кога има книга на англиски јазик од 63 страници.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека многу работи се кажале на денешната седница и не е во ред колегите да имаат искривена слика за работите. Дополни декакомисијата работела студиозно и концизно за секој кандидат и го разгледувала секој документ. Дополни дека записникот е од 05.12.2023 година и до овој датум 05.12.2023 година за секој кандидат се што било доставено врз основа на дополнителното барање на комијата за достава на дополнителни документи било разгледано. По однос на кандидатот Ѓорѓи Андонов истакна дека е точно дека по писмото на комисијата од 09-ти месец, доставил, но само писмо во кое само навел како називи, но материјали не нбиле доставени до комисијата. Во продолжение истакна дека од тие причини комисијата не прифатила ни за претходните кандидати кога одлучувала за апелација Скопје“....Поради наведеното ч**ленот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека смета дека кај комисијата нема пропуст. Истакна и дека е точен фактот дека од страна на членот на комисијата Мирсад Суроји било реагирано во смисол....„како можел дане достави, да не му дадеме бодови и констатација сигурно ќе достави со жалбата“.... Во делот на познавањето англиски јазик ч**ленот на Советот Лорета Горгиева истакна дека** не се сомнева дека судијата одлично го

владее, бидејќи и лично го познава, но комисијата немала сертификат и неможела да даде нешто што нема, дополнувајќи дека сите пријавени кандидати сега да полагаат англиски јазик ќе земат Ц1 ниво, но никој од нив немал сертификат. По однос на кандидатот Ѓорѓи Андонов наведе дека единствено нешто што е доставено е сертификатот по германски јазик од 2007 година кој согласно со правилникот неможе да севреднува. Во продолжение истакна дека сака да се има јасна слика бидејќи се што е дискитурано е ставено во записник, како и дека во тој момент никој од членовите на комисијата немал издвоено мислење бидејќи тоа е фактичката состојба. Дополни дека вчера ги дала да се скенираат плус трите потврди од академијата со цел да сескенираат материјалите и членовите на Советот да ги видат и да сепроизнесат дали може да се бодува кандидатот, дополнувајќи дека во делот запотврдата за академија стоело само една обука, а потоа 2 па 3 обуки, ..... „ да не се создава грешна слика дека некој некому нешто сакал да скрати“ .....**Членот на Советот Лорета Горгиева и**стакна и дека сака да каже и тоа бидејќи како судија доаѓа од апелационото подрачје Штип сите кандидати и од овој и од следниот оглас кои се пријавиле би ги испратила да работат како судии на Апелационен суд Штип бидејќи ваква сила, ваква енергија........

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека ова ќе се каже кога ќе се бираат кандидатиите а сега да се дозволи да се произнесат и другите членови на Советот.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** го продолжи своето излагање за кандидатот Цона Каламерникова. Истакна дека овој кандидат уште на почетокот доставил допис со кој барал согласно одредбите од правилникот да и се овозможи даполага тест за англиски јазик бидејќи учествува и надвор од државата на симпозиуми и семинари на кои излагањата ги правела на англиски јазик, но истата немала сертификат и затоа барала полагање. Дополни дека тоа било дискитурано на колегиум како и за судијата Мирјана Смиљкова како и за други, дека Советот нема услови да спроведе полагање натест за англиски јазик. Од наведените причини дополни дека на кандидатот му било доставено писмо доколку сака да дојде да полага компјутери при што истата одговорила дека нема да дојде да полага, што значи дека и е дадена можност за полагање компјутери. ...... „ Само сакам да се стекне впечаток дека за секој кандидат студиозно се расправаше затоа изложувам“ .....

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна како може кандидатот да достави сертификат за германски, а да не доставии за англиски, што значи дека тоа што го имал во моментот тоа го доставил. Од тие причини истакна дека не сака обвинувања и дека се согласува дека кандидатот перфектно знае англиски јазик, но побара да му се каже

врз основа на кој критериум да ги додели тие 5 бода и дека повеќе комиисјата нема работа и треба одлука да донесе Советот.

**Членот на Советот Мирсад Сурои** истакна дека кандидатот од Прага нема доставено сертификат за англиски јазик, туку во прилог има сертификат занаведените публикации поточно има доставено сертификат дека публикацијата во Прага била на англиски јазик.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека ќе се произнесе по предлозите, но најнапред сака да ја пофали комисијата и не само оваа туку и било која друга бидејќи знае што значи оценување и дека ја знае целата постапка бидејќи била дел од таков процес поради што и неверува дека било кој и од било какви причини направил пропуст.Во продолжение истакна дека пред Советот биле изложени сите факти и сите аргументи и имале можност да извршат увид во сите досиеја од кои причини кај неа непостои никаков сомнеж. Во продолжение истакна дка е добро што еислушан и колегата Мирсад и таа како член на Судски совет, а не како претседател сака да се произнесам. Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека комисијата во одреден дел за компјутери се согласила да седодели 1 бод. Во делот на научните трудови, по предлог на колешката Антоанета Димовска истакна дека ....„ можеби да“....., но гледајќи ги сите факти мора да го каже следното“ дека останува на ставот дека доколку со истекот на времето кога требале да бидат доставени доказите, истите не биле доставени, ...... „ еве таа потврда од академијата што ја споменувате бев известене дека е дополнително доставена кога комисијата одлучувала. односно комисијата одлучувала на 05.12.2023 година, а потврдата била доставена на 11.12.2023 година....„така ми рефериравте“...., По однос на јазикот **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека има друга ситуација и мора дакаже, бидејќи воопшто не е идентична со било кое одлучувањепретходно. Оф причини што кај ниеден какдидат и од претходните огласи не видела дека изготвиле стручен труд на англиски јазик, од тие причини **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека кај неа како член на Совето се јавува дилема и дека би гласала најмалку за Б ниво, бидејќи се потврдува дека тој практичен прирачник за далечинско судење во Централна и Источна Европа е доделен од ЦЕЕЛИ од Институтот во Прага и истиот е на 63 страници, а судијата бил ко-автор на тоа. Од овие причини **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека несака да помисли дека судијата има А ниво, несака да го награди, но со таква потврда од тој Институт истакна дека би нашла некоја средина, дополнувајќи дека можеби и тука нема да биде правична затоа што смета дека треба Ц ниво, но еве поради се предлага на кандидатот да му се признае Б ниво затоа што има потвда од Институт од странска држава, а се знае како постапуваат и одлучуваат тие иснститути. Дополни дека од тие причини нагласила дека не станува

збор за идентична ситуација, од причини што ниту еден од претходните кандидати немал изготвено и не бил ко-автор на било каков научен труд со странска содржина. Согласно наведеното **Претседателот на Советот Весна Дамева**истакна дека за неа прифатлив е предлогот за компјутери кандидатот да добие 1 поен, 1 поен да добие заобразовни научни коментари. По однос на англискиотјазик истакна дека не се согласува со предлогот на колешката Антоанета и ќе гласа против, односно ќе гласа за 5 поени бидејќи неможе да потврди за 15, а несака да изгледа тенденциозно....

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска**побара збор. Истакна дека сега е разубедена бидејќи кога се навраќа кај колешката Мирјана Смиљкова немало таква ситуација.....а бидејќи правилниокот дава А и Б......максимумот да се даде.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека судија кој што изготвувал научен труд на англиски јазик да добие 1 бод за сметка на судии кои некогаш и про форма имале доставувано, 15 бода.......мисли дека многу ќе се оштети кандидатот. ..... „Јас размислува и за Ц, но еве во најмала рака Б. Ако сум грешка поправетеме, никој не изготвувал научен труд на англиски јазик и тоа 63 страни.“ .....

**Членот на Советот Сашко Георгиев**истакна дека се согласува во целост со изнесеното од страна на колегата Мирсад Суроји ккој истакнал дополнителни сознанија како кординатор на тој суд и во целост го поддржува. Побара да се прави разлика помеѓи сертификат издаден од позната реномирана странска институција, наспртоти сертификатите од нашиве школи....„ „не ги потценувам, но секогаш постои дополнителен сомнеж по однос на нашиве школи“ ........Истакна дека мора да се знае дека меѓународен сертификат како овој во конкретниот случај издаден од ЦЕЕЛИ има свое значење и тоа ќе го цени.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** побара колегата да дообјасни од причини што не серботело за потврда за познавање на јазик

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека тоа Правилникот не го предвидел, но да не се заборави дека Советот нема начин да спроведе се од Правилникот за тестирање.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** побра да не се споменува сертификат за јазик бидејќи ова не е сертификат за јазик. Во продолжение побара од предлагачот кој предлага на кандидатот да му се дадат 5 бода да му ги цитира одредбите од Правилникот за рангирање на кандидати, каде јасно кажува нибо Б – 5, ниво Ц 15, било што друго се докажува....семинари се дава 1 бод.... или да го докаже пред Советот. Побара да му се каже кој знае, .... „ еве барем јас ќе кажам немам ниво Б

за да ми докаже дека тој знае за Ц ниво. Ако некој од нас мнозинството има сертификат Ц 1 тие може да размислуваат, или најдетеми било каде..... во Правилникот убаво пишува ниво 3 и 4 се А, ниво 5 и 6 се Б, па нека ми се најде дека доставена книга или предавање некаде и пуубликација е ниво на тој јазик “.... Дополни дека сега со вештачка интелегенција може било кој да изготви текст на англиски јазик и да го публицира, ополнувајќи дека тој незнам англиски а има публикација на негов труд на англиски јазик, која била напишана на албански јазик, па била преведена на англиски јазик, па проверена по што е објавена на англиски јазик...... „ Тоа не значи дека јас го знам англискиот јазик “.....

**Претседателот на Советот Весна Дамева** во реплика истакна дека е точно дека се бара доказ согласно Правилникот, но исто така е точно дека Судскиот совет, односно комисијата е должна да овозможи полагање на англиски јазик, односно неговото знаење да го докаже пред Советот. Со доставување на овој труд од 63 страни, верификуван на јазик од странски институт, истакна дека и е докажано дека најмалку Б1 ниво, дополнувајќи дека смета дека и со овој нејзин предлог ќе го оштети кандидатот. Дополни дека според неа ова е доволен доказ дека сепак знае Б ниво бидејќи Советот нема можност да ја спроведе постапката за тестирање.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** се повика на чл.4 ст.2 алинеа 1,2 3 од Правилникот за рангирање на судии во повисок суд и истиот го цитираше. Истакна дека од овие причини и самата ретерирала во својот став, дополнувајќи дека кога Советот доделил 1 бод кај колешката Мирјана Смиљкова таа немала таква потврда по однос на изготвување на материјалот, додека во овој случај има потврда од ЦЕЕЛИ Институтот дека учествувал.

**Членииот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека е доставена само благодарност поставувајќи прашање:„Дали врз основа на тоа може да се цени дека кандидатот .....

**Претседателот на Советот Весна Дамева** побара од членот на комисијата за рангирање,**членот на Советот м-р Селим Адеми** да ја прочита благодарност, дополнувајќи дека несака да се сомнева дека судија изнесува невистини....

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** во продолжение истакна дека ниту во еден момент не се сомнева во комисијата дополнувајќи дека тоа што на комисијата и било неспорно го бодирала, а се она што останало спорно е во овој момент пред Советот при што секој го кажува своето мислење. Уште еднаш повтори дека воопшто не се сомнева во комисијата, но мисли дека може да се даде уште 1 бод

**Претседателот на Советот Весна Дамева** повтори дека неможе да се сомнев во веродостојноста на судијата  кој навел дека е ко-автор на практичен прирачник за далечинско судење во Централна и Источна Европа од 2021 година на ЦЕЕЛИ –Институт од Прага, на 63 страници на англиски јазик.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна дека по однос на ова прашање и наводите истакнати во жалбата од страна на кандидатот смета дека е посветено доволно внимание. Смета дека се спорни само бодовите за јазик. Се согласи со опстанатите дека нетреба да се обвини комисијата бидејќи истата ревносно се посветила дополнувајќи дел смета дека доколку правилно се примени Правилникот, а тоа е обврска на Советот она што го кажала колешката Антоанета го потврдува. Доколку нема друг начин смета дека се знае кој е начинот на бодирање, односно дека познавањето се докажува со сертификат, но подолу има наводи во одредбата од            Правилникот кои викаат ако неможе со сертификат да се докаже тиогаш може со  сертификат за студии или работа во странство или со  изработка на трудови на странски јазик. Врз основа на нведеното истакна дека Правилникот во ваков случај дава за право лпга се има потврда за учество која се одвива на странски јазик а тоа е англиски јазик што значи кандидатот има право со оглед дека неможе да му се овозможи полагање на испитот, Предложи на кандидатот да му се даде 5 бода за познавање на англиски јазик.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** процедурално се јави за збор. Истакна дека долго време се дискутира по однос на ова парашање поради што смета дека и да се продолжи со убедување  нема да се убедат членовите помеѓу себе  бидејќи секој има свој став. Во продолжение истакна дека е формалиста и за се бара доказ, но врз основа на одредбата од Правилникот за рангирање на судии во повисок суд може да се најде основа за доделување на бодови за познавање на јазик од ниво А или Б. Дополни дека според неа во овој случај постои друга состојба и дека Советот ќе се доведе во ситуација.....затоа предложи да се изгради став од страна на Советот врз основа на кој ќе цени во кој случај ќе има А ниво, во кој случај Б ниво. Од тие причини побара да се скрати дискусијата ида се стави предлогот на гласање,бидејќи секој од членовите има свој став и нема да се постигне убедување, но правилата да важат за сите во иднина..

**Членот на Советот Мирсад Сурoји** истакна дека  кога ги истакнал забелешките негов предлог било наместо 0.10 за објавени стручни трудови ....„ „и останатите беа согласни“.... да бидат 2 поена, со оглед на публикациите и книги, 0,4 и 1,6 бода, значи 2, па наместо 0,10 да бидат 2 бода.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека на овој начин се менува и категоријата. Затоа побара прецизно да се даде предлогот бидејќи така ќе се стави на гласање, дополнувајќи дека 0,1 поен е даден за стручни трудови

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна ....„треба да се додаде само“....

**Претседателот на Советот Весна Дамева истакна во ред наместо 0,1 да биде 2 што значи уште 1,9**

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** побара да се разјасни дополнувајќи дека кога се работи за стручен труд се доделува 1/10 а кога е книга е друга работа

**Претседателот на Советот Весна Дамева**истакна дека тоа прецизирање го барала и дека колегата Селим Адеми е во право. Дополни дека се довела во заблуда нагласувајќи дека ако е еден труд 0,1 бод, тогашсе два труда плус 0,2, а не 2 бода........ „Кажете ако менувате не е стручен труд, научен труд рече спаѓа во друга глава “.....

**Членот на Советот Лорета Горгиева** зеде збор и започна со изведување на наводи за кандидатот Цона Каламерникова

**Претседателот на Советот Весна Дамева** ја прекина истакнувајќи дека не добила збор и дека до овој кандидат не е дојдено да се расправа. Побара од **членот на Советот м-р Антоанета Димовска** да изврши презизирање со цел да се види да не се менува категоријата

**Членот на Советот Мирсад Суроји** го истакна својот предлог наведувајќи дека согласно правилникот во кој пишува 1/10 до 10 страници, од тие прричини бара наместо 0.10 да бидат 2 бода

**Претседателот на Советот Весна Дамева** побара од **членот на Советот м-р Селим Адеми** да прецизира

**Членот на Советот м-р Селим Адеми**истакна дека сеоградува и веќе не пречизира и жали, дополнувајќи дека ..... „доколку Советот станал мајка тереза, да се правиме дека не сме знаеле “.....

**Претседателот на Советот Весна Дамева** повторно побара од **членвите на Советот Мирсад Суроји и м-р Амтоанета Димовска** да се прецизира предлогот по таа точка наведувајќи дека доколку тоа не се случи предлоггот по таа точка ќе отпадне и дека **членот на Советот м-р Селим Адеми** е во право.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска истакна** број на објавени стручни трудови ....„ова е стручен труд“ број на објавени стручни трудови со научна содржина за правни теми максимум 5 поени и по 1/10 поен за секоја публикација до 10 страници....сега треба да се пресмета колку страници има

**Членот на Советот Мирсад Сурoји** истакна 140 и 63 страници...таа пресметка е

**Членот на Советот м-т Селим Адеми** истакна дека до 10 страници се добива 0,1 бод дополнувајќи декаброј на објавени стручни трудови со научна содржина за правни теми  максимум 5 поени и по 1/10 поен за секоја публикација до 10 страници....„ако нема до 10 не му даваш ништо “.... и ако е 1000 страници е 1/10 нема математика.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна дека според него стручен труд е ако книгата е целосно изработена од страна на кандидатот, а во којнретниот случај ако се види содржината само во еден дел со останатите дава свој научен коментар на определена тема

**Претседателот на Советот Весна Дамева**  постави прашање: „Дали се согласувате по секоја точка да оди посебен предлог за гласање“?

Откако доби позитивен одговор од членовите на Советот **Претседателот на Советот Весна Дамева**  истакна дека неможе да се донесе одлука дали делукмно се уважува жалбата бидејќи најнапред гласањето треба да оди точка по точка

Во продолжение предлогот доставен од **членот на Советот м-р Антоанета Димовска** за жалбен навод кој што се однесува на објавени стручни трудови да му се доделат наместо 01, 0,2 поени го стави на гласање.

По гласањето констатираше дека со 8 гласа „За“ и 1-- гласа „Против“ е усвоен предлогот

Во прдолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева**  на гласање го стави предлгот за компјутерски вештини на кандидатот да му се додели 1 поен.

По гласањето констатираше дека со 9 гласа „За“ и ниту еден  глас „Против“ е усвоен предлогот

Се премина на последниот предлог на кандидатот да му се дадат 5 поени за познавање на англиски јазик

**Претседателот на Советот Весна Дамева** и овој предлогт го стави на гласање

По гласањето констатираше дека со 8 гласа „За“ и 2 гласа „Против“ е усвоен предлогот.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека ќе се премине на гласање на предлогот да се донесе решение со кое жалбата на кандидатот Ѓорѓи Андонов, судија на Основен суд Штип изјавена против предлог ранг-листа на кандидати за избор на 1 (еден) судија на Апелационен суд Штип, за кривична област бр.09-982/35-3 од 07.12.2023 година,**делумно се усвојува**и тоа во делот на познавање на англиски јазик се доделуваат 5 поени, во делот на познавање компјутерски вештини 1 поен и во делот на објавени стручни трудови со научна содржина се доделуваат 0.1 поен,

Предлогот го стави на гласање

По гласањето констатираше дека со 10 гласа 10 „За“ и ниту еден глас „Против„ е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Жалбата на Ѓорѓи Андонов,судија на Основен суд Штип изјавена против предлог ранг-листа на кандидати за избор на 1 (еден) судија на Апелационен суд Штип, за кривична област бр.09-982/35-3 од 07.12.2023 година,**делумно се усвојува**и тоа во делот на стручни трудови со научна содржина се доделуваат 0.1 поен, за познавање на англиски јазик се доделуваат 4 поени и за познавање на компјутерски вештини 1 поен или вкупно 5,1 поени од претходно доделените поени.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека со оглед на околноста што следува одлучување по предлог ранг листата постави прашање: „ Дали со оглед на овие промени по изјавените жалби има промена на предлог ранг листата“?

За збор се јави **членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека со оглед на промените во доделувањето на бодови за англиски јазик на претходниот кандидат смета дека се менува состојбата па аналогно на тоа смета дека и кај колешката Цона Каламерникова која исто така навремено барала да и се овозможи дадолага англиски јазик и дури имала поставено прашање дали може во текот после огласот да полага и да достави дополнително сертификат што од страна на Судскиот совет

не и било овозможено. Дополни дека истата има доставено 2 сертификати кои комисијата не и ги прифатила од причини што биле од 2004 и 2006 година, едниот за 4-ти спепен посетување обука за англиски јазик и другиот од 2006 година за активни учество на меѓународен семинар на англиски јазик во Романија Согласно наведеното **членот на Советот Лорета Горгиева** и за овој судија побара, патем истакнувајќи дека тврди дека доколку полагала ќе добиела Ц 1 ниво наместо 1 бод да се направи корекција на 5 бода.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека по однос на ова веќе е прочитана законската одредба и ова не е затоа што во Судскиот совет нема услови да сеполага, туку затоа што од одредбата од правиулникот која што ја читаше колешката м-р Антоанета Димовска е наведено :...„ „и други факти кои што може да пиотврдат“.....

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека оваа колешка нема вложено приговор

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека неможе да се одлучува бидејќи нема приговор, но и да има сакала ова да биде познато за јавноста, не бидејќи неможела даполага, но бидејќи има и факти .

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека во моментот нема конечна ранг листа од причини што на кандидатот Сузана Милевска ќе и се менуваат бодовите запознавање јазик и ќе и се достави допис да се извести за оваа околност и затоа денес ранг листата неможе да се гласа.Но кога Судски совет признава дека кандидатот има таква ппубликација смета дека доколку овој факт комисијата го имала предвид најверојатно и судијата кој кажува дека бил на семинар во Романија на англиски јазик, тогаш аналогно најверојатно комиисјата ќе дадела 5 бода. Смета дека сега се оштетуваат тие кандидати кои го почитувале принципот како одлучила комисијата.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека седницата се снима и тонски, затоа како претседател дефинирала и сакала да укаже што се менува или што се одлучува дополнувајќи дека досега ниту еден судија не доставил доказ дека бил автор или ко-автор на книга на англиски јазик, на стручен труд. Дополни дека смета дека неможе било какви сертификати за обука или учество,...„ тоа не е ставот во овој случај, затоа ако се врати тонскиот запис тоа ќе биде нотирано и на записник јасно навела само ако е автор или ко-автор и тој стручен труд да биде признат од некој институт од факултет и сл. Да не мешаме сега ....„имала, посетувала обуки бидејќи такви ќе се јават 100 судии наназад....“ Ќе се преслуша записникот ќе се види, затоа некогаш сакам чисти работи на почеток “.....

**Членот на Советот Лорета Горгиева**истакна дета точно е дека колешката нема приговор, не доставила приговор, но се работи за исклучително совесен судија исто како и Сузана Милевска на која без приговор овој Совет и крати бодови и ја нарушува ранг листата

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна ....„немојте, внимавајте со термини"....

**Членот на Советот Лорета Горгиева**постави прашање: „ Од кои причини се намалени бодовите " ? ... на што и беше даден одговор од причини што и се дадени повеќе,.... дека не е грешка на комисијата, дека Советот така одлучил

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека сепак Советот се впуштил во одлучување закандидат за кој не одлучуваме, за кој немаше приговор".....Во таа насока истакна дека лично смета дека и судијата Цона Каламерникова треба да добие 5 бода.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека овој став ќе се има предвид кога ќе се гласа за избор судиите и дека ова и звучи многу тенденциозно ----„извинете но морам да Ви кажам"....., а кога ќе гласате може и за третиот и за петтиот...

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека сака на гласање да се стави и предлогот на кандидатот Цона Каламерникова да и се доделат 5 бода запознавање на англиски јазик.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна ....нема приговор како да се стави на гласање, нема жалба".....

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека .... „ и за другиот кандидат немаше жалба па и намаливте бодови ".....

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна дека не му се допаѓа кога се користи терминологија која не доликува, дополнувајќи дека сака она што ми следи а чека на ред, а Вие постојано нешто сакате, а не не почитувате. .... „Дозволете да дискутираме на начин кој доликува, испочитувајте не и дозволете да се работи и дискутира на начин кој што е достоен за ова тело"...... Дополни дека не теба да се прави погрешна аналогија, бидејќи со погрешна аналогија сомнежот е голем дека Советот е субјективен во конкретни случаи. Замоли уште еднаш да се презизира и Советот да биде ефикасен. Дополни дека во слуајот на Сузана Милевска јасно било констатирано дека комисијата направила превид при бодувањето, и дека ништо не е спорно бидејќи превид се прави и сите грешат, но дека е достојно е да се признае грешката и правилно да се постапи. Во продолжение ч**ленот на Советот м-р Ивица Николовски** обраќајќи се кон **членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека

незнае како во овој случај без некој да сежали на работатанакомисијата или на Советот си зема за право даменува нешт,о а при тоа не кажала дека е направен превид, што него му дава за право да јае прашам: „Зошто сте субјективна“? Дополнувајќи дека ако се стави на страна субјективниот момент, сака да каже дека тоа не е исто. .... „ Колешката која Вие ја спомнавте дала сертификати со изминат рок, за разлика од колегата кој доби 5 бода, кој до Советот даде доказ дека учествувал во изработка на меѓународна средба која му е потврдена и кој докажал дека е учесник во тие трудови или еве научни коментари и тоа во многу поблаговремен рок. Вака треба да сеоднесуваме, а особено кога колешката нема приговор “......

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека не е случајно што за конечната ранг листа е оставено да одлучи Советот, , од причиин што комисијата може да згреши, може да биде субјективна, па за тоа крајната одлука ја донесува Судскиот совет, .... „ да ги разграничиме овие работи “...... По однос на приговорот истакна дека ќе даде прво реплика на **членот на Советот Лорета Горгиева**, а потоа и на **членот на Советот м-р Ивица Николовски**. Во таа насока истакна дека не сеоштетува судијата Сузана Милевска од причини што е констатирано дека е направен пропуст, и дека не е страшно да сепризнава пропуст, страшно е Советот да се прави мајка Тереза и да се дава некому нешто кога не му следи. Од друга истакна дека страна без разлика што судијата Цона Каламерникова нема приговор, но кога се менуваат околностите било кој може да даде предлог зошто мисли дека следува, што не значи дека ќе му биде прифатен. Од наведеното ч**ленот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека смета дека не треба да се губи време и доколку членот на комисијата Лорета Горгиева инсистира предлогот да се стави на гласање.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека не сака да се извртуваат работите и дека по однос на ова досега се немало став, прв пат е сега ставот.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** побара о**д членот на Советот Лорета Горгиева** да го прецизира предлогот**.**

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека предлага за сертификатите кои се надвор од роковите наместо 1 бод кој и е даден од страна на комисијата на колешката која барала да и бидеовозможено полагање кое нешто Советот не можелда и го обезбеди за сертификати за учество на обуки надвор од државата каде излагала на англиски јазик, како и за сертификат, односно уверение за 4-ти степен познавање на англиски јазик да и се прифатат.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** постави прашањее:„Дали има некој научен или стручен труд изготвено или само учество"?, на што доби одговор дека се работи само за учество

**Претседателот на Советот Весна Дамева** предлгот на **членот на Советот Лорета Горгиева** на судијата Цона Каламерникова од Основен суд Струмица да и се доделат наместо 1 поен, поени запознавање на англиски јазик го стави на гласање

По гласањето констатираше дека со 1 глас „За" и 8 гласа „Против„ предлогот не е усвоен како што беше наведен од страна на **членот на Советот Лорета Горгиева**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека со оглед на околноста да се менува ранг листата предлга да се донесе заклучок со кој што понатаму комисијата ќе ја спроведе постапката на ранг листата и констатира дека со 1- За и 8 –против е донесен следниот

**З А К Л У Ч О К**

Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судија во повисок суд, формирана со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија во состав од: Лорета Горгиева-претседател на Комисијата, м-р Селим Адеми и Мирсад Суроји-членови на Комисијата, по оглас за избор на 1 (еден) судија на Апелационен суд Штип, за кривична област, објавен во „Службен весник на РСМ" бр.86/23 од 24.04.2023 година, ДА ПРОДОЛЖИ СО ПОСТАПКАТА.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека е исцрпена 12-та точка од Дневниот ред и дека ќе сепремине на разгледување и одлучување по 13-та точка од Дневниот ред – „Разгледување на барање за времено упатување на судии во Апелационен суд Штип".

## Точка 13
## Разгледување на барање за времено упатување на судии во Апелационен суд Штип

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека од страна на претсдателот на Апелациониот суд Штип е доставено барање за времено упатување на најмалку тројца судии од граѓанска област за вршење на судиска функција по заостанати предмети ГЖ. ТСЖ и РОЖ, како приоритет за избирање на двајца судии во Апелациониот суд Штип - граѓански и кривичен по распишаниот оглас. Дополни дека во прилог е доставен извештај за состојбата со решени предмети, како и извештај за состојбата со нерешени предмети заклучно со 31.12.2023 година. Истакна дека претседателот на судот појаснил дека моментално со 5

судии, 1 граѓански и тројца кривични судии и тој како претседател на судот неможе да го совлада приливот, односно неможе да го совлаа заостатокот на предмети, со дополнување дека еден кривичен судија бил на подолготрајно боледување од кои причини немало можност за формирање на кривични совети само со двајца кривични судии и еден граѓански судија. Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека од страна на претседателот на судот дополнително е доставена и ургенција за итно постапување во која е наведено дека судот не е во можност да постапува по предмети во кои е предвидено да постапува совет од 5-мина судии, како и дека судијата Весна Димитриевска Накова ќе биде отсутна, односно ќе користи боледување подолг временски период некаде од 4-5 месеци поради што и во кривичниот оддел се јавувал проблем. Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека претседателот на Апелациониот суд Штип истакнал дека состојбата била алармантна и во граѓанскиот оддел каде што имало само еден судија и немало можност за формирање на совети.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** обраќајќи се кон колегите истакна дека ова е познато дека е дискутирано на неколку работни состаноци и дека навистина незнае кое е решението за оваа состојба. Дополни дека Апелациониот суд Штип се соочува со недостаток на кадар, дополнувајќи дека за овој суд координатор бил **членот на Советот Мери Радевска** за која е вчера е донесена одлука дека истата повеќе не е член на Судскиот совет. Од наведените причини упати замолница колегите кои се подетално запознаени и претходниот претседател кој е истотака запознат со состојбата да се произнесат и да кажат нешто во врска со состојбата во овој суд.

**Членот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека ги познава проблемите во Апелациониот суд Штип кои всушност се познати за сите членови на Советот. Дополни дека во последниот квартал од 2023 година се случило да од Апелациониот суд Штип тројца судии заминале во пензија со што судот се довел во една лоша кадрова состојба од аспект на тоа дека недостасувале судии. Оваа состојба како што е наведено и од претседателот на судот со заминувањето на еден судија на подолго боледување станала дотолку покритична што веќе неможе да се формира ниту совет од 5 члена по однос на кривичните предмети. Истакна дека во секој случај смета дека ќе бидат избрани двајцата судии за овој суд по огласот кој што е во тек, но без разлика на тоа смета дека поради ваквата состојба која е алармантно критична иако е познато дека состојбата во сите Апелациони судови е критична можеби е и потребно Врховниот суд да изврши делегирање на одреден број предмети. Ова од причини што има многу негодувања кај граѓаните поради тоа што има застој во постапките од кои причини истакна дека од она што му е познато додека ја извршувал функцијата претседател на Советот,

декапретседателот на Апелациониот суд Штип, Тони Делев веќе имал остварено средба со претседателот на Врховниот суд на РСМ каде што имало разговор кој исход не го знае. Поради наведеното, а со оглед на околноста дека има надлежност истакна дека постои можност Врховниот суд на РСМ да делегира одреден број на предмети во некој друг апелационен суд со цел утешно да ја намали бројката на нерешени предмети со која се сочува Апелациониот суд Штип. **Членот на Советот Сашко Георгиев** во продолжение истакна дека и со изборот на нови судии кое нешто сигурно ќе се случи сепак ќе се изгубат уште 2-3 месеци додека овие судии се изберат и ги проучат предметите што значи дека оваа состојба исклучително лошо ќе се одрази. Од наведените причини повторно истакна дека е потребно да се повика Врховниот суд на РСМ да го свати сериозно барањето на претседателот на Апелавиониот суд Штип со цел да се помогне во целата оваа ситуација, допонувајќи дека смета дека ова е најцелисходно решение во конкретниот случај. Во продолжение истакна дека ваква состојба имало и претходно и дека е добро позната, дека имало и состојби кога биле делегирани судии од други судови, но смета дека таквото постапување ќе има послаб ефект поради потребата од патување и сл, но дека делегирањето на одреден број на предмети од граѓанска област од страна на Врховниот суд е добро решение

**Претседателот на Советот Весна Дамева**истакна дека во овој момент ова е алармантна состојба бидејќи неможат да се состоават совети и неможе судот нормално да функционира . Од наведената причини упати замиолница кон членовите на комисијата за избор на судии во Апелациониот суд оваа постапка и работата во комисијата да им биде приоритет со цел што е можно поскоро да заврши изборот на судии во овој суд. Дополни дека тоа е едно и од барањата, па ако може да се успее за неколку дена .....„ „ сега тоа има проведури и обврски“, но ако се успее пред онаа законска блокада што ќе ја има, можеби и ќе може да се изберат судии“.....Истакна дека во овој момент тоа е она што Судскиот совет може да направи. По однос на предлогот за делегирање на предмети од Врховниот суд на РСМ предложи овој предлог да се дискутира на наредната седница заедно со претседателката на Врховниот суд со која смета дека е воспоставена исклучителна соработка и ќе може да се најде начин на самата седница. Дополни дека ќе контактира со претседателот на Врховниот суд веднаш по завршување на седницата, но побара да се видат и аргументите и да се најде начин. Во таа насока постави прашање до членовите на Советот: „Дали сметаат со писмо да сеобрати до претседателот на Врховниот суд на РСМ или пак да се повика на работен состанок со цел да се изнајде начин како да сеизврши тоа делегирање“? Дополни дека смета дека нема да има против претседателот на Врховниот суд од причини што сака да функционираат и другите судови

**Членот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека не му е познато дали досегашниот координатор за апелациониот суд Штип, колешката Мери Радевска имала разговарано за оваа состојба, но дека нему му е познато дека некаде околу средината на месец декември 2023 година претседателот на Апелациониот суд Штип имал средба со претседателот на Врховниот суд со цел изнаоѓање решение заова прашање, но нема информација каков бил исходот на средбата.

**Претседателот на Советот Весма Дамева** истака дека нетреба само средба со претседателот на Врховниот суд туку и со претседателите на другите апелациони судови со цел да се види каде граѓанските судии се преоптеретени, дополнувајќи дека доколку во Апелациониот суд Скопје граѓанските судии се преоптеретени нема да има начин. Од тие причини истакна дека смета дека можеби најрационално би било да се состанат, но дека тоа би било врз основа на заклучок

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека се согласува дека треба да се организира средба, но дека Советот треба да биде подготвен на претседателот на Врховниот суд да и ги презентира состојбите како стојат работите со предметите во Апелациониот суд Штип, како во Скопје и како во Битола и Гостивар за да може побрзо да одлучуват. Од наведените причини смета дека Советот сега треба да донесе заклучок координаторите на апелационите судови да извадат податоци за состојбите со предметите

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна дека смета дека како што Судскиот совет ја следи и ја знае состојбата во судството исто така ја знае и ја следи и Врховниот суд од кои причини истакна дека неспорен е фактот дека сите апелациони подрачја, односно сите судови во републиката имат недостаток на судии. Од тие причини истакна дека треба Советот да се труди да помогне таму каде што има најрационални можности. Во таа насока истакна дека негов предлог исто као што смета и претседателот на Советот е што побрзо да се постапи и да се заврши објавениот оглас и да се изберат судии, дополнувајќи дека сите знаат каква е состојбата и во апелациониот суд Скопје од каде треба да се делегираат судии, сите знаат каква е состојбата во Битола од кој суд ќе се побараат судии или Гостивар.Предложи Советот да се посвети на ова прашање и што побрзо да се изврши избор бидејќи само тоа значи делумно помагање на потребите, а се друго е одмагање и создавање на поголеми проблеми.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека е познато во која фаза се наоѓа едниот оглас и дека сечека 8 дена по што ќе бидат подготвени. Дополни дека се во координација со постапувањето на комисијата каде претседател е **членот на Советот Тања Чачарова**

**Илиевска** од каде исто ќе биде доставен извештај по што доколку има приговори веднаш ќе се решава и доколку Советот е ажурен постои можност во рок од 10-12 дена да се изврши избор на 4 судии.

**Членот на Советот Тања Чачарова Илиевска** истакна доколку нема померување во нивниот оглас.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** во продолжение предложи да се направат напори да се забрзаат постапките за избор на судии од причини што не е сигурен каков одговор ќе се добие од Врховниот суд. Смета дека делегирање на предмети неможе да се направи, туку се делегираат судии, а делегирањето се прави на начин судиите седат во местата каде што се избрани, а предметите се носат,....„значи се делегираат судиите и тоа овој Судски совет го има направено и порано“......

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека нејзините сознанија се дека таквите делегирања не се покажале ефикасни.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека тие сознанија се точни и декана тој начин од еден неажурен суд Советот прави четири неажурни суда, дополнувајќи дека таквото делегирање може да има и контра ефект.

**Претседателот на Советот Весна Дамева**побара час поскоро да се постапи по предлогот даден од **членот на Советот м-р Селим Адеми** ,допонувајќи дека следи месец кој ќе биде многу напорен за рабнота за Судскиот совет истовремено изразувајќи благодарност до сите членови на Советот кои даваат придонес во ажурното работење. Во продолжение истакна дека во врска со ова прашање ќе закаже работен состанок со претседателот на Врховниот суд на РСМ, да сесослуша и нејзиното мислење, па да се реши. Ако се донесе одлука дека треба да се делегираат судии, ќе следува прецизирање од каде, колку..... Во таа насока истакна дека и координаторот надлежен за следење на работата на Врховниот суд на РСМ можеда оствари контакт со претседателот на судот, кој и да е само да сенајде решение.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека **членот на Советот Лорета Горгиева** ја напушти седницата

**За збор се јави членот на Советот м-р Селим Адеми. И**стакна дека во кординација со повеќе други членови, не само тој ќе даде предлог седницата да се прекине. Допони дека денеска нема никаква можност седницата да се заврши поради големиот број на претставки, а

доколку се продолжи поради големата исцрпеност реферирањето на претставките нема да биде ефектно, ќе се отвораат расправи и ќе се оди во недоглед. Од тие причини како и поради околноста што некои членови најавиле дека ќе треба порано да заминат од оправдани причини предложи седницата денес да се прекине , а да се најде можност истата да продолжи или утре или во понеделник. Повторно истакна дека е убеден дека денеска седницата неможе да заврши, дополнувајќи дека доколку има можност за тоа би се направиле напори.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека најнапред самата ќе се произнесе по дадениот предлог од **членот на Советот м-р Селим Адеми** како претседател кој го прави дневниот ред. Дополни дека поради роковите со кои Советот е врзан дневниот ред за оваа седница бил многу обемен, а во иднина ќе се внимава доколку нема итни точки истите да не се ставаат на дневенред. Дополни дека Советот законски е обврзан и по однос на претставките истите да се разгледуваат до крајот на месецот поради што и тие морале да бидат ставени на оваа седница. Од друга страна истакна дека не се чуствува пријатно седницата да има толку продолженија, но дека сепак е задоволна што по многу точки имало расправи и се нашле одредени решенија заради обемните дискусии со кои треба да се продолжи. Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева**истакна дека имајќи го предвид изнесеното барање поддржано од повеќе членови, поради зголемени обврски во наредните денови замоли седницата да продолжи во понеделник – 05.02.20224 година во 10 часот и истата тогаш да се заврши. Информираше дека можеби продолжението ќе го дови **заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели**. Во продолжение истакна дека доколку во понеделник неможе да ги откаже сите закажани обврски со цел нејзините претставките кои се подготвени да не останат нереферирани замоли да бидат изреферирани од некој друг член на Советот бидејќи се подготвени, а со цел да не трпат граѓаните и да чекаат наредниот месец да се реферираат.

Во продолжение **Претседателот на Советот Весна Дамева** постави прашање до членовите на Советот: „Дали сметаат дека 15-та и 16-та точка од Дневниот ред треба да се завршат денес, а за продолжениетово понеделник да останат само претставките.“?

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека **членот на Советот Лорета Горгиева** е повторно присутна на седницата.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** предложи бидејќи **членот на Советот Мери Радевска** имала најавено претставки исто така, со цел да не останат нереферирани да бидат превземени од друг член и истите да бидат реферирани на оваа седница.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** се јави за збор и информираше дека пред 2 часа во кабинетот на претседателот, на претседателот на Советот му најавила дека за деновите на 05 и 06.02.2024 година зема два дена од годишниот одмор од лични причини и дека има 10 претставки за реферирње.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** предложи **членот на Советот Лорета Горгиева** да ги даде претставките да ги изреферира некој друг член на Советот од причини што неможе целиот Совет да се прилагодува на еден член.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека најавила и дека до претседателот на Советот доставила писмено барање за два дена одмор од лични причини и дека неможе да се одлага седницата кога нема да биде присутна. Во таа насока побара седницата да биде одложена за среда бидејќи неможе некој да реферира 10 претставки кои таа ги исчитала.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека во оваа прилика сака да ги информира членовите на Советот дека најверојатно во деновите од 7-10 февруар ќе биде на службено патување и дека неможе да се прилагодува на членови кои што почнале да користат годишен одмор и од 2024 година, од 2023 е искористен и пред една недела се искористени 3 дена кои се одобрени бидејќи е тоа право на членот на Советот. ..... „Го започнавтте одморот од 2024 година искористивте, сега уште 2 дена и незнам уште колку, комисијата каде што и Вие сте претседател има многу сериозна работа, ако неможе да одлучувате таа молба не е одобрена“....... Обраќајќи се кон **членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека искрено ќе размисли бидејќи активностите на Судскиот совет неможе да трпат поради еден член, дополнувајќи дека седницата се закажува за во понеделниии во 10 часот,**.....** „а Вие или дајте ги претставките да се рефериррат или одложете ги вашите претставки“.....

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека .... „ но пред два часа ми одобривте“.....

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна ....„не одобрив“..... немојте да изнесувате невистини

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека не се невистини и дека не е должна да ги образложува своите лични причини

**Претседателот на Советот Весна Дамева**во продолжение истакна дека се преминува ..... Согласно чл. 39 ст. 2 од Законот за

Судскиот совет ..... Воедно, упати опомена кон **членот на Советот Лорета Горгиева**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека согласно чл. 39 ст. 2 од Законот за Судскиот совет јавноста е исклучена за 15-та и 16 –та точка од дневниот ред од причини што точката 15 се однесува за постапување на комисија на известители по поднесено барање за утврдување одговорност на судија- претседател на суд и точка 16 – Формирање на комисија на известители по поднесено барање за утврдување одговорност на судија-претседател на суд. Во продолжение истакна дека од причини што мора да се донесе формална одлука за исклучување на јавноста предлогот го става на гласање.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека **членот на Советот м-р Селим Адеми** ја напушти седницата

Предлогот за исклучување на јавноста за точка 15 и точка 15 го стави на гласање.

По гласањето **Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека со 9 гласа „За" и ниту еден глас „Против" е донесена одлука со која јавноста е исклучена.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека **членот на Советот м-р Селим Адеми** повторно е присутен на седницата

**Членот на Советот Лорета Горгиева** истакна дека барањето е поднесено и дека некој има проблем со лажење.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека е исцрпена 13-та точка од дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување и одлучување по 15-та точка од Дневниот ред – „Постапување по известување од комисија на известители по поднесено барање за утврдување одговорност на судија /претседател на суд",

**Членот на Советот Лорета Горгиева** побара да и бидат доставени материјалите кои усно и писмено ги бара многу време . ..... „Ве молам да ми допуштите бидејќи ми течат роковите, за Вашиот избор и Вашата одлука и записникот и заклучокот од колегиумот од 03.01.2024 година "....

**Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека со одлука јавноста се исклучува за 15 –та и 16-та точка од дневниот ред.

**Точка 15**

**Постапување по известување од Комисија на известители по поднесено барање за утврдување одговорност на судија /претседател на суд,**

**Точка 16**

**Формирање на Комисии на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд**

Откако констатира дека никој од членовите на Советот повеќе не се јави за збор **Претседателот на Советот Весна Дамева** констатира дека продолжението на 476-та седница е завршено во 14,12 часот. И дека продолжение следи наредниот ден 02.02.2024 гходина во 09:00 часот.

**Продолжението на 476-та седница се одржа на ден 02.02.2024 година, петок во 09:00 часот во салата за седници.**

Присутни членови:

- **Ханиф Зендели**, Заменик претседател;
- **Сашко Георгиев**, Член
- **м-р.Антоанета Димовска**, Член
- **Лорета Горгиева**, Член;
- **Мирсад Суроји**, Член;
- **м-р.Ивица Николовски**, Член;
- **м-р.Селим Адеми**, Член;
- **Павлина Црвенковска**, Член;
- **м-р.Тања Чачарова Илиевска**, Член

Отсутни членови:

- **Весна Дамева**, Претседател *(оправдано отсутна поради службени обврски, ќе се приклучи подоцна)*
- **м-р.Миљазим Мустафа**, Член *( оправдано отсутен )*
- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд *(доставено е известување дека не може да присуствува на седницата поради службени обврски)*;
- **Кренар Лога**, Министер за правда *(уредно поканет)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД Генерален секретар;
- **Владимир Станковиќ**, Државен советник
- **Александра Шоптрајанова**, Технички секретар;

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на медиуми.

Согласно член 8 став 1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше Заменик претседателот на Советот, **Ханиф Зендели.**

Заменик претседателот **Ханиф Зендели** откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата, констатира дека седницата продолжува со точка 14 од Дневниот ред – Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на РСМ .

Членот на советот **м-р.Селим Адеми** побара од Заменик претседателот да наведе од кои причини Претседателот на Врховниот суд на РСМ **Беса Адеми** е отустна од денешната седница, односно дали има оправдани причини за нејзиното отсуство, согласно известувањето.

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** наведе дека се работи за известување дека заради неодложни обврски не може да присуствува на денешната седница.

**1.**Заменик претседателот **Ханиф Зендели** збор му даде на членот на Советот **Сашко Георгиев**, кои ќе ги изложи претставките на членот на Советот **Мери Радевска** на која и е престанат мандатот член на Советот заради исполнување на услови за старосна пензија.

Претставка **УПП.бр.08-329/2023**. Во врска оваа претставка членот на Советот наведе се работи за претставка  во која есе изразува незадоволство од нестручно и несовесно вршење на судиската функција против советот на Апелационен суд Гостивар, во врска со постапување по предметот ГЖ-204/23, поради сторени тешки дисциплински повреди. Предметот е повеќе пати укинуван. Наведува дека Апелациониот суд Гостивар при повторното одлучување на ден 29.3.2023 година ја донел пресудата ГЖ-204/23. Против оваа пресуда подносителот поднел ревизија и како што е и наведено во самата претставка Врховниот суд сеуште нема одлучено по истата. Во таа смисла наводите изнесени во претставката се ревизиони наводи кои се предмет на разгледување и одлучување од страна на Врховниот суд. Советот нема надлежност да ги испитува, цени, односно да постапува во својство на жалбен, ревизионен суд и да менува судски одлуки. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Членот на Советот **Сашко Георгиев** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-376/2023**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе дека се работи за претставка во која се изразува незадоволство од нестручно и несовесно вршење на судиската функција на судија при Основен суд Кичево во врска со донесена одлука П1-69/21 од 21.12.2022 година. Наведува дека поднела жалба до Апелационен суд Гостивар.Со првостепената пресуда усвоено е тужбеното барање, а тужените се задолжени да и ја предадат во владение на тужителката катастарската парцела со отстранување на пластеникот и сите ствари кои што ќе се најдат на таа површина во моментот на предавањето во владение. Видно од гореизнесеното, а како второстепениот суд постапувал по жалбени наводи на подносителот на претставката, Советот укажува дека нема надлежност да менува судски одлуки, ниту да ја преиспитува одлуката на судот. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Според член 11 од истиот закон, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Членот на Советот **Сашко Георгиев** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-401/2023**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе дека се работи за претставка од правно лице. Се изразува незадоволство од нестручно и несовесно постапување на судии од Основен граѓански суд Скопје, Апелационен суд Скопје и Врховниот суд на Република Северна Македонија во постапките по предметите ТС-247/18, ТСЖ-533/20 и Рев1-14/22. Според него судовите направиле низа суштествени повреди на постапките и погрешна примена на материјалното право. По направените извиди по наводите во претставката Советот најде дека станува збор за предмет со основ надомест на долг во вредност од 4.948.332.00 денари. Тужител во постапката по предметот е подносителот на претставка. Советот констатира дека наводите изнесени во претставката претставуваат жалбени наводи по кои не е надлежен да постапува, а согласно чл.13 ст.3 и согласно членот 11 од Законот за судови. Наводите во претставката биле предмет на разгледување од надлежен второстепен суд како и Врховниот суд кој ги ценел ревизионите наводи на подносителот и донел образложена одлука и одкуките се правосилни. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Според член 11 од истиот закон, судијата одлучува

непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Членот на Советот **Сашко Георгиев** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-2/2024**. По однос на оваа претставка членот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека се работи за претставка од подносителот Дукоски Златко од Македонски Брод. Истиот изразува незадоволство од донесена одлука и наведува дека го губи предметот, бара Советот да го разгледа истиот. Советот најде дека подносителот нема наведено број на предмет, ниту кој судија постапувал по истиот, како и во што конкретно се состои незадоволството од постапувањето на судијата. Видно од доказите прилог на претставката Основниот суд Кичево донел решение К.бр.87/22 од 17.10.2022 година со кое на подносителот-обвинетиот му била изречена алтернативна мерка - судска опомена. Наводите на подносителот изнесени во претставката се жалбени наводи по кој Советот не е надлежен да постапува, од причина што иситите веќе биле предмет на разледување од страна на надлежен суд во постапка пропишана со закон, а второстепената одлука е правосилна. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Според член 11 од истиот закон, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Членот на Советот **Сашко Георгиев** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-12/2024**. По однос на оваа претставка членот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека подносителот изразува незадоволство од постапувањето на судии при Апелационен суд Гостивар по предметот ГЖ-779/23. По однос на наводите во претставката и добиената изјава од судиите Советот најде дека второстепеното решение е донесено врз основа на детално образложени факти, како и причини за решителни факти од кои се водел второстепениот суд при одлучувањето. Имено, според судечкиот совет

правилно постапил првостепениот суд кога врз основа на изведените докази и извршениот увид во списите по предметот ПСО-13/15 утврдил дека не се исполнети условите од чл.392 с.1 т.9 од ЗПП поради што го одбил како неоснован предлогот за повторување на правосилно завршена постапка, бидејќи ценел дека не се работи за нови факти или стекнување можност за употреба на нови докази, врз основа на кои а странката би можена да биде донесена поповолна одлука.Советот оцени дека наводите во претставката се жалбени наводи по кој не е надлежен да постапува. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Според член 11 од истиот закон, судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** предлозите на членот на Советот **Сашко Георгиев** по однос на горенаведените претставки ги стави на гласање.

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** констатира дека со 9 гласа "За" усвоени се предлозите на членот на Советот **Сашко Георгиев.**

**2.** Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** даде збор на членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска.**

Претставка **УПП.бр.08-344/2023**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе дека се работи за претставка во која подносителот наведува дека по предметот на Основниот суд Струга Р.бр.781/80 приговара зошто биле изгубени списите по предметот. Претседателот на судот достави известување во кое наведува дека дека во судот имало терористички акти и пожар заради што списите биле изгубени, но не бил изгибен уписникот "Р" од 1980 и 1981 година во кој се наведени странките и бројот на интабулационен протокол, за што може да се дозволи увид и издаде извадок од уписот. Вториот дел од претставката е за предметот МалвП.бр.26/202 (нов број МалвП.бр.51/23) на Основниот суд Струга каде наведува дека судијата непотребно го одолговлекувала предметот, не ја задолжувала странката која го предизвикала одлагањето да ги надомести трошоците во постапката независно од успехот и досудувала на нејзина штета трошоци по постапката. Истакнува дека рочиштата одржани на 14.05.2021 година и на 26.05.2021 година се одложиле на нејзина штета иако не не постоеле оправдани причини за тоа. Од спроведените извиди, увидот во претставката и изјавата на Претседателот на судот и судијата кој постапувал по предметот, Советот најде дека постапката по предметот МалвП.бр.51/23 сеуште трае, а наводите во претставката преставуваат и жалбени наводи, па по донесување на мериторна одлука, доколку подносителката е незадоволни има право на жалба до

второстепениот суд, па воедно наводите во претставката второстепениот суд ќе ги цени како жалбени наводи при одлучувањето. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-6/2024**. Во претставката подносителот наведува дека Извршителот за подрачјето Куманово, Крива Паланка и Кратово издал налог за спроведување на извршување заради наплта на парично побарување во вредност од 5.539.710,00 денари по барање на доверителот Елена Дамјановска од Куманово. Со заклучок на прва усна јавна продажба И.бр.414/2023 од 23.11.2023 година била закажанас прва усна јавна продажба и наложил во рок од 30 дена должниците да го ослободат недвижниот имот од предмети и ствари. Бил вложен приговор, но судот го одбил. Наведува дека судијата постапувал пристрасно спрема наведениот извршител бидејќи постапил могу брзо и не го прифатил приговорот, иако имало ногу неправилности во постапувањето, согласно Законот за извршување. Смета дека судот не вложил доволно време да го проучи вака сложениот предмет и според него решението е донесено на 06.12.2023 година, а на полномошникот на должникот било доставено на 22.12.2023 година односно по одржана јавна продажба и донесување на заклучок за втора продажба и со тоа извршителот го спречил поднесувањето на жалба, и останува сомнително дали истиот имал дадено одговор на приговорот за да судот постапи бидејќи таков одговор не бил доставен до странките, ниту до должниикот кој вложил жалба. Од спроведените извиди, Советот најде дека наводот во претставката дека судијата постапил многу брзо при одлучувањето по поднесениот приговор заради што истиот не вложил доволно време да го проучи вака сложениот предмет е неоснован бидејќи согласно член 86 став 4 од Законот за извршување  (“Службен весник на РМ” бр.72/16) надлежен судија определен со годишниот распоред за работа на Судот, одлучува по приговорот во рок од 72 часа од истекот на рокот за одговор на извршителот односно судијата постапил во тој рок. Неосновни се и наводите во претставката дали судијата го доставил приговорот на одговор до извршителот или тоа го направил телефонски и дали извршителот доставил одговор на приговорот до судот од причина што видно од самото решение ППНИ.бр.188/23 од 06.12.2023 година на Основниот суд Куманово, на страна 2 од истото, Извршителот Премтим Ќерим имал доставено одговор на приговорот до судот со одредени негови наводи, при што истите биле ценети од судијата. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-31/2024**. - подносителот имал поднесено повеќе претставки кои се нејасни и неразбирливи. Во оваа претставка изразува незадоволство од решението на Врховниот суд на РСМ, Рев2.бр.288/23 од 18.10.2023 година со кое неговата ревизија се отфрла. Имено, судот констатирал дека истата е ненавремена бидејќи била поднесена после рокот од 30 дена за изјавување на ревизија и недозволена заради вредноста на спорот, бидејќи бил спор од мала вредност. Оттука тој смета дека судот при одлучувањето не ги зел предвид сите списи по предметот односно погрешно ги употребил. Советот најде дека Врховниот суд на РСМ правилно одлучил кога ревизијата ја отфрлил како ненавремена и недозволена од наведените причини. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** предлозите на Членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** по однос на горенаведените претставки ги стави на гласање.

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** констатира дека со 9 гласа “За” усвоени се предлозите на Членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска.**

**3.**Потоа, заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** даде збор на Членот на Советот **Лорета Горгиева.**

Претставка **УПП.бр.08-301/2023**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе дека се работи за претставка поднесена од полномошник Адвокат незадовлство од постапување на судија од Основен суд Неготино. Согласно заклучокот на Судскиот совет на РСМ лицата кои ги застапуваат странките треба да доставата полномошно за застапување пред Суидскиот совет на РСМ. Од страна на Судскиот совет на РСМ побарано е полномошникот да достави уредно полномошно. На 27.10.2023 година доставил писмен поднесок со кој го известува Советот и доставува докази дека ја застапува странката, но не доставува полномошно како што е побарано. Повторно Советот се обрати до него да го уреди полномошното со прилог заклучок на Советот. Како до денес нема доставено, членот на Советот предлага претставката да се затвори со службена белешка.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** отвори расправа по наведената претставка.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** која наведе дека доколку бранителот е полномошник во постапка тој има право да ги презема сите дејствија, па дури иу за Судски совет на РСМ. Смета дека не му е потребно полномошно за Судскиот совет на РСМ.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека во почетокот и таа не се согласувала со ваквата работа, но Советот донел заклучок и тоа беше прифатено. Колегата Тумановски е анагажиран од страна на МВР во постапка за бесплатна правна помош. Оттука не треба да се бара полномошно за претставка во врска со таа постапка. Така да смета дека оваа претставка треба да биде разгледана.

Членот на Советот **Лорета Горгиева** наведе дека најпрво пред Советот да пристапи во материјална расправа, претставката ја проверуваме од формален аспект. До сега за сите претсвки поднесени од име на странката, а без полномошно Советот ги затвораше со службена белешка. За Членот на Советот е нејасно кога во вакви ситуации се впуштаме во расправа. Вака ќе се направи повреда. Тука нема место за впуштање понатаму.

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** семат дека адвокатот Тумановски веќе бил ангажиран како бранител на МВР за бесплатна правна помош, Советот може да се впушти во расправа по однос на претставката. Предлага ваквиот став да се стави на гласање.

Членот на Советот **Павлина Црвенковска** наведе дека во документацијата стои дека полномошникот е ангажиран како бранител на МВР, межутоа не се гледа таков докумнет, односно врз основа на што е анагажиран од МВР.

Членот на Советот **м-р.Тања Чачаорва Илиевска** предлага да се гласа предлогот да биде преставката да се повлечи од денешната седница.

Бидејќи повеќе никој не се јави за збор, Членот на Советот **Лорета Горгиева** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-307/2023**. Во врска со оваа претставка членот на Советот наведе се работи за претставка поднесена од Адвокат Стојче Ефтимов од Струга како полномошник на предлагачите Јелица Крстаноска и Силвана Вајт од с.Мислешево наведува дека судијата не постапува по предметот ВПП.бр.73/09. Побарана е изјава од судијата. Истиот наведува дека е постапено по предметот и предлогот за повторување на постапката е отфрлен. Наведеното се потврдува и од увид во апликацијата “Контролник на судови”. Оттука наводите во претставката се неосновани. Подносителот како странка во постапката има право на редовен правен лек - жалба до

Апелациониот суд Битола, при што истиот ќе ги цени наводите од жалбата при одлучувањето. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Членот на Советот **Лорета Горгиева** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-320/2023**. По однос на оваа претставка членот наведе дека Членот на Советот м-р.Антоанета Димовска треба да се изземе заради постапување пред првостепениот суд. Се работи за претставка од Јасна Константинова од с.Орешани  против пресуда на второстепениот суд и против судии на Врховниот суд на РСМ. Од наводите се работи за тужба за утврдување на ништовност Основниот граѓански суд Скопје донел пресуда П4.бр.151/19 од 04.11.2019 година. Подносителот се повикува и на одлука од Врховниот суд на РСМ за иста правна ситуација по друг предмет било различно одлучено од страна на Апелациониот суд Битола. Апелациониот суд Скопје и Апелациониот суд Битола имале различна пракса во делот на казнената камата. Подносителката изразува незадоволство во делот на законска затезната камата бидејќи долгот бил изразен во евра и смета дека не треба да биде задолжени со плаќање на затезна казнена камата. Се работи за тужба за утврдување на ништовност. По поднесена жалба во делот на одбиеното тужбено барање второстепениот суд донел пресуда ГЖ.бр.1401/20 од 27.05.2021 година со кое жалбата ја одбил како неоснована и ја потврдил првостепената пресуда, а во усвоениот дел ја укинал и вратил на повторно постапување и одлучување. Во самиот договор стои дека плаќањето во ерва ќе биде платена законска казенан камата по среден курс на НБРМ кој се плаќа на денарски влогови. За иста таква ситуација Основниот суд Битола и Апелациониот суд Битола одлучиле дека подносителката не треба да плати таква камата бидејќи долгот бил во девизи, не во денари. Против одлуката на Апелациониот суд Битола била поднесена ревизија и до Врховниот суд на РСМ и истиот со пресуда Рев2.бр.303/2022 од 02.03.2023 година со која ревизијата ја одбил како неоснована. Оттука попдносителката смета дека се работи за иста правна ситуација за која различно одлучувале Апелационите судови во Скопје и Битола. Според Членот на Советот законската казнена камата е различна од домицилната камата на задолжување во девизи. Бидејќи се работи за различна паркса, по мислење на Членот на Советот потребно ќе биде подносителката да се извести дека Советот ќе се обрати со допис до Врховниот суд на РСМ, бидејќи согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите на општа седница утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството со примената на законите од страна на судовите по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива на адвокати, а со

цел да се укаже на обезбедување единство во примената на законите од страна на судовите.

Членот на Советот предлага подносителот на претставката да се извести дека Советот ќе се обрати до Врховниот суд на РСМ за воедначена пракса.

Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** отвори расправа по наведената претставка.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** кој смета дека претставката не е основана. Во конкретниот случај се работи за договор и подносителката го прифатила долгот во договорот кој е во странска валута и тој треба да се плати. Договорот не може да биде појак од законот. Подносителката е задолжена со паричен износ кој повисок од таа по стапка на еурибор. Добро би било да се обрати Советот до Врховниот суд на РСМ за воедначена судска пракса.

Во овој момент во салата дојде Претседателот на Советот **Весна Дамева** и го презеде раководењето со седницата.

Претставка **УПП.бр.08-337/2023**. Во врска со оваа претставка членот на Советот наведе се работи за претставка поднесена од Адвокат Никола Трајанов Халер од Скопје во врска со предметите на Основниот граѓански суд Скопје П1.бр.516/21 и П1.бр.517/21. Наведува дека бил известен од Советот по претставките УПП.бр.08-273/22 и УПП.бр.08-474/22 во кои аргументирано ги навел злоупотребите од страна на судијата на Основниот граѓански суд Скопје, меѓутоа не бил задоволен од одговорот на Судскиот совет на РСМ кој се повикал на членовите 11 и 13 став 3 од Законот за судовите. Истиот веќе бил известен по претставка заведена под УПП.бр.08-474/22 на 13.06.2023 година, а од седницата на Советот одржана на ден 30.05.2023 година во смисла на тоа дека во таа претставка нема истакнато нови факти и наводи во однос на претходната претставка УПП.бр.08-273/22. Во новата претставка нема нови факти и околности во однос на претходните претставки.

Членот на Советот предлага претставката да се затвори со службена белешка согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Членот на Советот **Лорета Горгиева** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-348/2023**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе се работи за подносителот Адвокат Фатмир Емрулау од Кичево и изразува незадоволство од постапување на Апелациониот суд Гостивар во врска со одлуката ГЖ.бр.844/23 од 19.10.2023 година во која според него била сторена крупна професионална грешка кај најмалку еден од судиите кои постапувале по предметот. Наведува дека со пресудата била направена штета

на буџетот на РСМ односно на буџетот на Општина Кичево за најмалку 100.000,00 денари. Имено судот не водел сметка за решителните факти односно немало доволно образложени причини дека “кучиња скитници усмртиле теле” во атарот на с.Шутово, а никаде не била наведена точната локација. Исто така тужителот немал доставено вештачење од доктор ветеринар со лиценца за да би се утврдило дали смрта на телето била од угриз на куче. Во списите имало вештачење, но тоа било земјоделско кое било за износот на штетата. Од друга страна немало докази ни во поглед на тоа дали тужителот ги презел сите мерки за безбедно чување на стоката. По исти основ биле поднесени и уште најмалку две тужби до судот од други луѓе во селото Шутово со исти факти и докази, но овие пресуди биле укинато од страна на второстепениот суд бидејќи не било приложено соодветно вештчење. Во списите стои потврда од ветеринарна станица. Наведува дека со тоа што друг совет од второстепениот суд различно одлучил за скоро исти правни односи со приложени исти докази ја поткопува довербата кај јавноста во судството. Во делот на второстепената одлука нема некое посебно образложение односно истиот првостепната одлука ја потврдил.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** кој наведе дека нема различна судска пракса туку подносителот го изгубил спорот бидејќи не го докажал барањето. Со вештачењето е утврдена вредноста, но не е докажано кој е причинител на штета. Тука сега Советот не може да утврди различна судска пракса.

Бидејќи никој не се јави за збор, Членот на Советот **Лорета Горгиева** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-357/2023**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе се работи за подносителот Љубинка Сотјановска од Скопје во врска со тужба за утврдување право на стварна службеност, каде истата е тужителка. Предметот е заведен под П1.бр.84/16. Била донесена пресуда на 10.10.2019 година со која било усвоено прецизираното тужбено барање. Предметот се водел уште од 2015 година. До денес постапката два пати се враќала на првостепениот суд со напатствија. Предметот трет пат бил во Апелациониот суд Скопје по поднесена жалба. Бидејќи предметот не бил решен 9 години, бара од Советот да ја разглда претставката и да се постапи по истата. Наведува и тоа дека не е во можност да ги сносите судските трошоци. Од страна на Советот прибавена е изјава од судијата кој постапувал по предметот. Предметот е заведен под П1.бр.84/16. На 19.10.2019 година била донесена пресуда со која било усвоено прецизираното тужбено барање, а по поднесена жалба од Ваша страна во делот на трошоците на постапката, второстепениот суд донел решение ГЖ.бр.3333/20 од 17.02.2021 година со кое го укинал првостепното решение. Согласно наведеното, како и од увидот во софтверската апликација “Контролник на судови”, Советот утврди дека по предметот е постапувано во законските рокови. Истата поднела неколку жалби

заради што постапката се одлговлекувала. Предметот моментално се наоѓа во Апелациониот суд Скопје заради одлучување по поднесената жалба, заради што е потребно да се сочека исходот од истата.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Членот на Советот **Лорета Горгиева** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-368/20243** По однос на оваа претставка членот на Советот наведе се работи за подносителот Бране Петрушевски од Куманово кој изразува незадоволство од пресудата на Основниот суд Куманово П5.бр.6/23 за утврдување граѓанска одоговорност за навреда и клевета. Тужител е  Мартин Костовски од Куманово, а подносителот е тужен. Судот на ден 01.11.2023 година донел пресуда со која делумно било усвоено тужбеното барање на тужителот и утврдил граѓанска одговорност на тужениот-подносителот за навреда и клевета и го задолжил да му плати на тужителот на име надомест на нематеријална штета износ од 150.000,00 денари. Во претставката наведува дека изјавата за која била утврдена одговорност за навреда и клевета била дадена пред собраниска говорница при вршење на неговата пратеничка функција и оттука ужива пратенички имунитет. Исто така ги цитира одредбите од член 64 од уставот на РСМ, член 16 и 17 од Законот за пратениците и член 7 став 1 точка 1 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Наведува дека судот не ги зел пресудите на ЕСЧП, апликација бр.35373/97, со која бил признаен апсолутниот карактер на пратеничкиот имунитет. Согласно сето наведено смета дека судијата постапил спротивно на уставните одредби и законските одредби за пратеничкиот имунитет со што вака донесената пресуда претставува преседан во нашиот правен систем. Наведува дека судијата постапил нестручно и несовено согласно член 76 од Законот за судовите и бара разрешување на судијата согласно член 74 од Законот за судовите. Побарана е изјава од судијата. Истиот има обемна изјава со конкретни одредби. Од сите изведени докази подносителот сторил повреда. Се работи за граѓанска одговорност, а не за кривична одговорност каде што е предвидено дека пратеникот има имунитет. Имајќи го предвид сето наведено Советот смета дека по донесувањето на пресудата П5.бр.6/23 од 01.11.2023 година на Основниот суд Куманово подносителот има право на жалба, па воедно наводите во претставката второстепениот суд ќе ги цени како жалбени наовид при одлучувањето.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** која наведе дека по овој предмет ќе има жалба. Првостепениот судијата одржал рочиште, ги извел доказите и донел одлука.

Бидејќи никој не се јави за збор, Членот на Советот **Лорета Горгиева** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-373/2023**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе се работи претставка на подносителот Слободан Арсов од Штип. Истиот истакнува несогласување со пресудите на Управниот суд У-5.бр.82/2021 од 21.10.2022 година и на Вишиот управен суд УЖ-3.бр.41/2023 од 17.10.2023 година. Наведува дека пресудите се донесени поради крајно нестручно и несовесно вршење на судиската функција на судиите, бидејќи воопшто не биле ценети неговите усмени писмени укажувања дека тој или било кој член од неговото потесно семејство нема примено писмено од УЈП – Регионална дирекција Штип, ниту годишна даночна пријава, ниту пак опомена, што е спротивно на член 69 од ЗОУП. Наведува дека е пензионер, нема компјутер и не користи интернет. Советот побара изјава од судиите на двата суда во врска со наведените предмети. Судиите дадоа свои причини за одлучувањето. Советот најде дека Вишиот управен суд ги ценел жалбените наводи и дал образложение за сите решителни факти на кои истиот ја засновал одлуката, наоѓајќи дека жалбените наводи се неосновани, а пресудата на Управниот суд е донесена согласно целосната и правилна утврдена фактичка состојба.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Членот на Советот **Лорета Горгиева** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-384/2023**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе се работи за подносителот Адвокат Љубе Симјановски од Тетово во која меѓу другото наведува незадоволство од работата на Основниот суд Гостивар по предметот ППНИ.бр.4/23. Наведува дека судијата ги пречекорил сите рокови. Наместо во 72 часа судијата одлучил на 05.07.2023 година. Меѓутоа, истиот подносител со допис заведен во Советот под УПП.бр.08-384/2 од 13.12.2024 година ја повлече претставката. Членот на Советот, како координатор на Основниот суд Гостивар, се обрати до судијата да достави изјава по однос на наводите во претставката. Согласно наведеното Членот на Советот смета дека е најсоодветно претставката да се затвори со службена белешка, бидејќи истата е повлечена од подносителот.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Членот на Советот **Лорета Горгиева** продолжи со наредната и последна претставка.

Претставка **УПП.бр.08-397/2024**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе се работи за подносителот Трендафилка Симоновска од Куманово. Истата изразува незадоволство од постапувањето на Апелациониот суд Скопје по предметот ГЖ.бр.864/22 во смила на тоа дека неосновано и била отфрлена жалбата. Наведува и тоа дека второстепениот суд не ја утврдил фактичката состојба, не биле одговорени сите жалбени наводи од жалбата заради што пресудата била нејасна и неразбирлива. Користејќи го своето право согласно член 365 став 1 од ЗПП во законски рок од 15 дена од приемот на второстепната одлука поднела барање за донесување на дополнителна пресуда на 01.03.2023 година по претходно извршен увид во предметот ВПП1.бр.77/16 со кое решение немало никакви задолженија за подносителката. Од спроведените извиди и увидот во претставката, Советот најде дека за исти факти и околности веќе била известена по претставка заведена под УПП.бр.08-23/23 на 09.03.2023 година. Бидејќи во оваа нова претставка од 11.12.2023 година не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување, во смисла на член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози ("Сл. весник на РМ"бр.82 од 8 јули 2008 год.), постапувањето од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија нема да се повтори.

Членот на Советот смета дека претставката треба да се затвори со службена белешка по член 11 од Законот за постапување по претставки предлози.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлогот на Членот на Советот **Лорета Горгиева** по однос на претставката УПП.бр.08-307/2023 ја стави на гласање.

По гласањето, Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека со 9 гласа "За" предлогот на известителот за претставката УПП.бр.08-307/2023 е усвоен.

Потоа се гласа за претставката УПП.бр.08-320/2023 без Членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска.**

По гласањето, Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека со 8 гласа "За" предлогот на известителот за претставката УПП.бр.08-320/2023 е усвоен.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлозите на Членот на Советот **Лорета Горгиева** по однос на останатите 7 претставки ги стави на гласање.

По гласањето, Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека со 9 гласа "За" предлозите на известителот по однос на останатите 7 претставки се усвоени.

**4.**Потоа, Претседателот на Советот **Весна Дамева** даде збор на Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** да ги изнесе своите претставки.

Претставка **УПП.бр.08-375/2023**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе се работи претставка на подносителот Николовски во својство на обвинет во прекршочна постапка. Изразува незадовлство од судијата кој постапувал во прекршочна постапка во Основниот кривичен суд Скопје од донесената одлука по барање за повторување на постапка. Се работи за жалбени наводи. Против одлуката била поднесена жалба. По наоѓање на Советот нема незаконито постапување. Во првостепнета постапка на подносителот му биле изречена снакција. Постапката била водена согласно закон.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-386/2023**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе се работи за претставка на подносителот Зоран Кутуерски од с.Мешеиште. Изразува незадоволство од постапувањето на Основниот суд Охрид по предметот О.бр.65/18. Истиот е со престој во странство. Сега е со престојувалиште во Република Северна Македонија. Смета дека поради бавното преземање на дејствија постапката долог треала. Од спроведените извиди од страна на судијата била доенсена одлука. Истиот има право на жалба.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-395/2023**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе се работи претставка од Јасмина Кипковска од Скопје. Незадоволна е од долго траење на постапка пред Основниот граѓански суд Скопје и Апелациониот суд Скопје. Било донесено решение. Изјавена била жалба. До момнетот на поднесување на претставката нема исход. Прибавена е изјава од судија во Апелациониот суд Скопје. Предметот судијата скоро го добил од друг судија, кој бил именуван во друг суд. Предметите ќе бидат решавани по редослед. Членот на Советот смета дека претставката е делумно основана. Има право да поднесе барање за судење во разумен рок пред Врховниот суд на РСМ.

Предлага претставката да се усвои како делумно основана.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

За збор се јави Членот на Соватот **м-р.Антоанета Димовска** која наведе дека судиите треба да водат сметка за ваквите предмети бидејќи се приоритетни. Треба на судиите од второстепениот суд да им се укаже да им се даде приоритет на ваквите предмети.

Бидејќи никој не се јави за збор, Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** продолжи со наредната и последна претставка.

Претставка **УПП.бр.08-408/2023**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе се работи за претставка на подносителот Бранко Маркоски од Пехчево. Подносителот се жали на чување на предмет во фиока во Основниот суд Берово. Се работи за грѓански предмет. Истиот во предметот е странка. По донесената одлука била изјавена жалба, но предметот бил чуван во фиока кај првостепениот судија. Од изјава на судијата кој постапувал во прв степен Советот најде дека предметот е уредно доставен до Апелациониот суд Штип на одлучување по поднесената жалба.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлозите на Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** по однос на неговите претставки ги стави на гласање.

По гласањето, Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека со 9 гласа "За" усвоени се предлозите на известителот по однос на претставките.

**5.**Потоа, Претседателот на Советот **Весна Дамева** даде збор на Членот на Советот **Мирсад Сурои** да ги изнесе своите претставки.

Претставка **УПП.бр.08-229/2023**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе се работи за претставка поднесена од полномошник на Трговско друштво против одлука од Врховниот суд на РСМ. Бидејќи во списите немаше полномошно, беше побарано од подносителот да достави полномошно. Меѓутоа, истиот не достави полномошно, па заклучокот на Судскиот совет на РСМ, Членот на Советот предлага претставката да се затвори со службена белешка.
Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлогот на Членот на Советот **Мирсад Сурои** по однос на неговата претставка го стави на гласање.

По гласањето, Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека со 9 гласа "За" усвоен е предлогот на известителот по однос на претставката.

**6.**Потоа, Претседателот на Советот **Весна Дамева** даде збор на Членот на Советот **м-р.Селим Адеми** да ги изнесе своите претставки.

Претставка **УПП.бр.08-377/2023**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе се работи за претставка на подносителот Адвокат против судија од Основен суд Гостивар. Наведува дека судијата не го пресметал правилно надоместот на трошоците, како и тоа дека ја немал добиено жалбата што била поднесена до второстепениот суд. Од изјавата на судиите се утврди дека се работи за жалбени наводи, а по однос на тоа дека жалбата не му била доставена од првостепениот суд, по извршена проверка во архивата на судот било утврдено дека истата му била доставена.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Членот на Советот **м-р.Селим Адеми** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-390/2023**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе се работи за претставка на подносителот која бара од Советот ревизија на предметот. Наведува дека судијата не ги земал предвид доказите од државните инстуции. Беше побарана изјава од судијата. Истиот наведе дека била донесена одлука и предметот е по жалба. Се работи за жалбени наводи кои исто така биле истакнати и во тужбата.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Членот на Советот **м-р.Селим Адеми** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-402/2023**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе се работи за претставка на подносител од Штип против првостепен судија и судии од Апелациониот суд Штип. Не наведува конкретно за какви наводи станува збор и за кој предмет се работи туку наведува општи работи помеѓу адвокат и синот на судијата придонеле за ваква пресуда. Меѓутоа одлуката содржи образложени причини, а второстепениот суд ја потврдил првостепната одлука.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Членот на Советот **м-р.Селим Адеми** продолжи со наредната и последна претставка.

Претставка **УПП.бр.08-410/2023**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе се работи за претставка поднесена на 20.12.2023 година со ургенција, а за истата Советот одчучувал на на 18.12.2023 година и Членот на Советот смета дека подносителот веќе го добил известувањето. Од овие причини предлага истата да се затвори со службена белешка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлозите на Членот на Советот **м-р.Селим Адеми** по однос на неговите претставки ги стави на гласање.

По гласањето, Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека со 9 гласа "За" усвоени се предлозите на известителот по однос на претставките.

**7.**Потоа, Претседателот на Советот **Весна Дамева** даде збор на Членот на Советот **Павлина Црвенковска** да ги изнесе своите претставки.

Претставка **УПП.бр.08-318/2023**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе се работи за претставка на подносителот Александар Наумовски од Битола во која изразува незадоволство од донесена одлука на Управниот суд како и за начинот на постапување на Управниот суд. Прво е доставена Генерална преставка, а потоа е доставено и дополнување на истата. Незадоволни биле од дополнителната пресуда на Управниот суд. Видно од претставката се работи за жалбени наводи.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Членот на Советот **Павлина Црвенковска** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-370/2023**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе се работи за претставка против судија на Основен граѓански суд Скопје и според подносителот судијата свесно ја одолговлекувала постапката бидејќи донесувањето на одлуката било на 30.05.2023 година, а одлуката била дистрибуирана на 03.11.2023 година што е повеќе од 5 месеци и спротивно на законскиот рок. Наводите во претставката се за засторени суштествени повреди на постапката и погрешна примена на материјалното право. Овие наводи ќе бидат прфедмет на оценка на повисокиот суд. Видно од софтверската апликација "Контролник на судови" пресудата е донесена на 30.05.2023 година, а верфикувана на 30.10.2023 година. Побарана е изјава од

судијата. Таа вели дека претставката е заради незадовлство од донесената одлука и истата е по жалба во второстепениот суд.

Предлага претставката да биде основана и да се извести подносителот дека на судијата и престана функцијата судија во Основен граѓански суд Скопје.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** која наведе дека според неа преставката е основана и ќе мора да се извести подносителот за тоа.

Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** наведе дека со оглед на заклучокот на Советот спрема овој судија и ова треба да се проследи и да се испита, како информација.

Бидејќи друг не се јави за збор, Членот на Советот **Павлина Црвенковска** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-381/2023**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе се работи за претставка на подносителот Дарко Нацевски кој изразува незадоволство конкретно од судија на Основен граѓански суд Скопје кој е пензиониран на 28.12.2023 година од страна на Советот. Бидејќи се работи за претставка против судија кој е пензиониран, предлага истата да се затвори со службена белешка.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Членот на Советот **Павлина Црвенковска** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-29/2024**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе се работи за анонимна претставка. Се однесува за работа на судија од Основниот суд Неготино, паушална претставка за одредно лице во МВР, дека било земано мито, за кое нешто Советот не е надлежен и нема јавен интерес за да би одлучувало по анонимна претставка. Предлага истата да се затвори со службена белешка и претставката да се достави до МВР.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлозите на Членот на Советот **Павлина Црвенковска** по однос на нејзините претставки ги стави на гласање.

По гласањето, Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека со 10 гласа "За" усвоени се предлозите на известителот по однос на претставките.

**8.**Потоа, Претседателот на Советот **Весна Дамева** даде збор на Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** да ги изнесе своите претставки.

Претставка **УПП.бр.08-277/2023**. По однос на оваа претставка членот на Советот наведе се работи за претставка каде постапувањето е надвор од роковите. Претставката е препратена од Министерството за правда во 8 месец 2023 година. Се работи за многу сериозен проблем. Подносителите се 2 тужителки кои се стручни соработници во Основниот суд Охрид. Тужбата е од 2012 година и од тогаш не можат да бидат запишани согласно договорот за вработување во задолжителното пензиско осигурување. Како надлежен суд Основниот суд Струга донел одлука. Меѓутоа проблемот е што Апелациониот суд Битола ја приеиначил одлуката дека биле запишани, па потоа биле отпишани без да биде донесено решение. ВД Претседателот на Основниот суд Охрид во рок од 5 дена не бил упишан во Централен регистар и не потпишувал. Смета дека првостепените одлуки се правилни. По ревизија второстепената одлука е потврдена. Сега тужителките го бараат правото пред ЕСЧП и истиот констатира повреда по член 6 и затоа бараат повтрување на постапката. Сега второстепениот суд прави нова повреда. Кога стигнало барањето за повторување на постапка пред второстепениот суд, првостепениот суд го препратил барањето на второстепениот суд на одлучување, но истиот го враќа на ОС Струга. Сега Основниот суд Струга ги укинува одлуките на второстепениот и третостепениот суд нешто што е надвор од ЗПП. Наместо да одлучува Апелациониот суд Битола го враќа предлогот повторно на првостепениот суд со напатаствија да достави некој поднесок до тужениот кој поднесок е од 2013 година. Сето ова се случува 2022/23 година. Предметот сега е во Врховниот суд на РСМ.

Предлага претставката да биде основана.

Во овој момент Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека членовите на Советот **м-р.Селим Адеми** и **Мирсад Сурјои** мора кратко да отсуствуваат од седницата и истите ја напуштија.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** која наведе дека се согласува со тоа дека претставката е основана. Првостепениот суд правилно одлучил кога одржал рочиште и одлучил предлогот за повторување на постапката со сите списи да се достави до второстепениот суд бидејќи повторувањето се однесува за повторување на постапката пред второстепениот суд бидејќи неговата пресуда е неповолна за подносителите. Тука е направена повреда и оттука произлегува долгото траење на постапката. Овој предмет секако треба да се следи.

Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** наведе дека кога ќе се достави известување на подносиотелот да му се образложи дека Советот откако е добиена претставката преземал дејствија и моментално предметот е

во Врховниот суд на РСМ, па се чека да се добие предметот од судот. Исто така ќе се наведе дека и понатаму ќе се следи работата по предметот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Членот на Советот м-р.Тања Чачарова Илиевска продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-331/2023**. По однос на оваа претставка подносителот изразува незадоволство од прекршочен предмет на основниот суд Охрид. Тој е обвинет во постапката. Се повикува на тоа дека се соменава на пристрасноста во постапување на судијата бидејќи наведува дека сопругата на на оштетениот била судија во тој суд. Маѓутоа нема ниокакви докази доставено за поткрепа на наводите. Вториот дел од прествката е за процесни повреди на судијата бидејќи во неговото отсусутво бил сослушан оштетениот, иако наведува дека имал уредна покана, но не се јавил на истото. Исто така не биле прифатени неговите докази во постапката односно неговиот сведок не бил сослушан. Судот донел одлука, а наводите во претствката се и жалбени наводи па доклку биде поднсена жалба истите ќе бидат разгледани од второстепениот суд.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-392/2023**. По однос на оваа претставка подносителот укажува на повреда на материјалното право. Предметот е на основниот суд Кавадрци од мала вредност. Странки се порнашени брачни другари. Сопругот е задолжен да плаќа алиментација. Истиот не ја почитувал судската одлука, па затоа имало и кривична постапка со казнен налог. Подносителката вели дека иако бил казнет, Основниот суд Кавадарци носи нова одлука со која таа сега е задолежна да ги врати парите на име алиментација стекнати без основ. Не и јасно зошто дошло до тоа. Првостепената пресуда е јасна и образложена. Во тој период децата биле кај таткото, а подносителката таа била надвор од државата. Едно од децата и понатаму било кај таткото. Алиментација се дава на родител кај кого децата се на чување и издржување. Нема пропуст во одлуките.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-4/2024**. По однос на оваа претставка подносителот изразува незадоволство за постапка пред Основниот суд

Гостивар, за долгото траење на постапка. Се работи за предлог за физичка делба која започнала во 2021 година во Основниот суд Гостивар. Во врска со овој предмет била донссена одлука во 2022 година. Потоа била поднесена жалба. Предметот бил вратен на првостепенито суд на повторно постапување и одлучување. Мешутоа, бидејќи судијата бил делегиран во друг суд предметот бил даден во работ на друг судија. Закажано било рочиште за 22.02.2024 година. Во овој случај нема долго траење на постапката.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлозите на Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** по однос на нејзините претставки ги стави на гласање.

По гласањето, Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека со 7 гласа "За" усвоени се предлозите на известителот по однос на претставките.

**9.**Потоа, Претседателот на Советот **Весна Дамева** даде збор на Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** да ги изнесе своите претставки.

Претставка **УПП.бр.08-383/2023**. По однос на оваа претставка Заменик претседателот на Советот наведе се работи за претставка поднесена од адвокат против судија на Основен граѓански суд Скопје. Претстваката не била потпишана и кога е примена во Советот уште истиот ден е побарано да ја потпише подносителот, но истата не е потпишана до денот на одржување на оваа седница. Во постапката по предметот била поднесена жалба.

Се предлага претставката да се затвори со службена белешка бидејќи не е уредна.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** која наведе дека се согласува формално правно претставката да се затвори со службена белешка. Меѓутоа не може предлог за привремена мерка да се смета за повлечен заради неплатена судска такса бидејќи тоа се однесува за тужба и треба да се укаже за тоа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлогот на Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** по однос на неговата претставка го стави на гласање.

По гласањето, Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека со 8 гласа "За" усвоен е предлогот на известителот по однос на претставката.

**10.**Потоа, Претседателот на Советот **Весна Дамева** зема збор со цел да ги изнесе своите претставки.

Претставка **УПП.бр.08-335/2023**. По однос на оваа претставка Претседателот на Советот наведе дека истата е поднесена од Гаваз Мурат од Струга и истиот изразува незадоволство од донесени одлуки од Управниот суд, во смисла дека по барањето за времена мерка и градежни работи според него не била донесена одлука односно Управниот суд ја одбил како неосновано, а Вишиот управен суд ја одбил жалбата како неоснована. Изразува незадоволство и за главните работи. Незадовлство има и спрема одлуки на Основниот суд Струга ВПП2.бр.44/21 и Апелациониот суд Битола ГЖ.бр.1559/21. Првостепениот суд по предлогот за времена мерка се огласил за стварно ненадлежен и за надлежен суд бил определен Управниот суд, а ваквата одлука била потврдена од второстепениот суд. Управниот суд со решение У-3.бр.452/21 по предлогот за времен мерка се прогласил за стварно ненадлежен. Со решение го отфрлил предлогот заради неуредна тужба. Судот со писмо во рок од 3 дена побарал од тужителите да ја уредат тужбата односно предлогот за времена мерка, по што странките постапиле, но судот сметал дека недостатоците не биле отстранети. Од овие причини беше потребно да се направи увид во одлуките.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

За збор се јави **м-р.Тања Чачарова Илиевска** која истакна дека не се согласува со ваквиот предлог. Имено, видно од решението на Основниот суд Струга ВПП2.бр.44/21 кое е потврдено од страна на второстепениот суд. Со ова решение судот се огласил за стварно ненадалежен. Привремената мерка може да се поднесен пред поднесување на тужбата. Во случајот се работи за вознемирување на сопственост согласно ЗОСПО. Соседот на парцелата својата сопственост треба да ја врши на начин со кој нема да ја попречува сопственоста на околните парцели-имоти. Не може Основниот суд Струга да биде стварно ненадлежен, бидејќи по законот за сопственост не може да биде надлежен Управниот суд.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** која смета дека одлуките на Основниот суд Струга и Апелациониот суд Битола се правилни бидејќи без оглед на тоа што сопственичкото право е нарушено, се работи за издадена градежна дозвола, а за сето тоа е надлежен Управниот суд. Смета дека претставката е неоснована.

За збор се јави Членот на Советот **Лорета Горгиева** која истакна дека е Основниот суд Струга не погрешил и се работи за управен акт-градежна дозвола како и целокупната документација за што е надлежен Управниот суд.

Членот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека се согласува со ставовите на членовите **м-р.Антоанета Димовска** и **Лорета Горгиева.**

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** кој наведе дека по предлог за обезбедување кога е нарушеноi мирното владение месно и стварно надлежен е судот на чие подрачје се наоѓа стварта каде нарушено владение. Се работи за предлог за времена мерка што се дава засебно од тужбата. Судот е должен да постапи по предлогот. Направен бил превид. Основниот суд Струга не може да се огласи за стварно ненадлежен.

Членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** наведе дека како долгогодишен граѓански судија без оглед што странката тврди дека со градењето и се нарушува сопственичкото право и самата тврди дека тој гради во рамки на градежната парцела, па судот мора да води сметка за барањето на странката, а исто така и Управниот суд одлучува за времена мерка како и Основниот суд. Во конкретниот случај Управниот суд ја прифатил надлежноста.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** и побара издвоено мислење бидејќи смета дека претставката е основана. Наведува дека постапката е за редовното судство, а не за Управниот суд. Се работи за заштита на сопственоста, а друго прашање е конечниот управен акт, дали е правилно издаден или не.

Членот на Советот **Павлина Црвенковска** наведе дека одлуката на Основниот суд Струга е потврдена од повискиот суд. Со ваквата расправа Советот навлегува во мериторно одлулчување. Смета дека претставката е неоснована.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот **Весна Дамева** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-378/2023**. По однос на оваа претставка Претседателот на Советот наведе се работи за подносителот Ќани Рустеми од с.Норово, Крушево, а препратена од Канцеларијата на Претседателот на Владата на РСМ. Извршени се одредени извиди. Претставката се однесува на изразено незадоволство од постапување на Основниот суд Крушево по предметот К.ПОВ.бр.1/22 и постапување на Апелациониот суд Битола по предметот КЖ.308/23. Се работи за предлог за повторување на постапката. Според поднсителот не се ценел ниту еден доказ во предлогот. Еден од судиите во Апелациониот суд Битола требало да се иземе од постапување. Бара мислење од Судскиот совет на РСМ дали може да се поднесе приватна тужба против судија кој ги прекршил одредбите од ЗКП. Од изјавата на судиите од Основниот суд Крушево и Апелациониот суд Битола, Советот најде дека подносителот неколку пати поднесувал предлози за повторување на постапката со исти докази кои претходно ги изнел односно не се работи за нови докази кои се однесуваат на нови факти и од тие причини предлогот за повторување на постапката со решение бил отфрлен, а истото решение било потврдено од страна на Апелациониот суд Битола. По однос на наводите иземањето на судија од Апелациониот суд Битола, судијата навел дека истиот не учествувал во донесување на решението ниту во донесување на пресудата на Основниот суд Крушево, согласно член 33 став 1 точка 5 од ЗКП и член 452 став 3 од ЗКП.

Во овој момент седницата ја напушти Членот на Советот **Лорета Горгиева.**

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот **Весна Дамева** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-387/2023**. По однос на оваа претставка Претседателот на Советот наведе се работи за претставката поднесена од Драган Симески од Скопје како приватен тужител по предметот К.бр.350/23 на Основниот кривичен суд Скопје. Според него судијата создавала услови за застареност на предметот и судијата го нарушила прицнипот на непристрасност. Пресудата била донесена на 28.06.2023 година и после 5 месеци одлуката не била доставена до подносителот. Од страна на Советот беше побарана изјава од судот и Претседателот на судот извести дека предметот на 11.12.2023 година е доставен на второстепениот суд по жалба. Видно од софтверската апликација "Контролник на судови" по објавување на одлуката на 28.06.2023 година, истата била изготвена на 03.07.2023 година, жалба била поднесена на 21.07.2023 година, предметот бил примен во второстепениот суд на 12.12.2023 година и на 26.12.2023 година второстепениот суд донел одлука со која се преиначувва првостепнета пресуда и се одбива обвинението. Делото застарува на 07.02.2029 година.

Предлага претставката да се одбие како неоснована.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот **Весна Дамева** продолжи со наредната претставка.

Претставка **УПП.бр.08-398/2023**. По однос на оваа претставка Претседателот на Советот наведе дека се работи за подносители, двајцата од Куманово за незадоволство од постапувањето на Апелациониот суд Скопје по предметот ГЖ.бр.3077/22 бидејќи предметот е примен 29.09.2022 година и по него не се постапувало. Се работи за изречување на парична казна на должници за неспроведување на извршни дејствија. Од изјавата на судијата се утврди дека предметот и е даден во работа на 11.12.2023 година, а на 12.12.2023 година на нејавна седница било констатирано истиот треба да се врати административно во првостепениот суд заради извиди во однос на наводите во жалбата. Видно од софтверската апликација "Контролник на судови" предметот прво бил распореден кај еден судија, па кај друг судија и на крај кај трет судија на 25.04.2023 година, што е спротивно на изјавата на судијата односно датумите не се совпаѓаат. Советот треба да преземе мерки

судиите предметите да ги земаат навремено бидејќи по АКМИС се движат предметите, а стојат во писарница.

Според Претстедателот на Советот претставката е основана.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по наведената претставка.

Во овој момент во салата влезе Членот на Советот **Лорета Горгиева.**

За збор се јави Членот на Советот **Павлина Црвенковска** која наведе дека предметот е доставен во судот на 29.09.2022 година, а од интерната книга е видно дека предметот е даден на судијата на 11.12.2023 година, што многу голем период.

Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** наведе дека граѓанинот има право да бара судот да постапува, а во конкретиот случај поминат е подолг временски период.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот **Весна Дамева** своите предлози за претставките ги стави на гласање.

За претставката **УПП.бр.08-335/2023** бидејќи има издвоено мислење, се гласа поединечно и се констатира дека за истата е гласано со 6 "За" и 2 "Против" предлогот на известителот.

По гласањето, Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека со 8 гласа "За" усвоен е предлогот на известителот по однос на останатите претставки.

Точка 17
(Разно)

Претседателот на Советот **Весна Дамева** укажа дека е потребно да се направи промена во комисиите каде Претседател или член на комисијата е Мери Радевска бидејќи нејзе и престана мандатот Член на Советот поради исполнување на услови за старосна пензија. Се работи за постапки по објавени огласи за избор на судии, комисии по барања за утврдување одговорност и сл. Тоа се 2 одлуки по постапки за избор на судии и 2 комисии по поднесени барања за утврдување одговорност за судија каде јавноста треба да биде исклучена. Кога ќе се ждребува за комисија за проверка на исполнетост на услови и критериуми за избор на судии и претседатели на судови и тоа за: Виш управен суд, Основен суд Берово, Основен суд Делчево, Основен суд Крушево и 2 судии на Апелационен суд Гостивар јавноста може да бид присутна. Во другите случаи јавноста мора да би исклучена.

Се констатира дека на седницата повторно се присутни Членовите на Советот **м-р.Селим Адеми** и **Мирсад Сурој.**

1.По однос на одлуката за формирана комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на судии и претседатели на

судови и тоа за: Виш управен суд, Основен суд Берово, Основен суд Делчево и Основен суд Крушево, заведена под бр.09-143/1 од 12.01.2024 година, која што беше во состав: м-р.Селим Адеми-Претседател на комисија, Ханиф Зендели и Мери Радевска-членови, се предлага на местото на Членот на Советот Мери Радевска да се избере нов член на Комисијата.

По извршеното ждребање за член на комисијата на местото на поранешниот Член на Советот **Мери Радевска** се избира Членот на Советот **Сашко Георгиев.**

2.По однос на одлуката за формирана комисија за рангирање на кандидати за избор на судија во повисок суд и тоа за оглас за избор 2 судии во Апелационен суд Гостивар-граѓанска област, заведена под бр.09-2473/1 од 12.12.2023 година, која што беше во состав: Мери Радевска-Претседател на комисија, Лорета Горгиева и Весна Дамева-членови, која претходно со одлука е заменета, се предлага на местото на Членот на Советот Мери Радевска да се избере нов член на Комисијата.

По извршеното ждребање за претседател на комисијата на местото на поранешниот Член на Советот **Мери Радевска** се избира Членот на Советот **Ханиф Зендели** и е донесена следната

Бидејќи треба да се изврши замена во две комисии по донесени одлуки по поднесени барања за утврдување на договорност на местото на поранешниот член на Советот **Мери Радевска,** согласно 39 став 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ јавноста треба да биде исклучена.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлогот за исклучување на јавноста го стави на гласање.

По извршеното гласање, со 9 гласа "За" и ниту еден "Против" се донесе **одлука за исклучување на јавноста.**

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека под точка разно има материјали - допис од Основен кривичен суд насловен како барање, меѓутоа од содржината произлегува дека е само известување. Претседателот на Советот **Весна Дамева** истакна дека нема потреба од донесување на одлука и истото е разгледано од присутните.

Со оглед на тоа дека Дневниот ред е исцрпен, Претседателот на Советот **Весна Дамева** ја заклучи седницата.

Седницата заврши во 12:50 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис и листингот со резултати од гласањето се составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Весна Дамева**

Изработиле: Јулијана Георгиевска
Емилија Николиќ и
Владимир Станковиќ
Одобрил: Весна Толева